# СТРАНСКИОТ КАПИТАЛ ВО ФУНКЦИЈА НА ТЕХНОЛОШКИОТ РАЗВОЈ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## РЕФЕРАТИ И ДИСКУСИИ ОД НАУЧЕН СОБИР

***Издавачи:***
*Здружение за одржлив развој*
*Скопје, ул. „Владимир Комаров“ бр. 18А 1/22*

*Фондација „Фридрих Еберт“ – Канцеларија Скопје*
*Скопје, бул. „Партизански одреди“ 89*

***За издавачите:***
*проф. д-р Александар Петроски*
*Милинка Трајковска*

***Уредник:***
*д-р Борис Блажевски*

***Лектура:***
*Ангела Петровска*

***Компјутерска обработка и корица:***
*Фонче Божиновски*

***Реализација:***
*„Влабор“ - ДООЕЛ Скопје*

***Печат:***
*„Марида“ Куманово*

***Тираж:*** *500 примероци*

CIP – Каталогизација во публикација
Народна и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“,
Скопје

**330.341.1:339.727.22(497.7)(063)**
**339.727.22(497.7)(063)**

**СТРАНСКИОТ капитал во функција на технолошкиот развој на Република Македонија:** / реферати и дискусии од научен собир, Скопје, 20 март 2003 година / (уредник Борис Блажевски), - Скопје: Здружение за одржлив развој: Фондација „Фридрих Еберт“ - Канцеларија Скопје, 2003, - 230 стр.; 24 см

ISBN 9989-2019-2-7 (ЗОР)
ISBN 9989-109-07-9 (Фридрих Еберт))

1. Блажевски, Борис
а) Технолошки развој - Странски капитал - Македонија -Собири
б) Странски капитал - Македонија -Собири
COBISS.MK - ID 52854026

ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ - СКОПЈЕ
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
ФОНДАЦИЈА „ФРИДРИХ ЕБЕРТ“ – КАНЦЕЛАРИЈА СКОПЈЕ
ГТЗ - ПРОЕКТ ЗА ТРАНСФЕР НА ТЕХНОЛОГИЈА
МАКЕДОНСКО – ГЕРМАНСКО СТОПАНСКО ЗДРУЖЕНИЕ

# СТРАНСКИОТ КАПИТАЛ ВО ФУНКЦИЈА НА ТЕХНОЛОШКИОТ РАЗВОЈ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**РЕФЕРАТИ И ДИСКУСИИ ОД НАУЧЕН СОБИР**

**Скопје, 20 март 2003 година**

# СОДРЖИНА

**ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ** ........ 9

*Д-р Борис Блажевски*

**ОТВОРАЊЕ НА НАУЧНИОТ СОБИР** ........ 11

*Ѓорѓи Петрушев*

**ОБРАЌАЊЕ НА НАУЧНИОТ СОБИР** ........ 13

**РЕФЕРАТИ** ........ 17

*Д-р Борис Блажевски*

**СТРАНСКИОТ КАПИТАЛ ВО ФУНКЦИЈА НА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ТЕХНОЛОШКИТЕ ПРОЦЕСИ И ПОДДРШКА НА РАЗВОЈ** ........ 19

*Проф. д-р. Златка Поповска*

**НАСОКИ НА ТЕХНОЛОШКАТА ПОЛИТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** ........ 37

*Д-р Соња Андонова*

**ТРАНСФЕР НА ТЕХНОЛОГИЈА И УЛОГА НА ЦЕНТРИТЕ ВО РЕАЛИЗАЦИЈА НА УСПЕШЕН ТРАНСФЕР** ........ 55

*Д-р Александар Петроски*

**ИСТРАЖУВАЧКО-РАЗВОЈНАТА ДЕЈНОСТ - НОСИТЕЛ НА ТЕХНОЛОШКИОТ РАЗВОЈ** ........ 73

*Д-р Марија Зарезанкова-Потевска*

**ТЕХНОЛОШКИОТ РАЗВОЈ НА МАЛИТЕ И СРЕДНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА СО УНАПРЕДУВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА СО СТРАНСКИ ПАРТНЕРИ** ........ 85

**Борис Чаловски**

**СТРАНСКИТЕ ДИРЕКТНИ ИНВЕСТИЦИИ И ТЕХНОЛОШКИОТ РАЗВОЈ** .......... 103

*М-р Љерка Тот - Наумова*

**ИНВЕСТИЦИИТЕ КАКО ФАКТОР ЗА ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА АД ОХИС** .......... 113

*М-р Виолета Мацова*

**ПРОГРАМСКИ ПРИСТАП ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СТРАНСКИ КАПИТАЛ ЗА ПОДДРШКА НА ТЕХНОЛОШКИОТ РАЗВОЈ** .......... 133

**ДИСКУСИИ** .......... 147

*Проф. д-р Шабан Шеху*

**НЕКОИ СОЦИОЛОШКИ АСПЕКТИ НА СТРАНСКИОТ КАПИТАЛ ВО ФУНКЦИЈА НА ТЕХНОЛОШКИОТ РАЗВОЈ** .......... 145

*Михајло Манев*

**СТРАНСКИТЕ ВЛОЖУВАЊА И СТРАТЕШКИОТ ИНВЕСТИТОР-ЗНАЧАЈНИ ФАКТОРИ ЗА ТЕХНИЧКО-ТЕХНОЛОШКИОТ РАЗВОЈ И ПОДОБРУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА НА ДОМАШНИТЕ КОМПАНИИ** .......... 149

*Антонио Ефремов*

**ЦЕНТРИ ЗА ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ** .......... 151

*Д-р Марија Зарезанкова-Потевска*

**ТЕХНОЛОШКИОТ МЕНАЏМЕНТ И МАРКЕТИНГ ВО ФУНКЦИЈА НА РАЗВОЈ** .......... 154

*Владимир Павлески*

**ИЗВОРИ НА ФИНАСИРАЊЕ НА ТЕХНОЛОШКИОТ РАЗВОЈ И МЕСТОТО НА ТЕХНОЛОГИЈАТА** .......... 160

*Проф. д-р Борис Анакиев*

**ЗА ИНВЕСТИЦИИТЕ ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО** .......... 167

*Борис Чаловски*

**ОСВРТ НА СПРОВЕДЕНАТА АНКЕТА** .......... 170

*Д-р Братислав Милошевиќ*

**СТРАНСКИТЕ ИНВЕСТИЦИИ - ПОВОЛЕН МЕХАНИЗАМ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕХНОЛОШКИОТ РАЗВОЈ** .......... 174

*М-р Сеадин Џафери*

**СТРАНСКИОТ КАПИТАЛ КАКО ФАКТОР ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПРОИЗВОДСТВОТО И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ТЕХНОЛОШКИОТ РАЗВОЈ** .......... 177

*Живко Поповски*

**ТЕХНИЧКО - ТЕХНОЛОШКИОТ РАЗВОЈ ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО - ШАНСА ЗА ПЛАСМАН НА МАКЕДОНСКИТЕ ПРОИЗВОДИ НА СВЕТСКИОТ ПАЗАР ..... 180**

*Бладимир Блажевски*

**СТРАНСКИ ДИРЕКТНИ ИНВЕСТИЦИИ И НИВНОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ТЕХНОШКИОТ РАЗВОЈ ВО ЗЕМЈИТЕ ВО ТРАНЗИЦИЈА ..... 183**

*Проф. д-р Кики Мангова Поњавиќ*

**СОЗДАВАЊЕ НА УСЛОВИ ЗА ВГРАДУВАЊЕ НА СТАДАРДИТЕ ЗА КВАЛИТЕТ ..... 189**

*Ѓуро Лака*

**ПОДДРШКА НА ПРИВАТНИТЕ ФИРМИ ..... 191**

*Андон Чобанов*

**КРАТОК ОСВРТ НА ТЕХНОЛОШКИОТ РАЗВОЈ НА АД „МЛЕКАРА“ БИТОЛА ..... 193**

*Борис Блажевски*

**ПРЕДЛОЗИ ЗА ЗАКЛУЧНИТЕ СОГЛЕДУВАЊА ВРЗ ОСНОВА НА ДИСКУСИЈАТА ..... 197**

**ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ ..... 201**

**SUMMARY ..... 205**

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА ..... 209**

**КРАТЕНКИ ..... 213**

**ИНФОРМАЦИИ ОД ЗОР ..... 215**

## ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ

Здружението за одржлив развој-Скопје во соработка со Министерството за економија, Фондацијата „Фридрих Еберт"-Канцеларија Скопје, ГТЗ-Проект за трансфер на технологија и Македонско-германското стопанско здружение организираше научен собир на тема „Странскиот капитал во функција на технолошкиот развој на Република Македонија". Научниот собир се одржа во Скопје во салата на Министерството за економија на 20 март 2003 година.

Прашањата поврзани со странскиот капитал и технолошкиот развој се актуелни и значајни за македонската економија што впрочем го потврдува релативно големиот број на соорганизатори на научниот собир, присуството на учесници од бизнис заедницата, остварените дискусии, особено од претставници на оделни претпријатија, како и пројавениот интерес на медиумите.

За научниот собир беа изготбвени осум реферати од универзитетски професори, експерти од надлежните министерства, домашни и меѓународни институции и од бизнис заедницата. Рефератите беа умножени и доставени до учесниците на научниот собир.

На научниот собир, по отворањето, се обрати г-дин Ѓорѓи Петрушев, државен секретар во Министерството за економија, а потоа беа презентирани резимеата на изготвените реферати, се оствари дискусија во која учествуваа петнаесетина дискутанти и на крајот се усвоија заклучоци и препораки. Овие заклучоци и препораки, кои едногласно беа прифатени од учесниците на научниот собир, беа доставени до надлежните министерства и асоцијациите на бизнис заедницата.

Овој материјал претставува зборник на рефератите и дискусијата од научниот собир. При ова почитувајќи го правото и слободата на учесниците на научниот собир да ги излагаат своите погледи и ставови на начин

за кој тие сметаат дека е адекватен се одлучивме сите реферати и дискусии да се објават во форма како се презентирани, односно напишани од авторите. Оттаму рефератите и дискусиите не мора да ги изразуват ставовите на институциите каде се вработени авторите.

Очекуваме овој зборник да даде скромен придонес кон интензивирање на активностите неопходни за интензивирање на процесот на технолошки развој на Република Македонија. При ова тежиштето на активностите, како е нагласено во заклучните согледувања и препораки, треба да се даде на што поскоро донесување на стратегијата за технилошки развој на земјата и прават напори за нејзина операционализација и иплементација во националната економија. Ако кон ова се даде скромен придонес сметаме дека научниот собир ќе го оправда одржувањето, односно печатењето на рефератите и дискусиите во овој зборник.

На крајот Здружението за одржлив, покрај на соорганизаторите на научНиот собир, изразува балгодарност и кон Друштвото за издавачка дејност „Влабор“ од Скопје кое го потпомогна печатењето на зборникот.

***Скопје, мај 2003 год.***

***Од уредникот***

*Д-р Борис Блажевски*
*Координатор на научниот собир*

## ОТВОРАЊЕ НА НАУЧНИОТ СОБИР

*Дами и господа,*

*почитувани колешки и колеги,*

Дозволете ми, од името на Здружението за одржлив развој, Министерството за економија, Фондацијата „Фридрих Еберт"-Канцеларија Скопје, ГТЗ-Проект за трансфер на технологија и Македонско -германското стопанско здружение да го отворам научниот собир на тема „Странскиот капитал во функција на технолошкиот развој на Република Македонија „.

На овој научен собир ќе размениме мислења за едно, без сомнение, најзначајно прашање за развојот на националната економија.Темата е особено актуелна поради се поголемото заостанување на технолошкиот развој и неговото лимитирачко влијание за поуспешно интегрирање на националната економија во светските финансиски и трговски текови. Со оглед на значењето со макроекономската политика беше предвидено во 2002 година да се донесе Национална стратегија за технолошкиот развој на Република Македонија. Донесувањето на стратегијата е помесено за 2003 година.

Овој научен собир има за цел да ги поттикне активностите сврзани со изготвувањето на стратегијата и со предложените насоки за технолошкиот развој да даде скромен придонес во дефинитивното уредување на Националната стратегија за технолошки развој, како и во напорите за нејзината операционализација. Ако во оваа насока научниот собир даде придонес ќе го оправда неговото одржување.

Со оглед на сложеноста на прашањата поврзани со технолошкиот развој за овој научен собир се извршени согледувања за неколку клучни

домени кои се елаборирани во осум реферати изготвени од универзитетски професори, експерти од надлежните министерства, од домашни и меѓународни институции и од деловниите субјекти.

Работата на научниот собир ќе се остварува согласно програмата која предходно ви ја доставивме. По отворањето ќе го ислушаме обраќањето на г-дин Ѓорѓи Петрушев, државен секретар во Министерството за економија, а потоа ќе следат резимеата на осумте референти. По ова ќе имаме кафе пауза, а потоа на ред ќе бидат вашите дискусии. Нив ќе можете да ги најавите за време на паузата со ливче на кое ќе биде напишано вашето име, организацијата каде сте вработени и темата за која ќе зборувате.

Исто така, за дискусија ќе може да се јавите и за време на самата дискусија. По завршуваето на дискусиите ќе усвоиме заклучоци и препораки од научниот собир.

Овие заклучни согледувања и препораки, кои ќе ги усвоиме, предлагам да ги доставивме до надлежните министерства и асоцијации на бизнисот со цел да ги поттикнеме активностите за порационално користење на странскиот капитал во функција на унапредување на технолошките процеси и развојот.

Рефератите и дискусиите од научниот собор предвидуваме да ги објавиме во посебен зборник. Поради ова, молам сите дискутанти во рок од десетина дена своите дискусии во електронска форма да ги предадат на Здружението за одржлив развој. Оние колешки и колеги кои денес не ќе бидат во можност да дискутираат своите дискусии можат да ги предадат и тие, исто така, ќе бидат објавени во зборникот.

Во оваа прилика сакам да нагласам дека мислењата содржани во рефератите и тие што ќе бидат изнесени во дискусиите се на авторите и не мора во целост да претставуваат ставови на институциите во кои се вработени. Ова ќе биде нагласено и во зборникот.

На крајот од ова обраќање, дозволете ми да се заблагодарам на Министерството за економија за поддршката за одржување на ова овој научен собир, со желба оваа соработка да продолжи и да се збогатува со нови форми на заедничка активност. Исто така, сакам да се заблагодарам за финансиската поддршка на Фондацијата „Фридрих Еберт“-Канцеларија Скопје, ГТЗ Проект за трансфер на технологија и на Македонско- германското стопанско здружение.

Подготвувањето на зборникот за печат и печатењето ќе го спонзорира Друштвото за издавачка дејност „Влабор“ од Скопје, за што во оваа прилика му изразувам благодарност.

Со овие напомени го завршувам моето обраќање и можеме да почнеме со работа според програмата.

*Ѓорѓи Петрушев,*
*државен секретар во Министерството за економија*

## ОБРАЌАЊЕ НА НАУЧНИОТ СОБИР

***Почитувани дами и господа,***

Најнапред, дозволети ми од името на Министерството за економија и од мое лично име да ве поздравам и посакам успешна работа.

Министерството за економија со задоволство ја прифати поканата на Здружението за одржлив развој да биде соорганизатор на научниов собир. Ова поради тоа што технолошкиот развој и неговото унапредување се многу значајни прашања за македонската економија и една од основните преокупации на Министерството за економија.

Унапредувањето на технолошкиот развој е од императивно значење за производствено преструктуирање на производството, неговиот раст и развој ориентираниста кон странските пазари, зголемување на конкурентноста на производите и услугите, а со тоа обезбедување на континуиран растеж на бруто домашниот производ.

Во унапредувањето на технолошките процеси примарно место имаат следењето и примената на современи технологи преку изградба на технолошки политики за сопствен развој, унапредувањето на соработка со странските институции за технолошки развој, а државата со својата нова улога на „невидливост“ треба да созвава услови за функционирање на тој технолошкиот развој.

Согледувањата покажуваат дека во Република Македонија во унапредувањето на технолошките процеси во изминатиот период од транзи-

циониот период многу бавно чекореше напред односно неорганизирано и интуитивно без потребната стратегија во овој правец.

Поради ова најголем дел од производството се остварува со примена на застарени технолошки решенија. Ова условува забавен растеж на производството и извозот, на БДП и на економскиот развој на националната економија.

Унапредувањето на технолошките процеси е коплексно прашање и бара засилени активности на надлежните министерства инволвирани во развојот на ресурсите: човечкиот капитал, развој и користење на домашното и увозното знаење, на водењето на активната технолошка политика, развој на бизнис климата и инвестирањето во инфраструктурата.

Со макроекономсакта политика за 2003 година се предвидува заокружување на економските процеси на трансформација и решавање на загубарите, со што повеќе производни капацитети ке бидат вратени во производна функција и ќе ги подобрат еконокските резултати но истовремено ќе бараат нови инвестиции, подобрување на технологиите и стандардите, како и подобрување на вработеноста како многу горливо прашање.

Сврзано со ова во 2003 година се предвивува дека ќе се создаде амбиент и услови за растеж на инвестициите од 20%. Ваквиот растеж на инвестициите се предвидува да се остварува со намалување на давачките на деловните субјекти спрема државата, зголемување на домашното штедење, вклучувајќи го и штедењето на државата, намалување на каматите на домашните кредити, како и со користрење на странски капитал по основ на среднорочни и долгорочни кредити, директни инвестиции и други основи.

Со растежот на инвестициите и нивна насоченост во реалниот сектор се очекува трансфер на нови чисти технологии и развој на менаџерските способности на бизнисмените, поддршка на претприемаштвото и создавање конкуретност на малите и средните претпријатија, остварување на ново производство, модернизација, заокружување на технолошките процеси и отстранување на тесните грла пред се во преработувачката индустрија.

Во оваа насока значајни резултати се очекува со реализација на ***Програмата на мерки и активности за поддршка на претприемаштвото и создавање на конкуретност на малите и средните претпријатија*** која Министерството за економија ја изготви во декември 2002 година, а нејзината опреационализација и реализација се остварува во 2003 и наредните години.

Во оваа програма нагласено место е дадено на поддршката на инвестициите и технолошкиот развој, како и на иновациите. Имено, со мерките на економската политика претприемачите ќе се поттикниваат да вложуваат во проекти наменети за стекнување на нови знаења, потребни за постигну-

вање на целите на технолошкиот развој. Основен предуслов за такви инвестиции е располагање со физибилити студии со цел утврдување на финансиската и економската оправданост на технолошките подобрувања.

Формирањето на истражувачки центри, ќе биде во функција на отстранувањата на практичните пречки и проблеми во тековните технолошки процеси,. Истовремено, преку разни мерки ќе се стимулираат програми насочени кон инвестирање во нови технологии, односно подигање на техничко технолошко ниво на малите и средните претпријатија-насочување на депозитите на јавните претпријатија во банките што ќе кредитираат инвестиции во нови технологии, државни гаранции за странски кредитни линии наменети за инвестирање во нови технологии и слично.

Се предвидува да се помага формирање на истражувачки центри и центри за трансфер на технологии и иновации кои тесно ќе соработка со реномирани странски научни институции и технолошки развиени корпорации и ќе се стимулира нивното партнерство.

За унапредување на технолошките процеси значајно влијание ќе има инвестциите во приватниот сектор преку директни странски инвестиции. За оваа цел во Макроекономската политика за 2003 година се предвидува доследно остварување на определбите за национален третман на странските инвеститори, владеење на правото и целосна заштита на правото на сопственост на странските инвеститори, стабилна и конзистетна регулатива, односно економски амбиент за делување, со зголемени олеснувања за нови инвестиции, адекватно и транспарентно фунционирање на сите институции на системот и слично.

Со оглед на сложените прашања и потребниот коплексен пристап во настојувањата да се унапредат технолошките процеси, во рамките на ***ГТЗ Проектот за трансвер на технологија*** изготвена е посебна национална програма ***„Основи на политиката на технолошкиот развој во Република Македонија“*** од локални и германски експерти, која треба да даде одговор на прашањето за ефикасен технолошки трансфер во нашата земја, според постојните состојби и потреби на стопанството, потребната институционална рамка што треба да се создаде заради комуницирање со светот, државната помош за создавање на основни предуслови за функционирање на проектот до негово осамостојување, како пракса во светот.

Во врска со очекуваното усвојувањето на овој документ- стратегија од страна на Владата на Република Македонија во првата половина од 2003 година, формиран е работен тим од надлежни министерства кои ќе придонесат преку координирани активности во донесувањето на правите решенија за овој проект, како и во отпочнувањето на неговото функционитање.

Во градењето на стратегија за унапредување на технолошките процеси придонес секако ќе даде и овој научен собир. Изготвените реферати од универзитетски професори, стручни лица од надлежните министерства и други институции, а препоставувам и дискусијата даваат доволно информации за заклучоци и препораки за идните активности во овој домен. Заклучоците и препораките кои ќе ги усвоите на крајот од денешната расправа се надевам дека корисно ќе послужат при дефинитивното оформувањето на Националната стратегија за технолошки развој, а особено во нејзината операционализација.

Уште еднаш ве поздравувам и ви посакувам успешна работа.

***Благодарам.***

# РЕФЕРАТИ

**Д-р Борис Блажевски**
**Министерство за финансии**

# СТРАНСКИОТ КАПИТАЛ ВО ФУНКЦИЈА НА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ТЕХНОЛОШКИТЕ ПРОЦЕСИ И ПОДДРШКА НА РАЗВОЈ

Меѓународното движење на капитал претставува доминантна форма на економските односи во рамките на глобализацијата на светската економија. Тој достигна размери кои даваат белег на развојот не само на одделни региони и земји туку и на репродукцијата на светската економија.

Користењето на странскиот капитал е од посебно значење за развојот на националните економии. Земјите во развој со користење на странски капитал ја зголемуваат акумулацијата и стапката на инвестирање, односно создаваат услови за поинтензивен економски растеж. За земјите во транзиција странскиот капитал е неопходен за успешно остварување на реформите и премин кон отворена економија, надминување на наследените долгорочни проблеми, за создавање на услови за стабилен и континуиран растеж на бруто домашниот производ, како и за интегрирање во светската економија.

Користењето на странскиот капитал треба да се остварува врз програмски основи и во функција на преструктуирање на производството и поддршка, пред сè, на извозот. Во спротивно, ако се доведе во прашање подмирувањето на обврските по користените странски кредити и заеми и усложнат проблемите во економијата, тоа може лимитирачки да влијае

врз неопходните структурни промени на производството и натамошните движења на токовите во националната економија.

Република Македонија како мала земја со ниско ниво на развиеност, лимитирани внатрешни можности за остварување на потребниот обем на средства за инвестиции, природно е упатена на користење странски капитал. Користењето на дополнителната акумулација е од значење за поддршка на платниот биланс и реформите, за излез од економската криза, за напуштање на зоната на дезинвестирање и за проширување на репродукцијата, како и за преструктирање на производството и врз таа основа за создавање услови за остварување траен и одржлив економски растеж и развој.

Истражувањата сврзани со среднорочниот и долгорочниот развој на Република Македонија покажуваат дека националната економија уште долго ќе зависи од користење на странски капитал и инвестиции. Користењето на странскиот капитал ќе придонесува за поуспешно остварување на процесот на транзиција кој би требало да доведе до пораст на вкупната економска ефикасност и до премин кон одржлив растеж. Ова ќе се остварува со ревитализација и преструктуирање на производството, со освојување на производи со повисоки фази на преработка, подигање на техничко-технолошкото ниво на производствените процеси, зголемена ефикасност на стопанисувањето што ќе овозможи бруто домашниот производ да остварува растеж и македонската економија да се интегрира во европските и светските текови.

Странскиот капитал треба да биде во фунција на извозното преструктуиурање на производството и динамизирање на бруто домашниот производ. Во спротивно тој може да предизвика изострување на проблемите во националната економија и забавување на динамиката на растеж на БДП.

## 1. Користењето на странскиот капитал во изминатиот транзиционен период

Република Македонија во изминатиот период од транзицијата имаше потреба од користење на поголем обем на странски капитал. Ова поради сервисирање на достасаните обврски по порано користените кредити и заеми, како и поради потребата од финансиски средства за остварување на реформите и за заживување на инвестициите со цел надминување на економската криза и создавање услови за растеж на БДП. Меѓутоа, можности за користење на странски капитал се создадоа по регулирање на односите со Светската банка во 1994 година и Парискиот и Лондонскиот клуб во 1996, односно 1997 година.

Врз овие основи се создадоа услови за поголемо користење на среднорочни и долгорочни странски кредити и заеми. По релативно високиот обем на користење на среднорочни и долгорочни кредити и заеми во 1998 година, во наредните години дојде до намалување на овие средства поради проблемите на националната економија, како и политичко-безбедносните состојби во регионот и земјата.

За разлика од кредитите Република Македонија, почувајќи од 1998 година, користи се позначаен обем на странски директни инвестиции.

*Табела 1*

**КОРИСТЕНИ КРЕДИТИ И СТРАНСКИ ДИРЕКТНИ ИНВЕСТИЦИИ**

*- во милиони долари*

| Година | Кредити и заеми | СДИ |
|---|---|---|
| 1994 | 101,4 | 24,0 |
| 1995 | 131,7 | 9,5 |
| 1996 | 126,6 | 11,2 |
| 1997 | 180,6 | 15,7 |
| 1998 | 263,3 | 117,7 |
| 1999 | 189,4 | 32,1 |
| 2000 | 145,7 | 175,4 |
| 2001 | 119,2 | 443,2 |
| 2002 | 162,4 | 96,0 |

*Извор: Документација на НБРМ и Државниот завод за статистика (за 2002 претходни податоци, односно оценки)*

*Графикон 1*

**КОРИСТЕНИ КРЕДИТИ И СТРАНСКИТЕ ДИРЕКТНИ ИНВЕСТИЦИИ**




*Извор: Извор: Види табела 1*

Најголем дел од странските кредити и заеми се насочени за отплата на обврските по порано користените кредити и заеми, за остварување на реформите, за изградба на инфраструктурни објекти, а во помал дел за поддршка на производството.

СДИ во периодот до 1997 година се остваруваа на многу ниско ниво, а во 2001 година оствариja најголем обем како резултат на продажбата на Македонски телекумуникации. Најголем дел од приливот на средства по основ на СДИ се вложени во инфраструктурни дејности, а помал дел за преструктуирање на производството наменето за извоз.

Станските кредити и СДИ придонесуваат за остварување на инвестициите. Имено, според некои проценки, учеството на странскиот капитал во изворите на средства за инвестиции во националната економија се движи околу 40%. Меѓутоа, поради малото учеството на домашните средства во финансиската конструкција на проектите, вкупните инвестициите во националната економија се одржуваат на ниско ниво.

*Табела 2*

**УЧЕСТВО НА ИНВЕСТИЦИИТЕ ВО ОСНОВНИ ФОНДОВИ И НА ОПРЕМАТА ВО БДП**

*- во %*

| Година | Учество на инвестициите во БДП | Учество на опремата во БДП |
|---|---|---|
| 1994 | 15,3 | |
| 1995 | 16,5 | 6,2 |
| 1996 | 17,4 | 6,8 |
| 1997 | 17,3 | 7,0 |
| 1998 | 17,5 | 7,5 |
| 1999 | 16,6 | 7,2 |
| 2000 | 16,2 | 7,7 |
| 2001 | 14,0 | 6,6 |
| 2002 | 15,6 | 7,3 |

*Извор: Пресметано врз основа на документација на Државниот завод за статистика, а за 2001 и 2002 година за инвестициите во основни средства оцена.*

Ако се има предвид дека учеството на амортизацијата во БДП се движи од 14 до 15%, тогаш произлегува дека инвестициите се остваруваат околу нивото на простата репродукција, а во одделни години и стопански дејности, особено во индустријата и во зоната на дезинвестирање .[1)]

Во структурата на вкупните инвестиции што се остваруваат во националната економија доминатно е учеството на градежните објекти. Учеството на градежите објекти во вкупните основни средства по техничка структура во периодот од 1996 до 2000 година изнесува околу 55%. Гледано, пак, спрема намената на вложувањата доминатно е учеството на енергетиката, градежништвото и сообраќајот. Овие дејности во вкупните инвестиции во 2000 година учествуваат околу две третини.

Во машините и опремата, пак, високо е учеството на патничките автомобили, камионите и автобусите како и опремата за телекумуникациите. На овие намени во 2000 година отпаѓаат околу 40% од опремата која е пресметана во вкупните нивестиции во основни средства во националната економија. Во рамките, пак, гледано по намена најголем дел отпаѓа на градежништвото, енергијата и сообраќајот. На овие дејности отпаѓаат околу две третини од вкупната увозна опрема вградена во инвестициите на националната економија во 2000 година.

Ниското ниво на инвестициите, како и нивната неповолна структура, не придонесе за отпочнување на процесот на преструктуирање на македонската економија.

Ова се илустрира со стагнацијата и намалувањето на извозот, недоволно користење на производствените капацитети и одржувањето на производството на ниско ниво.

Имено, учеството на извозот во БДП и во услови на стагнација и намалување на производството се одржува на ниско ниво и не претставува пропулзивен фактор на развојот. Покрај ниското ниво, извозната структура се карактеризира со голема застапеност на лон работите, а потоа на суровините и репроматеријалите што укажува на непропулзивни извозни текови. Ниското ниво на извозот и анемичната извозна структура неповолно се одразува на растежот на производството и ги лимитира можнос-

---

1) Според податоците за 2000 година инвестициите во земјоделството и преработувачката индустрија се во зона на дезинвестирање. Имено во 2000 година амортизацијата во додадената вредност во индустријата учествува со 18,4%, во преработувачката индустрија со 12,6%, а во земјоделството со 9,4%. Учеството на инвестициите во БДП се остварува во индустријата на ниво од 16,6%, во преработувачката индустрија 12,5%, а во земјоделството 7,6%. *(Извор: Пресметано врз податоците од Државниот завод за статистика, Инвестициите во основни средства во Република Македонија, 2000 година, Скопје, 2002 год.)*

тите за поголемо користење на нови кредити и заеми, како и за влез на СДИ.

Степенот на задолженоста, изразен во учеството на отплатитите по користените странски кредити и заеми во извозот, покажува тенденција на пораст и во 2002 година поприми релативно висок процент.

*Табела 3*

**УЧЕСТВО НА ИЗВОЗОТ НА СТОКИ ВО БДП И НА ОТПЛАТИТЕ ВО ИЗВОЗОТ**

| Година | учество на извозот во БДП | Учество на отплатите во извозот |
|---|---|---|
| 1997 | 35,8 | 10,1 |
| 1998 | 36,6 | 10,9 |
| 1999 | 31,9 | 13,0 |
| 2000 | 33,8 | 13,5 |
| 2001 | 31,0 | 17,4 |
| 2002 | 29,6 | 20,3 |

*Извор: Пресметано врз Документацијата на Државниот завод за статистика и Народната банка на Република Македонија.*

Движењето на инвестициите во рамките на простата репродукција и намалувањето на извозот не придонесоа за отпочување на процес на структуирни промени во производството согласно барањата на странските пазари. Во економијата преовладуваат амортизирани основни средства, ниско користење на инсталираните капацитети, примена на застарени технолошки процеси, недоволна извозна ориентираност, висока увозна зависност, недовона застапеност на производи со повисоки фази на преработка, неконкурентност на производството, традиционалност (несовременост).

Во сруктурата на БДП во изминатиот период од транзицијата намалено е учеството на индустријата, а во тие рамки особено на пропулзивните гранки. За разлика од ова зголемено е учеството на услугите, но во секторот на државната управа, здравството и образованието.

*Табела 4*

**СТРУКТУРА НА БДП**

*- во проценти*

| | 1990 | 1995 | 2000 |
|---|---|---|---|
| Бруто домашен производ | 100,0 | 100,0 | 100,0 |
| Индустрија и рударство | 29,0 | 19,6 | 19,6 |
| Земјоделство, рибарство и шумарство | 8,3 | 11,2 | 9,3 |
| Градежништво | 6,4 | 5,3 | 5,2 |
| Услуги | 39,9 | 48,4 | 50,4 |
| Даноци на производството | 15,5 | 15,5 | 15,5 |

*Извор: Пресметано со користење на СГ Р М/ 2001 и Докумнетација на Министерството за финасии*

*Графикон 1*




*Извор: Види табела 4*

Во рамките на индустријата намалено е учеството на пропулзивнните гранки, а зголемено е учеството на енергетиката и преработката на земјоделски производи. На ниско ниво се одржува учеството на традиционалните гранки од текстилната индустрија и индустријата на кожа.

Поради ниското ниво на инвестициите и нивната структура, како и одложеното преструктуирање на производството согласно барањата на странските пазари и голема амортизираност на основните средства, капацитетите се користат со низок степен и во производствените процеси преовладуваат застарени технологии[2)]. Во вакви услови БДП во Република Македонија во 2002 година е за околу 20% на пониско ниво во однос на 1989, последна релативно стабилна година пред отпочнувањето на процесот на транзиција. Во овие рамки особено големо намалување е остварено на индустриското производство. Имено, производството во оваа стопанска област е намалено за 50% во однос на 1989 година.

Во изминатиот период напредните земји во транзиција дадоа приоритет на преструктуирање на производатвото со зголемно домашно штедење и насочување на странските кредити, а особено на СДИ. Како резултат на ова, земјите во транзиција од Централна Европа во изминатите десет-

2) Според одделни согледувања просечнната старост на основните средства во македонсакта економија инесува 25 години, а околу 80% од производството во индустријата се остварува со примена на застарени технолошки процеси. Според статистичките податоци за 1997 година користењето на капацитетите во индустријата се движи меѓу 35 и 40% во зависност од методот кој е применет.

ина години, односно во 2001 година во однос на 1989 година, го зголемија извозот за трипати и остваруваат пораст на БДП за 16 %. Во земјите, пак, од Југоисточна Европа во овој период извозот е зголемен за 25%, но БДП е намален за 22%.[3)]

## 2. Потреба, можности и насоки за користење на странски капитал во наредниот период

1. Република Македонија и во наредниот долгорочен период ќе биде упатена да користи странски капитал со цел поуспешно завршување на процесот на транзиција и создавање услови за премин кон траен и одржлив стопански растеж и развој. Користењето на странскиот капитал е неопходно поради недоволното домашно штедење и ограничените можности на други извори за инвестиции и за подобрување на снабдувањето на стопанството со суровини и репроматеријали.

Со странскиот капитал се создаваат услови за интензивирање на процесот на ревитализација и преструктуирање на производството, за освојување на производи со повисоки фази на преработка, согласно барањата и критериумите на надворешните пазари, за понагласена извозна ориентација, за подигање на техничко-технолошкото ниво на производствените процеси, како и за поврзување и поголема соработка со странските партнери.

Во наредниот период се очекува странските кредити и инвестиции значајно да придонесат за растот на економијата и на извозот и за нормализирање на тековната сметка на надворешно-трговскиот биланс. Поради ова, во развојните документи се поддржуваат мерките и политиката, кои во иднина би придонеле за остварување на високо ниво на странски инвестиции.

Во рамките на користењето на потребниот обем на странски кредити и инвестиции тежиштето треба да се даде на недолжничките форми. Ова, пред сè, се однесува на прилив на странски капитал, по основ на директни вложувања и портфолио инвестиции.

Во стратегијата за извоз на Република Македонија е нагласено дека за поголема експортна ориентираност на стопанството неопходно е преструктуирање на производството согласно барањата на странските пазари. За преструктурањето на стопанството неопходно е да се користи странски капитал, по сите основи. Во рамките на користењето на странскиот капитал е нагласено дека Република Македонија сè уште не го ис-

---

[3)] Извор: Economic Commission for Europe, Economic Survey of Europe 2001, No 2, Unitet Nations, New York and Geneva, 2002.

црпела својот капацитет на задолженоста и треба да користи странски кредити, пред сè во функција на динамизирање на извозот[4)].

2. Истражувањата сврзани со изготвувањето на Националната стратегијата за економскиот развој на земјата во периодот до 2020 година, укажуваат дека треба значајно да се зголеми стапката на инвестирање со цел создавање услови за проширена репродукција на основните фондови и растеж на бруто домашниот производ врз трајни основи.

Согледувањата укажуваат дека растежот на инвестициите е неопходен за интензивирање на процесот на ревитализација и преструктуирање на производството, за поголема застапеност на производите со повисоки фази на преработка, како и за подигање на техничко-технолошкото ниво на производствените процеси. Ваквата стапка на инвестирање е еден од основните услови за пресврт од екстензивен кон интензивен развој и за остварување на траен и одржлив стопански растеж.

За остварување на неопходната стапка на инвестирање е оценето дека домашното штедење треба да се зголеми и да претставува основен извор за инвестирањето. Останатиот дел од потребниот обем на инвестирање треба да се обезбеди од дополнителни извори од странство. Во овие рамки, покрај користењето на странските кредити, сè позначајно место и значење треба да имаат недолжничките форми на прилив на капитал и тоа особено по основ на странските директни и портфолио инвестиции.

Според согледувањата за можното користење среднорочни и долгорочни странски кредити и заеми, при претпоставка на растеж на извозот со просечна стапка од 9% се создаваат услови за годишно ангажирање на околу 300 милиони долари. Ваквото користење на странски капитал е условено од намените на неговото насочување и можноста за сревисирање на оврските по основ на главница и камати.

Неопходно е странскиот капитал да биде насочен, пред сè, кон увозот на современа технологија и модерна опрема кои ќе придонесуваат за производствено преструктуирање и динамизирање на извозот. Дел од странските кредити би можел да се користи за задоволување на потребите на платниот биланс и за денарско финансирање на инвестициите во земјата. Доколку се создадат можности и поволни услови, дел од странските кредити би можел да се користи за увоз на енергетски горива и репроматеријали кои не се произведуваат во земјата, а се неопходни за одвивање на процесот на репродукцијата.

---

4) Д-р Михаил Петковски, Платниот биланс и извозот, дел од проектот Стратегија за извоз на Република Македонија, МАНУ, Скопје, ноември 1998, стр. 20.

Во наредниот период ќе се создаваат услови за поголем прилив на СДИ, како по бројот на договори така и по однос на нивниот износ. На ова ќе делуваат заокружувањето на економскиот систем и неговата ефикасна примена во практиката, функционирањето на институциите на пазарната економија, а особено на оние кои се значајни за движењето на капиталот, проширувањето на пазарот со склучување на договори за слободна трговија со земјите во регионот со кои тоа досега не е направено и пошироко, стабилноста на цените и курсот на денарот; расположливите производствени потенцијали и релативно ефтината квалификувана работна сила; либералната политика во привлекувањето на СДИ; мерките на развојната и на макроекономската политика; политичката стабилност на земјата; подобрувањето на надворешното опкружување и слично.

Во истражувањето заидниот развој на Република Македонија е оценето дека приливот на директните странски инвестиции во земјата во наредниот период просечно годишно би можел да се остварува на ниво од околу 150 милиони долари. Исто така, и други вршени согледувања укажуваат дека СДИ сигурно ќе дојдат ако се покаже дека Република Македонија е стабилна економија со пазарно стопанство во кое трендот на производството се зголемува, цените се стабилни, а невработеноста не се зголемува.

За поголемо привлекување на СДИ треба да се интензивираат активностите за промоција на Република Македонија и нејзините инвестициони потенцијали во деловниот свет. Ова треба да се остварува со издавање водич за инвестирање, организирање форуми за инвеститори на кои ќе се сретнат домашните потенцијални инвеститори и странските субјекти заинтересирани за вложување во нашата земја, потоа печатење на разни информативни материјали и слично.

Истражувањата вршени во врска со изготвувањето на развојните документи на Република Македонија укажуваат дека директните странски инвестиции треба да се насочат кон:

- Пропулзивните индустрии и индустриите кои вклучуваат висока технологија и високо стручна работна сила, а пред сѐ во комплексот на опрема и трајни потрошни добра и финални производи од комплексот на хемија;
- Традиционалните индустрии во кои СДИ се потребни за да го подигнат постојното ниво на технолошка опременост, а пред сѐ на комплексот на текстил и кожа, преработката на земјоделски производи, преработките на обоените метали и на други суровини и репроматеријали;
- Суровинските сектори, во кои присуството на СДИ треба да овозможи не експлотација на суровините, туку создавање на основна

база за развој на блиските индустрии со повисок степен на обработка на производите, а особено на комплексот на основните метали и неметалите и слично;

- Секторот на услуги, како што се: банкарството, туризмот, градежништвото, телекомуникациите, транспортот и сл., каде предност треба да биде дадена на услугите кои се долгорочни и вклучуваат трансфер на модерна технологија и специфични знаења.

Покрај условите за поголемо привлекување треба да се изгради и посебна стратегија за СДИ. Привлекувањето на СДИ треба да биде во функција на поддржување на глобалните структурни приспособувања и остварување на стабилен и континуиран растеж и развој на земјата. Ова ќе се остварува врз програмски пристап на одделни проекти кои почитувајќи ги критериумите на пазарната економија ќе ги има предвид и секторско-регионалните аспекти на развојната и макроекономската политика.

СДИ инвестиции се очекува во поголем обем да бидат насочени во гранките акцелератори на развојот во индустријата, агрокомплесот, како и во другите стопански области.

3. Со зголемено домашно штедење и со користење странски капитал ќе се создадат услови за ревитализација на стопанството и подигање на неговото техничко-технолошкото ниво.

Истражувањата укажуваат дека постојното стопанство со економската и физичката застареност на основните средства и со ниското техничко-технолошко ниво на производствените процеси, а особено со недоволното користење на капацитетите, не може да оствари траен растеж на бруто домашниот производ. Со надминување или ублажување на проблемите во овој домен ќе се создадат услови за поголема стопанска активност и за зголемување на производството и услугите во економијата.

Ова ќе се овозможи со ревитализација на производствените капацитети и со преструктуирање на производството и услугите согласно барањата на пазарот. Со ревитализацијата ќе се оствари техничко-технолошко иновирање на основните средства и ќе се овозможи нивно унапредување и модернизирање.

Со ревитализација на постојните производствени капацитети ќе се овозможи повисока финализација и остварување на пазарно компатибилно производство. Со ова ќе се интензивира процесот на преструктуирање на стопанството, што претставува значаен фактор за оживување на производството на трајни основи и за остварување на одржлив растеж и развој.

Согледувањата укажуваат дека техничко-технолошкиот прогрес во Република Македонија се остваруваше доста бавно, со претежно користење на странска технологија и во поголем број случаи на отсуство на про-

грамска ориентација за нивно усовршување. Во вакви услови технолошките процеси во земјата поради долгогодишната употреба се застарени. Поради ова, техничките перформанси на македонското стопанство, а особено на индустријата се на многу ниско ниво. Традиционалните технологии сè уште заземаат доминантно место.

Со прилив на странски капитал и зголемување на соработката со партнерите од светот, ќе се создадат услови за поголема примена на техничко-технолошкиот прогрес во производствените процеси во стопанството. Техничко-технолошкиот развој, ќе придонесе за преструктуирање на производството со повисоки фази на преработка, зголемување на извозот, како и за подигање на конкурентноста на стопанските субјекти.

Општа е оценката дека со ревитализацијата и стимулирањето на техничко-технолошкиот прогрес ќе се интензивира преминот од екстензивен кон интензивен развој, што е од особено значење за вклучување во европските и светските интеграциони процеси и одржување на стабилен и континуиран растеж и развој врз поефикасно стопанисување. Ова го потврдуваат научните и стручните согледувања и практиката, односно искуството со светот.

4. Општа е оценката дека во наредниот период Република Македонија треба да користи позначаен обем на странски капитал со цел успешно премостување на транзициониот период и создавање услови за стабилен и одржлив стопански растеж и развој. При ова пожелно е странскиот капитал во поголем обем да доаѓа по пат на директни вложувања, портфолио инвестиции, концесии и други форми на непосредна соработка со странските партнери.

Користењето на странските кредити и заеми во основа треба да биде насочено за поддршка на извозното стопанство, со што повратно ќе се создаваат услови за натамошно ангажирање на дополнителна акумулација и релативно намалување на степенот на задолженоста на земјата.

Согледувањата укажуваат дека Република Македонија, со оглед на ниското ниво на развиеност и ограничените можности на домашното штедење, без дополнителна акумулација не може успешно да го заврши процесот на транзиција и да се вклучи во интегративните текови на светското стопанство, што претставува услов за одржување на стабилен и континуиран стопански растеж и развој.

## 3. Можна проекција на увозот на стоки

Со користење странски капитал во наредниот период ќе се создаваат претпоставки за поголем трансфер на технологија, за зголемување на увозот на современа и модерна опрема над можностите што ги дава извозот и

девизниот прилив. Врз овие основи ќе се интензивира процесот на ревитализира и преструктуирање на постојните потенцијали и ќе се прошири материјалната основа на стопанството. Напоредно со увозот на опрема ќе расте потребата за увоз на суровини и репроматеријали кои не се произведуваат во земјата. Со увозот на суровини и репроматеријали ќе се создава простор за поредовна снабденост на стопанството и зголемување на бруто домашниот производ.

Користењето странски капитал ќе создава услови за порелаксирани односи во тековните и кредитно-финансиските односи во платниот биланс. Ова ќе овозможи и увоз на стоки за широка потрошувачка неопходни за задоволување на потребите на домашниот пазар.

Истражувањата вршени при изготвувањето на Стратегијата за извоз покажуваат дека е неопходно да се создаваат услови увозот на стоки во наредниот период од 2004 до 2020 година да се зголемува со просечна стапла од 7%. При ова е предвидено дека со поинтензивна стапка треба да се зголемува увозот на опрема.[5)]

Увозот на репроматеријали ќе се остварува согласно потребите на стопанството, односно во корелација со динамиката на бруто домашниот производ и ќе биде во фунција на зголемување на извозот.

Во рамките на увозот се очекува растеж и на производите за широка потрошувачка во кои ќе преовладуваат стоки со европски стандарди и квалитет. Овој увоз ќе се остварува во согласност со растежот на животниот стандард на населението.

## 4. Можен обем на инвестициите

Странскиот капитал ќе создаде услови за остварување на повисока стапка на инвестирање во функција на постигнување структурни промени и растеж на бруто домашниот производ.

Согледувањата вршени во Националната стратегија за економски развој на Република Македонија укажуваат дека е неопходна стапката на инвестирање во периодот до 2005 година да се зголеми на 23 до 24% [6)]. (Учество на инвестициите во бруто домашниот производ). По овој период оценето е дека е неопходно инвестициите да се одржуваат на релативно високо ниво и да учествуваат со околу 24% во бруто домашниот произ-

---

5) МАНУ, Стратегија за извоз на Република Македонија , Скопје, 1999 год.,стр. 239.

6) МАНУ, Национална стратегија за економскиот развој на Република Македонија, Скопје, 1997 година, стр. 191-193.

вод. При ова се предвидува да дојде до значајни промени во структурата на инвестициите. Учеството на стопанските инвестиции се очекува да се зголеми на ниво од околу 15% во однос на бруто домашниот производ. Учеството, пак, на инвестициите во стопанската инфраструктура и станбената изградба се предвидува да се намалува.

Ваквиот обем и структура на инвестициите ќе придонесува за унапредување на технолошките процеси и ќе преставува значаен фактор за динамизирање и остварување на неопходните структурни промени во економијата.

За остварување на предвидената стапка на инвестирање неопходно е да се зголеми домашното штедење и максимално да се искористат потенцијалите кои стојат во овој домен. Согледувањата укажуваат дека е неопходно домашното штедење во периодот од 2004 до 2020 година да се зголеми на околу 20% (учество на штедењето на населението, претпријатијата и државата во бруто домашниот производ). И при ваков пораст на штедењето Република Македонија се вбројува во земјите со ниско ниво на штедење[7)].

Поради ниското ниво на домашното штедење за остварување на потребната стапка на инвестирање неопходно е Република Македонија да користи странски капитал по сите основи. Учеството на странскиот капитал во вкупните инвестиции се оценува дека би можело да изнесува од 25% до 30%. Ова е релативно високо учество, но сè уште толерантно ниво според кое странската акумулација има дополнителен карактер и може да даде оптимални резултати во развојот.

Ова учество на странскиот капитал во вкупните инвестиции во земјата се цени дека во сè поголем обем ќе се остварува по пат на директни инвестиции, заеднички вложувања, по основ на концесии, како и со користење на релативно поволни среднорочни и долгорочни странски кредити и заеми. Со ова учеството на кредитите ќе се заменува со поголема застапеност на некредитните форми на користење странски капитал. Доколку се остваруваат поповолни односи во структурата на странскиот капитал, анализите покажуваат дека неговото учество во вкупниот обем на инвестирањето би можело да биде и поголемо од проектираното.

---

7) Меѓународниот монетарен фонд врз извршените истражувања оценува дека стапката на штедењето во земјите во развој во периодот од 2000 до 2003 во просек ќе се зголеми на 27%, а во земјите во транзиција на 22,2%. *(Извор: International Monetary Fund, World Economic Outlook, May, 1998).*

## 5. Можна динамика на производството

Со динамизирање на инвестициите во наредниот период ќе се овозможи ревитализација на постојното стопанство, примена на техничко-технолошкиот прогрес, понагласена извозна ориентираност, поголемо искористување на природните потенцијали, продуктивно ангажирање на кадрите и на работната сила, развој на мали и средни претпријатија и слично. Тоа претставува солидна основа за пресврт од екстензивно кон интензивно стопанисување и остварување стабилен и континуиран стопански растеж и развој со поефикасно работење.

Со ревитализацијата ќе се остварува техничко-технолошко иновирање на економската и физичката застареност на основните средства и овозможува нивно унапредување и модернизирање. На овој начин ќе се создаваат услови за преструктуирање на економијата, со застапеност на производи со повисока фаза на финализација и остварување на пазарно компатибилни стоки и услуги.

Ревитализацијата како процес треба да се остварува во сите стопански области и дејности кои можаат да понудат конкурентно производство и услуги на пазарот, а приоритетно место ќе имаат пропулзивните и извозно ориентираните сектори. Овие приоритети треба да се утврдат врз соодветни економско-технолошки критериуми кои ќе поаѓаат од развојната политика на земјата.

Со подигањето на техничко-технолошките процеси ќе се подобруваат перформансите во поодделните стопански области и гранки. Ќе се заменуваат местата на традиционалните технологии кои заземаат доминантно учество и неповолно се одразуваат врз продуктивноста и ефикасноста на стопанисувањето со воведување информатички технологии, флексибилни технологии, технологии на нови материјали, биотехнологии, енергетски технологии и ќе се применуваат најновите достигања во светот во овој домен.

Со техничко-технолошкиот развој ќе се придонесува за преструктуирање на производството со повисоки форми на преработка, зголемување на конкурентноста на извозот, подигање на акумулативноста на стопанството и остварување на поефикасен растеж и стопански развој.

Со техничко-технолошкиот прогрес треба да бидат опфатени областите и гранките пред сѐ од таканаречениот пропулзивен сектор, а подоцна и останатите кои можат да се носат со конкуренцијата на пазарот.

Со ревитализацијата и подигањето на техничко-технолошкото ниво ќе се создаваат услови за поголема извозна ориентираност на производството. Со зголемување на конкурентниот извоз ќе се создава сѐ поголем простор за пласман на готовите производи, за остварување на поусогласени

односи со увозот и за користење на нови кредити и странски капитал по сите основи во функција на натамошниот развој на стопанството.

Во наредниот период се очекува да дојде до поголем израз влијанието на човековиот потенцијал со нивото и квалитетот на знаењето, применливоста во производството и способноста за воведување нови технологии. Оттаму овој потенцијал ќе претставува примарен фактор на стопанскиот развој. Ова го потврдува искуството на развиени земји во светот.

Со максимално користење на домашните потенцијали и влез на дополнителна акумулација од странство ќе се создаваат услови за активирање и на други ресурси. Согледувањата укажуваат дека ресурси на идниот развој може да претставуваат расположливите природни потенцијали, постојните пазари на стоки и услуги; изградената сообраќајна и телекомуникациска мрежа; развиеноста на банкарската мрежа и слично.

Поаѓајќи од согледаните фактори и можности за активирање на производствените потенцијали, истражувањата укажуваат дека стопанството на земјата би можело да оствари реален просечен пораст на бруто домашниот производ во периодот од 2004 до 2020 година со стапка од 7%.

Ваквиот растеж на БДП е условен со користење на дополнителна акумулација од странство, увоз на опрема неопходна за модернизација на производствените процеси, како и со позначајна експортна насоченост на производството.

*Табела 5*

**ПРОЕКЦИЈА НА БДП, ИЗВОЗОТ И УВОЗОТ**

*- стапки на пораст*

| | 2003 (оцена) | 2004-2020 (Проекција) |
|---|---|---|
| Бруто домашен производ | 3,0 | 7,0 |
| Извоз на стоки | 11,9 | 9,0 |
| Увоз на стоки | 5,6 | 7,0 |

*Извор: за 2003 оценка, а проекцијата од Стратегијата за извоз на Република Македонија , МАНУ, Скопје, 1999 год.*

Согледувањата покажуваат дека за остварување на предвидениот растеж на бруто домашниот производ со просечна стапка на пораст од 7%, е неопходно извозот на стоки да остварува поинтензивна стапка на растеж од два до три процентни поени.

*Графикон 2*




*Извор: Види табела 5*

## 6. Наместо заклучок

Развојот на Република Македонија и во услови на зголемување на домашното штедење уште долго ќе зависи од приливот на странски кредити и инвестиции. Приливот на дополнителната акумулација од странство треба да се остварува по сите основи, при што понагласено место треба да имаат некредитните форми, односно дирекните инвестиции и влезот на капитал по основ на концесии.

Користењето на странскиот капитал треба да се остварува рационално, првенствено во фунција на преструктуирање на производството со унапредување на технолошките процеси и врз таа основа динамизирање на извозот. Сврзано со ова треба да се подготви програма за користење на странски кредити и заеми со која ќе се согледа можниот обем на задолжување, намената на кредитите и редовното сервисирање на обврските спрема странските кредитори.

Исто така согледувањата покажуваат дека треба да се подготви програма за користење странски директни инвестиции и на други некредитни форми на прилив на странски капитал во фунција на поддршка на развојните приоритети на земјата и просперитет на националната економија. Врз програмски основи треба да се користи и странскиот капитал кој доаѓа по основ на концесии, портфолио инвестиции, помош и слично.

Со комплексен пристап во користењето на странскиот капитал во услови на позасилени напори за зголемување на домашното штедење и неговото ставање во фунција на развојот, ќе се создаваат услови Република Македонија побрзо да го оствари процесот на транзиција и се трансформира во модерна и конкурента современа економија.

**Проф. д-р Златка Поповска**
**Економски факултет Скопје**

# НАСОКИ НА ТЕХНОЛОШКАТА ПОЛИТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Во времето на глобализацијата на современите технолошки промени, секоја земја која нема активистички однос кон овие промени е осудена на трајна периферизација во светскиот економски развој. Затоа, Република Македонија и покрај сериозните турбуленции и актуелни тешкотии во општествениот живот, нема алтернатисва за избор: таа мора да одговори на предизвиците на современите технолошки промени и да ги вгради во новата политика на растот и развојот, примерна на предизвиците на 21от век. Изградбата и реализацијата на нова технолошка политика е клучно прашање за долгорочниот развој на Р. Македонија.

Во периодот на транзицијата, дел од транформационите проблеми еволуираа во економски тешкотии кои најмногу ја апсорбираа развојната енергија. Овие тешкотии се органски поврзани со долгоопстојувачката архаична производна структура потпрена на класична и тоа застарена технологија кај голем број приватизирани претпријатија. Нејзината продуктивност тешко обезбедува натамошно ангжирање и на делот од веќе вработената работна сила - ваквата технологија е серизен извор на растот на невработеноста. Воедно, македонската производна структура потпрена на класични технологии кои се енергетско и суровински интензивни, а научно-истражувачки и технолошки неинтензивни, логично доведе до позиционирањето на македонскиот извоз и конкурентноста на македонските производи, на крајно незадоволително ниво. Во времето на отвореност

кон светскиот пазар и економија станува евидетно дека основниот извор на стагнација и на акумулирање на економските тешкотии е запоставениот технолошки развој. Критериумите на светскиот пазар ги диктираат современите производни структури кои се базираат на новите и високите технологии (суровинско и енергетски неинтензивни, а научно-истражувачки и технолошки интензивни). Трката за подобро место на светскиот пазар е трка преку нови технологии, преку иновации. Тие се моторот на растечката продуктивност и профитабилност. Во такви услови Македонија не може да обезбеди трајно место на пазарот преку производи и услуги создадени врз основа на класична технологија и потперни на филозофијата на природни компаративни предности. Без воведување современи технологии, денес е невозможно решавањето на проблемот на вработеноста, конкурентоста, растот и развојот.

Р. Македонија се потпира врз класичните фактори на растот. Современите развојни промени ја ставаат пред предизвикот за сериозно свртување кон развивањето и користењето на современите фактори на растот. Ја ставаат пред предизвикот за претежна ориентација кон развој на стекнатите компаративни предности (сите облици на стекнување и ширење на опредметеното и неопредметено знаење), во споредба со користењето на природните компаративни предности. Знаењето и информациите стануваат основни развојни ресурси во 21-от век.

## 1. Императивен карактер на глобалните карактеристики и правци

Во развиените земји промените во доменот на технолошкиот развој се дел од развојните процеси преку кои се преобразуваат во општества базирани на знаењето (knowledge based societies). Голем број карактеристики на овие промени добиваат глобален карактер станувајќи одредувачки за просторот на проектирање на идните развојни промени во секоја отворена земја.

Затоа и повеќето земји во транзиција градат политики кои ги антиципираат современите промени кои водат кон ерата на владеење на информациите и знаењето.

Технолошките политики се дел од развојните политики на секоја земја. Напредните земји реализираат политики кои покрај нивните развојни специфичности, содржат карактеристики и правци кои имаат глобален карактер:

- Свртеност кон знаењето и информациите. Изразена е насоченоста кон поддршка на произвотството на знаење и информации, како

и поддршка на условите за побрза дифузија и пренос на знаењето и информациите;

- Свртеност кон човечкиот фактор (human capital). Изразена е грижата за унапредување на напредните форми на образованието, видови на учење за стекнување знаење, искуство и вештини;
- Свртеност кон комуникациите, врските и соработката меѓу различни актери. Тежиштето се става на мрежата на односи во националните иновациони системи кои поврзуваат активности од различни области;
- Свртеност кон организационите иновации. Поддршката на флексибилната организација која се изразува како нужност за побрза адаптација кон новите динамични промени;
- Свртеност кон области битни за глобалната конкуренција. Поддршката ја заслужуваат активности поврзани со различни аспекти на обезбедувањето подобро место на глобалниот пазар;
- Свртеност кон меѓународна соработка. Поддршка добиваат проекти за соработка со меѓународен, мултинационален карактер, на различни домени и меѓу различни учесници;
- Експлицитен избор на технолошки подрачја. Инвестиционо-интензивните сектори, особено на доменот на високите технологии, се третираат преку програми за поддршка на нивниот развој. Скоро секоја земја има конкретно одредени приоритети од стратешки интерес.

Заостанувањето на Р. Македонија зад овие промени кореспондира со длабочината на развојниот јаз што нè дели од развиениот свет. Процесот на конвергенцијата на стапките на растот на македонската економија со тие на развиените земји, најмногу ќе зависи од брзината на прифаќањето на новите фактори на растот, меѓу кои доминантно значење имаат иновациите, односно знаењето и информациите. Затоа, Р. Македонија поаѓајќи од глобални правци на современите технолошки политики, нужно треба да се определи за:

- Политика на либерализација на домашниот пазар;
- Ориентација кон критериумите на глобализацијата на светската трговија и технолошкиот развој;
- Поврзување на конкуренцијата со иновациите;
- Развивање на национален иновационен систем;
- Свртување кон значењето на развојот на човечкиот фактор;
- Ориентација кон побарувачката, односно кон дифузијата на иновациите;

- Учество на државата во поддршка на избраните приоритетни цели и јакнење на имплицитните мерки на дејствување врз технолошките промени.

## 2. Државата и пазарната конкуренција

И покрај тоа што проблемите од изминатиот период и понатаму ќе го оптоваруваат развојот (големата невработеност, нивото на сиромаштијата, оскудноста на домашна акумулација), Р. Македонија мора да се ориентира кон долгорочни развојни цели од чие остварување зависи брзината на смалување на развојниот јаз што нè дели од развиениот свет.

Како основни развојни цели од кои би требало да се раководи технолошката политика на Р. Македонија се:

- *понатамошен развој на пазарните институции и заштита на конкуренцијата;*
- *постигање одржлив економски раст;*
- *креирање нови работни места и подигање на нивото на образование;*
- *преструктуирање на стопанството во функција на јакнење на конкурентната способност на домашните стоки и услуги на светскиот пазар;*
- *зголемување на извозот и соработката со странски партнери;*
- *подигање на квалитетот на живеење;*
- *заштита на човековата околина;*
- *забрзано приближување кон европската интеграција.*

Во функција на овие цели е и реализацијата на технолошката политика. Притоа се поаѓа од развојните можности, потенцијали со кои располага или може да располага Р. Македонија, но и нужно од веќе потенцираните промени во современото опкружување. За реализација на технолошката политика од клучно значење е реформирањето на државата во проавец на развојот на карактеристиките на модерна држава. Модерната држава има економски функции кои се подредени на потребата за слободата на дејствување на стопанските субјекти – колку е за нив „поневидлива“ државата, толку е поефикасно нејзиното функционирање во пазарна економија.

Државите мораат да имаат капацитет и кредибилитет за управување со современите процеси, односно само модерна држава може да одговори на новите технолошки динамизам како долгорочен во многу нешто неизвесен и, пред сè, глобален феномен. Од нејзината способност зависи како ќе ја реализира технолошката политика, кои мерки ќе донесува, како ќе

обезбеди кординација во реализацијата, односно колку технолошката политика ќе има влијание врз целите на економскиот и општествен развој. Со промените во политичкиот и економскиот систем улогата на државата и нејзините институции е променета. Се намалува јавниот сектор, а се зголемува приватниот сектор. Модернизацијата на државата, во функционална и технолошка смисла, покажува динамика, но сè уште несоодветна на нејзината нова улога. Управувачката енергија е претежно насочена кон реформите и нивните последици карактеристични за транзицијата. За управувачкиот кредибилитет на државата од особено значење е што побрзото надминување на следните појави: политизација на одлуки и партизација на административни структури, сива економија и форми на корупција, често менување на законската легислатива и донесување ad hok одлуки, недоволна транспарентност кај стратешките одлуки, недоволна комуникација и координација помеѓу нивоа и сектори итн. Борбата против овие појави е воедно борба за ослободување од несаканите девијации од транзиционите промени и ослободување управувачка енергија за долгорочни развојни процеси, каков што е технолошкиот развој.

На доменот на технолошкиот развој, согласно новата улога на државата, таа е повикана да се ангажира во:

- *Создавање услови за конкурентски натпревар на економските субјекти, поволен амбиент за иницијативи кои водат кон зголемување на иновативноста, продуктивноста, креацијата на нови работни места;*
- *Донесување и реализација на технолошка политика која заедно со научната политика стануваат нераздвојни од индустриската политика;*
- *Постојано следење, преиспитување, примена на методи на проценување на идните технолошки избори и развивање.*

Од аспект на забрзување на технолошките промени најбезкомпромисно што може да направи државата за економските субјекти е да обезбеди правична конкуренција. Без конкуренција нема долгорочна продукција на иновациите. Потенцирано е дека борбата за подобро место на меѓународниот пазар започнува со борба за иновации.

Слободата на претпријатијатијата се остварува низ нивното слободно поседување приватна сопственост и врз донесување сопствени одлуки за организирањето на ресурсите во производството и продажбата на производот на пазарот. Пазарната економија се противи на вештачки бариери или рестрикции од страна на владата или од страна на други производители кои го попречуваат изборот на претриемниците за да влезат или за да

напуштат одредена индустрија. Затоа, сите земји имаат механизми за „одбрана" на пазарната економија од појави кои значат нелојална конкуренција.

Во функција на надминување на ваквите појави од фундаментално значење е промената во пристапот на оценување на конкуренцијата. Таа, повеќе не може да се оценува од аспект на состојбите во актуелната економска реалност, да се оценува in vitro во македонскиот развоен простор. Македонскиот пазар е отворен пазар, тој ги трпи сите влијанија од европскиот и светскиот пазар, според тоа и конкуренцијата и начинот на заштитата на правичните конкурентски односи може да се оценуваат само како дел на глобалната конкуренција и глобалните политики за заштита на правичната конкуренција.

Вистинското вклучување во глобалната конкуренција претпоставува постоење прави конкурентски односи, пред сѐ, на домашниот пазар. За забрзување на технолошките промени, при што одлучувачка улога има иницијативноста на економските субјекти, од особено значење се следните цели:

- *Понатамошен развој на пазарот и пазарните институции во функција на ослободување на технолошките одлуки со каква било зависност од неекономски фактори.* Фирмите кои „успеваат" на домашниот пазар преку неекономски критериуми малку веројатно е дека можат да успеат според економските критеријуми на светскиот пазар;
- *Законска и институционална поддршка на постојната регулатива во функција на реализација на нејзините функции.* Доколку не се почитуваат „правилата на игра" на домашниот пазар, помалку е веројатно да се развие спремност кај економските субјекти да ги почитуваат правилата на меѓународниот пазар.

Реформите кои се спроведуваат во македонската економија се неделиви од такви квалитативни промени кои би ги оспособиле фирмите да ги прифатат критериумите на глобалната конкуренција. Оваа зависност станува уште посложена во време кога се поставуваат темелите на новата политика на меѓународната конкуренција, кога се изоструваат условите на конкуренцијата и кога станува сѐ посилен феноменот на техноглобализмот. Во функција на приспособување на конкурентските услови на глобалниот пазар, од особено значење се:

- *Постојана информираност и едукација за критериумите на конкуренцијата на светскиот пазар и неговата регулација***.** Поголема важност добиваат квалитативните критериуми: квалитетот на производот, менаџментот, маркетингот, деловниот кредибилитет

на партнерите во споредба со ценовните фактори. Регулацијата на пазарот во различни домени има глобален карактер. Освојувањето на стандардите, директивите, прифаќањето на правилата на ГАТТ, СТО и европските регулациони политики се услов за конкурентски настап на светскиот пазар.

- *Стимулирање на домашните фирми за соработката со странски партнери, особено со т.н. глобални фирми- „network фирми“.* Глобализацијата се мери според раширеноста на нивните инвестиции, производни и непроизводни делови, лаборатории, па се до „мешовитоста“ на нивните управни тела и менаџерски структури. За нив многу е побитен меѓународниот режим за транснационални инвестиции, условите за здружување, партнерство и други видови интеграции, отколку националните режими за регулација на извозно-увозните текови. Поврзувањето со нив ќе го забрза процесот на „економско учење“ кај нашите фирми за побрзо прилагодување на критериумите на глобалната конкуренција.

## 3. Современа технолошка политика

Технолошката политика и на Р. Македонија треба да биде конститутивен дел на визијата за општество базирано на знаење, на иднината на владеењето на информационите технологии и издигнувањето на иновациите како основно средство во конкурентската борба на светскиот пазар. Имајќи ги предвид современите искуства и промени, технолошката политика мора да ги поддржува современите технологии, односно креацијата и примената на новите знаења, како стратешки фактори на долгорочниот одржлив економски раст. Нивното пенетрирање во развојните процеси и нивната дифузија во што поголем број сфери на општествениот живот е пат кој води до фазата на оспособување на македонската реалност да практицира политика на економскиот развој потпрена врз технологијата- “techn-logy-based economic development“.

Технолошката политика како дел на развојната политика секогаш се поставува во интеракциски однос со структурните и динамични промени на економскиот и општествен систем, со ресурсните потенцијали и ограничувања, со финасискиот систем, како и со образовниот и научниот систем, но и со развојот на политичкиот систем. Како земја во транзиција, на Р. Македонија ѝ е неопходна активна технолошка политика, која низ интерактивните односи со другите системи ќе биде покренувачка сила на забрзан развој и општествено приспособување на позитивните глобални промени во светот.

Постојаното унапредување на технологијата и знаењето мора да стане основен императив на развојот на Р. Македонија. Анализите покажуваат дека денес макроекономската стабилност на земјата во услови на отвореност кон светот зависи од ефикасноста на политиката на технолошкиот развој. Затоа, издигнувањето на целта-унапредување на технологијата и знаењето до ниво на приоритетна развојна потреба, значи перманентно ангажирање на институциите и бизнис секторот во поддршка на условите за остварување на оваа потреба.

Од тоа колку и како државата ќе го поддржи унапредувањето на технологијата и колку и како микросубјектите ќе ги практицираат технолошките избори во рамките на нивните пазарни стратегии, ќе зависи и остварувањето на целите на економскиот и општествен развој.

На патот кон визијата на општество базирано на знаење, како долгорочни цели на технолошката политика на Р. Македонија би било потребно да се определат:

- *Унапредување на конкуренцијата;*
- *Креирање нови работни места;*
- *Зголеувавање на квалитетот на живеењето;*
- *Развој на човечките ресурси;*
- *Промовирање на општество базирано на знаење.*

Наведените цели се во функција на остварување на развојните потреби, меѓу кои од особено значење е јакнењето на конкурентноста на македонската индустрија и зголемување на атрактивноста на македонскиот пазарен амбиент за привлекување инвестиции и други фактори на растот. Во таа функција, државата би можела да се ангажира на следните основни правци:

- *Инвестирање во луѓе.* Тоа претпоставува приспособување на образовнаието на динамичните промени под влијане на современиот технолошки прогрес, реализација на програми за обука на кадровскиот потенцијал за творечко ангажирање на нови работни места, реализација на програми за перманентна едукација во функција на подигнување на нивото на обученост на работниците.
- *Инвестирање во инфраструктура.* Развој на технолошка (информациона и комуникациона) инфраструктура, битна за создавање амбиент за привлекување инвестиции и зголемување на ефикасноста во работењето. Развојот на транспортната и сообраќајна инфраструктура која би го направила економскиот простор подостапен за поинтензивни комуникации.

- *Развој на бизнис клима* која ќе ги охрабрува инвеститорите и приватниот сектор да се соочат со конкуренција примерна на отворен пазар, базирана на еднакви услови за сите и еднакви шанси за влез на нови пазари.

Поаѓајќи од долгорочните цели и правци, технолошката политика на Р. Македонија би требало да се ангажира на следните основни домени:

- *креирање на знаењето,*
- *йримена на знаењето,*
- *коойерација,*
- *иновации, финасии, йазари*

Поаѓајќи од овие определби, основната рамка на Политиката на технолошкиот развој на Р. Македонија би била:

**ОСОНОВНА РАМКА НА ПОЛИТИКАТА НА ТЕХНОЛОШКИОТ РАЗВОЈ НА Р. МАКЕДОНИЈА**

***Глобални цели:***

- *Унайредување на конкуренцијаша;,*
- *Креирање нови рабошни месша;*
- *Развој на квалишешош на живеењешо;*
- *Развој на човечкише ресурси;*
- *Промовирање на ойшшесшво базирано на знаење;*

***Основни йравци на ангажирање на државаша:***

- *Развој на бизнис- клима;*
- *Инвесширање во луѓе;*
- *Инвесширање во инфрасшрукшура.,*

***Основни домени на ангажирање на државаша:***

- *Криерање ново знаење;*
- *Примена ново знаење;*
- *Коойреација;*
- *Иновации, финансии, йазари.*

Со технолошката политика ќе се покаже систематичен однос кон долгорочните промени. Парцијалниот пристап изразен низ различни документи, мерки и активности не може да даде одговор на комплексните и меѓусебно зависни технолошки феномени, кои во својот корен ја носат револуционерноста на општествените развојни пресврти. Р. Македонија во новиот технолошки развој мора да ја гледа својата шанса за влез во повисока развојна фаза со доминантно учество на квалитативните фактори во растот на БДП. Затоа, покрај нормативно обликуваната технолошка политика, неопходно е да се практицира организиран пристап кон долгорочните промени кои водат во таква развојна фаза.

Низ технолошката политика на конзистентен начин нужно се изразуваат целите, правците, активностите и мерките за реализација на потребните промени. Нејзините мерки мора да бидат компатибилни со мерките на буџетската политика, кредитната политика, царинската политика, извозно увозната политика, политиката на образование, научната политика, односно со сите аспекти на економската и развојна политика.

Имајќи ги предвид сите ограничувања, но и потенцијали на развојот, технолошката политика на Р. Македонија мора да се остварува како комбинација на:

- *странските инвестиции и домашната акумулација;*
- *увозот на технологија и јакнењето на домашната инвестициона, производствена и иновативна способност на индустријата;*
- *увозот на знаење и развојот на ИР способност на домашните претпријатија и институции.*

### 3.1. Интерес за странски инвестиции во нови технологии

За реализацијата на политиката на технолошкиот развој битно е привлекувањето странски инвестиции. Недоволниот обем на домашната акумулација за остварување на целите на економскиот развој и издигнување на економијата на ниво на конкурентност потребна за поинтензивен настап на светскиот пазар, го апострофира позитивното значење на либерализацијата на инвестициите во нашата земја. Странските инвестиции во најголем дел се насочени кон индустријата (80%). Меѓутоа, структурата укажува дека извршените инвестиции не се во функција на нови структурни промени врз основа на развојот на информационо интензивни и технолошко интензивни производства. Потребни се странски директни инвестиции во:

- *Пройулзивни индусшрии со цел: ширење нови и високи шехнолоїии и на нив соодвешно високосшручно знаење;*
- *Традиционални секшори со цел: модернизацијаша на шехнолоїијаша и йроизводсшвошо и нивно забрзано йресшрукшуирање, шшо ќе йридонесе за зїолемување на врабошеносша;*
- *Суровински секшори со цел: добивање ексшерналии врз развојош на блиски индусшрии со йовисок сшейен на обрабошка на йроизводише;*
- *Секшор на услуїи, како шшо се банкарсшвошо, шуризмош, шелекомуникациише, їрадешнишшвошо, со цел забрзано воведување и освојување нови шехнолоїии и знаење.*

Современата практика покажува дека директните мерки за стимулирање странски инвестиции (даночни и царински ослободувања, каматни олеснувања и сл.) немаат толку големо значење колку што има економската и политичка стабилност на земјата. Затоа, од пресудно значење за зголемување на интересот на странските инвеститори за нашите компаративни предности и ресурси е постигањето и оддржувањето политичка стабилност и во такви услови оддржување долгорочна макроекономска стабилност. Од клучно значење се:

- *Одржување долїорочна макроекономска сшабилносш;*
- *Водење конзисшеншна економска йолишика на ошворена економија која брзо чекори кон евройскаша иншеїрација;*
- *Изїраден и ефикасен йравен сисшем во кој неошуѓивосша на сойсшвеносша и зашшишаша на йраваша кои йроизлеїуваш од нea имааш шраен вредносен каракшер;*
- *Завршување на реформише за инсшишуционално заокружување на економскиош и йравниош сисшем.*

Странските инвестиции во Р. Македонија подеднакво се значајни за развојот на материјалните и нематеријалните компоненти на развојот. Инвестициите во знаење за освојување нови технологии, нова практика на менаџмент, нова бизнис политика, нови комуникации се претпоставка за постигање на ефикасност на вложените инвестиции во материјалните фондови на економијата. Затоа, политиката на странски инвестиции се интегрира во политиката на развој на човечкиот капитал.

## 3.2. Интерес на бизнис секторот за соработка со странство

Една од приоритетните задачи на државата е поддршката на развојот на бизнис климата отворена кон нови промени. Претпријатијата се основни носители на развојот. Во функција на поддржување на нивната ориентација кон новиот технолошки развој, државата треба да ја нагласи стимулативната поддршка на развојот на нова деловна политика на фирмите. Наведуваме некои облици на поддршка на државата во однос на деловната политика на фирмите:

- промовирање на интересот на домашните економски субјекти за нови пазари во билатералните и мултилатералните аранжмани и ангажирање за соработка во доменот на банкарското, финансиското и економското информирање;
- организирано привлекување на интересот на странските фирми за кооперација со домашни фирми, отворање странски фирми, филијали, претставништва, центри како механизми на трансферот на технологијата и знаењето;
- создавање услови за различни видови партнерства во функција на поврзување меѓу купувачите и производителите, услужните дејности и производните дејности, малите и големите фирми, со цел дифузија на новите технологии;
- создавање услови за диверзификација,како можност за создавање и прифаќање на технолошките унапредувања во различни домени;
- стимулирање на производната кооперација со странски фирми, за продажба на одредени делови на странски производители, или за купување на разни прототипови за понатамошно усовршување;
- поддршка на малите и средни фирми во освојувањето напредни технологии на домените на компјутерската технологија (микрокомпјутери, специјализирани информациони сервиси, софтвер), биотехнологијата (дијагностички техники, нови видови растенија) и др.;
- поддржување на образовниот консалтинг и тренинг, маркетинг, менаџмент, во функција на стимулирање на иновационите активности на кадри од различни струки.

***Можни се разни облици на поддршка во функција на партиципација на фирмите во специјализираните подрачја на напредните технологии. Наведуваме некои:***

- учество во научноистражувачките проекти на Европската унија, во кои веќе партиципираат земји кои не се членки на Унијата, со пристап до специфични програми на база проект по проект;
- партиципација во транснационални и билатерални кооперации (бизнис, научноистражувачки центри, универзитети, сервиси и др), поддржани со комерцијални и некомерцијални договори за трансфер на знаењето и негова имплементација во практиката;
- поврзување на пазарно успешните фирми со мултинационални компании во производните програми во доменот на small product of high technology, поддржани со договори за долгорочна, производна кооперација, заеднички вложувања, директни инвестиции и др.

Овие мерки би го забрзале процесот на приспособување на нашите фирми на промените кои го отвораат патот кон информациона економија, односно кон економија која го користи знаењето, како и физичкиот капитал.

Приоритет е инвестирањето во луѓе, во образование, обука и ИР, насочени кон забрзано освојување на новата технологија и развивање на сопствени способности за зголемување на продукцијата на домашни иновации.

### *3.4. Создавање и ширење на иновациите*

Иновациите, нивната дифузија и трансферот на современата технлогија и знаење како основа на зголемување на економската активност и ефикасност на фирмите на отворениот пазар, ја имаат улогата на носители на новиот економски раст и се вградуваат во основните карактеристики на изградбата на општества потпрени врз знаење. Затоа, досега изнесените потреби, се гледаат во единство на:

- политика на создавање иновации;
- политика на дифузија на иновциите; и
- политика на трансфер на технологијата.

Знаењето се стекнува преку две форми: создавање знаење кое може да се одвива преку два начина: формален и неформален пат, и дифузија на знаење, што се врши преку различни форми на интеракции внатре во фирмата, интеракции меѓу фирмите и организациите на други нивоа, вклучувајќи ги и институциите кои вршат јавни функции. Денес создавањето иновации и дифузијата се меѓусебно поврзани и зависни. Дејствувањето врз иновациите значи зголемување на продукцијата на иновациите, а дејствување врз дифузијата значи зголемување на иновативниот капацитет за прифаќање и создавање иновации.

Во Р. Македонија според расположивата технологија и домените на користење на знаењето ширењето на иновациите меѓу претријатијата, меѓу гранките, меѓу стопанските области и нестопанските области е на незадоволително ниво. Неопходна е конзистентна иновациона политика. Успешноста на иновационата политика се мери по тоа како и колку ја развива иновационата клима, како и колку ги охрабрува фирмите да вложуваат во иновации и како и колку создава услови за користење на иновациите во другите сфери на економскиот и општествен живот. Иновационата политика во нашата земја мора да ги акцептира новите карактеристики на процесите на создавање на иновациите. Иновациониот процес е нелинеарен, интерактивен и динамичен процес. Созавањето и користењето на иновациите не зависи само од фирмите, туку од нивната поврзаност со сите други чинители и актери, кои директно или индиректно учествуваат во овој процес. Иновациите се повеќе колективен, околку индивидуален чин. Тие се повеќе социјален феномен, отколку економски механизам или технолошки процес. Затоа, Р. Македонија долгорочно мора да се ориентира на развивање на национален иновационен систем. Во времето на глобализацијата на светската економија, секој национален систем на иновации е под влијание на меѓународните критериуми и стандарди на доменот на создавањето, трансферот, конкуренцијата и вреднувањето на технолошкиот избор. Како темелни определби на политиката се:

- Стимулирање на страната на понудата на иновациите;
- Стимулирање на страната на побарувачката на иновации;
- Развој на соодветна институционална мрежа (технолошка инфраструктура), во поддршка на подигање на нивото на иновативност, односно нивото на технолошкиот развој во земјата.

*Политиката за стимулирање на побарувачката на иновации* би требало да ги интегрира правците, активностите и мерките на политиката за конкуренција, политиката спрема бизнис секторот и јакнење на неговите потенцијали за воведување и прифаќање нови технологии, политиката за трансфер на технологија, образовната политика итн. Развиеноста на пазарот ќе ја одредува големината и структурата на побарувачката за технологии, брзината на дифузијата и верификацијата на ефектите од иновациониот напор на претпријатијата. Оваа политика може широко да ја промовира улогата на иновациите имајќи ја предвид потребата за модернизација на примарниот и секундарниот сектор, како и нагласениот развој на модерниот терцијарен сектор.

Примарниот сектор кој живее со проблеми на технолошка заостанатост и амбиент на запоставена урбанизација, има нагласена потреба за поддршка на процесите за ревитализација и модернизација на производните капацитети. Зголемување на продуктивноста и конкурентноста на произ-

водството на храна е една од целите на долгорочната аграрна политика. Потребата за воведување иновации бара измена на политиката за поддршка на индивидуалните земјоделци.

Индустрискиот сектор се среќава со бројни економски проблеми, меѓу кои е и застареноста на средствата и опремата. Тој, и во вакви услови, релативно е најголемиот потрошувач на иновации. Ревитализацијата и модернизацијата на производството се процеси нужно поврзани со потребата на бројни иновации кои не се само во производниот процес, туку и во менаџментот организацијата, планирањето, маркетингот. Претпријатијата во технолошко-интензивните и пропулзивни развојни сектори треба да бидат во средиште на вниманието на политиката на стимулирање на побарувачката.

Модерниот терцијарен сектор, иако релативно мал и хетероген, ја носи перспективата да стане голем потрошувач на иновации. Во принцип транспортот, дистрибуцијата, финасиите се големи пазарни потрошувачи на новите технологии. Политиката на поддршка на побарувачката во овој сектор е една од стожерите на долгорочната политика на преструктуирање и прилагодување на глобалните карактеристики на информационите економии. Уште повеќе што со развојот на информационите сервиси се нудат аутпути кои стануваат дел од индустриските производи, подигајќи го степенот на нивната софистикација. Освен тоа, услугите како што се тренинг, консалтинг, маркетинг, финаниски инженеринг итн, значајно партиципираат во мрежата за создавање и дифузија на иновациите, што е особено потребно за развојот на целата економија. Перспективно, учеството на овој сектор во создавањето на бруто домашниот производ, треба да се зголемува.

*Полишиკаша за сшимулирање на џонудаша на иновации* се насочува кон развивање на условите и стимулирање на изворите, носителите и создавачите на иновациите. Таа ги интегрира правците, активностите, мерките на политиката на образовниот систем, политиката за развојот на научниот систем и ИР активностите ориентирани кон потребите за побрза технолошка трансформација на стопанството, политиката за патенти и лиценци, политиката за кадри за нови технологии и тн.

Јавниот НИР сектор, мора да биде отворен кон новите промени и да стане дел од процесите на приватизацијата, дерегулацијата и либерализацијата. Ориентацијата кон создавање профили за современите технолошки потреби ќе го зголемува кадровскиот потенцијал свртен кон создавање технолошки иновации. Воедно, системските промени ќе ја зголемат и ќе ја рашират понудата на други нематеријални иновации. Научниот систем е тој кој дава и не така мерлива понуда – создавање иновации во доменот на условите за забрзана трансформација на сите делови во општествениот

систем. Со други зборови, тој учествува во креирањето на новиот амбиент на пазарната економија – претпоставка за иновативниот развој на бизнис секторот.

Приватниот ИР сектор, е во серизно заостанување, мерен според бројот на создадените иновации. Понудата на иновации од приватниот ИР сектор кореспондира по ниво и структура со побарувачката на фирмите, што значи повеќе е индуциран во развојот, отколку што е креативен во создавање нови иновациони потреби за фирмите. Но, сепак во периодот на транзицијата овој приватен сектор ќе забележува сè побрз развој.

Р. Македонија, имајќи го предвид глобалниот карактер на новите технологии и нивното значење за забрзување на технолошката трансформација, треба да даде приоритет на:

- *што поголема комерцијализација на иновациите во бизнис секторот;*
- *што побрзо ширење на сопствените иновации, знаењето и увозните напредни технологии во стопанските и нестопански дејности.*

Политиката на дифузија ја истакнува потребата за дифузија на технологии создадени од домашни истражувања во бизнис секторот и нивната забрзана комерцијализација. Заради постојните услови, најголем дел од нашите претријатија ја носат карактеристиката на „стратешко неориентиран бизнис". Во таа функција потребна е перманентна грижа за едновремено развивање и перспективно спојување на две мрежи:

- *мрежа за апликација на технолошките иновации; и*
- *мрежа за пошироки извори на знаење .*

*Политиката на дифузија* треба да го развива стратешкиот пристап за развој на мрежите, ставајќи го акцентот на засилување на информационите текови. Примарен е развојот на институциите и соработката на доменот на информациите и новата технологија. Во функција на дифузијата и комерцијализацијата на новите технологии, јакнењето на информационите мрежи значи поинтензивно поврзување со техно-економските мрежи на регионално и национално ниво. Врз таа основа би требало да се очекуваат следните ефекти: координација, поврзување, соработка и зголемување на бројот на договорите меѓу различни парнери. Во принцип, секоја фирма сама тежи да воведе што посовремена информациона технологија - политиката само помага да се рашири значењето на информациите за новините кои се корисни за бизнисот. Проектниот пристап ќе обезбеди единство на пристап воден од понудата; пристап воден од побарувачката; пристап за развој на мрежите и пристап за children градба на инфраструктурата.

## 3.5. Трансфер на технологија

Дифузијата на увозното знаење и технологија е исто така нагласена потреба. Но, трансферот на технологијата може да се третира само во стимулативна смисла за зголемувањето на вкупниот иновационен капацитет на стопанството и нестопанството. Политиката на трансфер на технологијата мора да поаѓа од потребата за понатамошен увоз на технологија, со нагласена потреба за унапредување на увезената технологија и знаење во функција на јакнење на сопствената способност за вклучување во нови производства на сè понапредни технологии.

Поаѓајќи од овие определби, се цени дека трансферот на технологија, мора да обезбеди влез на напредни технологии, стратешки технолгии, ново знаење во сите облици компатиблини со современите развојни потреби, нови идеи, комуникации, позитивни вредности и принципи на деловно и економско однесување. Во Р. Македонија, неопходен е контролен механизам за законско заснованата забрана на влез на технологии кои се деструктивни, шират омраза, кои ја загрозуваат безбедноста и стабилноста на земјата, кои ја загадуваат животната средина, односно технологии кои се надвор од вредносниот систем на земјата.

Со политиката на доменот на трансферот на технологијата, се актуелизираат двата широко промовирани принципи:

- *интензивирање на двонасочниот трансфер; и*
- *единство на комерцијалниот и некомерцијалниот трансфер.*

Приоритетни насочувања се:

- Активна политика за привлекување интерес вложување и соработка на големите компании, во областа на производствата на комплементарните технологии од електроноиката, информатизацијата;
- Стимулативен, промотивен, а не дефанзивен карактер на националната патентна и лиценцна политика, во привлекувањето на интересот на странските инвеститори во новите технологии;
- Особено интензивно подржување на технолошката соработка на долгорочни проекти.

  Поставувањето на трите столбови на технолошката политика: иновационата политика, полтиката на дифузија и политката на трансфер на технологијата во едно единство, е претпоставка за конзистентна технолошка политика, чии ефекти стануваат мерливи преку зголемување на вработеноста, извозот, односно преку растот и развојот на целиот општествен систем.

**Д-р Соња Андонова**
**ГТЗ Проект за трансфер на технологија**

# ТРАНСФЕР НА ТЕХНОЛОГИЈА И УЛОГА НА ЦЕНТРИТЕ ВО РЕАЛИЗАЦИЈА НА УСПЕШЕН ТРАНСФЕР

## 1. Вовед

Минатиот век, како зршница на вториот милениум, беше период кога започна можеби најзначјаниот и најголемиот процес за развојот на човештвото и иноваторството. Истовремено, минатото столетие претставуваше и период на најголемите човекови недоразбирања, судири и разочарувања, придонесувајќи на свој начин кон човековата потреба за непрекинат прогрес без какви било радикални или краткорочни промени.

По соочувањето со последиците од уништувањата направени во текот на двете Светски војни, започна процесот на реконструкција и повторно создавање, што доведе до поделба на светот на две сфери, секоја од нив придонесувајќи на свој специфичен начин во целосниот општ процес на развој. Така, човештвото беше сведок при првите освојувчки чекори на вселената, мировната употреба на нуклеарната енергија, експлозивната индустријализација и развој на одредени делови од светот (САД, Европа, Јапонија), компјутеризацијата и можеби најпопуларната инвенција - интернетот.

Но, овој процес придонесе за уште една поделба на светот: *развиен* - кој покрива многу мал дел од светот, и *недоволно развиен* дел - кој го покрива останатиот дел од светот. Како што човештвото започна да ја согледува својата неделлива судбина, така започна да се размислува дека процесот на развој мора да постане глобален, а не локален. Понатаму започна уште еден процес - процесот на обединување и пораст на пазарите, одбегнувајќи ги притоа заситувањето и самоуништувањето.

Меѓутоа, потребата за распределба на развојот не треба да се сфати само како процес на движење помеѓу развиените и неразвиените.

Поделбата на развојот треба да се согледа како дијалектички процес кој создава, додатно, релација на развиените во локалното домашно опкружување.

Овие два спротивни, но целно ориентирани процеси ја делат идејата дека „за да постои развој, мора да се распределува(дисеминира)“. Затоа, едно од првите нешта што требаше да се пренесе беа знаењето, идеите, иновациите и тенологијата како „патека од влезот до излезот“. Понатаму се појави прашањето „како“? Како да се пренесува знаењето, идеите, иновацитe и технологијата на најефективен начин? Со други зборови, како ефикасно да се изврши *трансферот на технологија*?

*Трансферот на технологија* може да се дефинира како процес на примена на иновациите од една област (или сфера) во друга област (или сфера). Трансферот на технологија е процес при кој технологијата, знаењето или информацијата развиени во една организација (или област, или за некоја цел) се применуваат во друга организација (или област, или пак за друга цел).

Во текот на минатите дваесетина години индустриските претпијатија согледаа дека тие може (и мора) да ја подобрат својата ефикасност во работењето на тој начин што ќе воведат нови технологии во својот процес на производство. Со активно управување на трансферот на технологија, претпријатијата ги намалија временските загуби и цената на чинењето за воведување нови технологии кои доведоа до содавање поконкурентни производи. Трансферот на технологија има форма на *трговски договор* помеѓу две претпријатија - давател и примач.

Од европска перспектива, трансферот на технологија ги редуцира истражувањата што се преклопуваат, ги скратува долгорочните трошоци за истражувања на надворешните трговски пазари, и со тоа овозможува претпријатијата да користат свои сопствени сили во развојниот систем. Меѓутоа, главната причина на Европа за поддржување на овој процес се „spin-off“ ефектите или неочекуваните позитивни ефекти.

Со релативно мали вложувања овие ефекти можат значително да се подобрат, а тоа е токму она што индустриските земји го очекуваат.

## 2. Атрибути на трансферот на технологија

Прва задача во процесот на трансфер на технологија е воспоставување на проектна контрола уште во текот на развојот на концепт, што се состои во поставување на т.н. „поминува/не поминува„ проверки, а кои се во корелација со техничката, пазарната и организационата инфраструктуира, развој и планирање во даденото претпријатие. Овој план мора да е фокусиран кон примена на технологијата надвор од лабораториските истражувања и развој насочен директно кон претпријатијата, со цел во конкретните апликации да се доврши развојниот процес, сè до појавата на нови производи што ќе се пласираат на пазарот.

### *Познавањето на пазарот е движечка сила на техничкиот развој*

Анализата и познавањето на пазарот ја оправдува тенденцијата кон комерцијално-технички развој. Познавањето вклучува: анализа на потребите на корисниците, на големината на пазарот, на клучните критериуми (пазарно-специфични) за одлучување при купувањето, стратегијата при одредувањето на цените, анализа на најдобрите практични искуства и предвидувања на трендот, идентификација на пазарните бариери и анализа на конкурентните и супстиционите опции.

### *Трансферот на технологија зависи од расположивиот човечки потенцијал*

Успехот на joint ventures во истражувањето и развој зависи пред сè од организационо-персоналната компетеност, од квалификуираноста, подготвеноста, од екипираност и соодветноста, што овозможува непрекинато одвивање на транзицијата. Успешен трансфер постои кога партнерите ги обединуваат заедничките ресурси во формирањето на цените и пласманот на производите, во изведувањето на транзицијата преку организациски единици со слична големина и ранг, во перцепциите и проценките за ризикот, како и во одредувањето на приоритетите и распределбата на обврските.

### *Двигателите на индустрискиот развој го контролираат индустрискиот трансфер на технологија*

„Бизнис потенцијалот“ е единственото прифатливо рационално објаснување за индустриско-техничката иновација. Пазарните показатели го оправдуваат инвестирањето во технолошкиот развој. Дополнителните технички податоци, заедно со пазарните показатели, значително ги подобруваат изгледите за директен трансфер на технологија.

### *Трансферот на технологија завис и од човечките ограничувања*

Техничката иновација доведува до промени во формите на работењето, во составот на соработниците, во потребите за обука, во кругот на клиентите, во системот на наградување и во многу други области. Овие фактори се поврзани со човековиот потенцијал и можат да претставуваат големи пречки при комерцијализацијата на нова технологија. Влијанијата на човечките ограничувања бараат сериозна анализа, како и анализата на техничкиот развој, на пазарот и на инфраструктурното планирање.

### *Трансферот на технологија мора да ги препознае ризиците*

Идентификувањето на ризиците претставува една од најважните задачи при промоцијата на техничките иновации, а непознавањето на пазарот е најкритичниот за носителите на одлуки во индустријата. Познавањето на пазарот треба да биде оправдување за секое инвестирање во комерцијално технички развој.

## 3. Политика на трансфер на технологија

### *Општо*

*Политиката (policy)* управува со сопственииштвото, заштитата и трансферот на *технологија, литература и уметнички дела*, создадени или пак во авторска сопственост на институција, компанија, универзитет, научни работници, членови на тимови, студенти и др. Целта на политиката на трансфер на технологија е да ги охрабри, поддржи и награди научното истражување и образување и да ги признае правата и интересите на креаторот, авторот, пронаоѓачот или иноваторот, јавноста, спонзорот и универзитетот. Обврската на универзитетот да образува и ист-

ражува е примарна, и оваа политика не ги намалува правото и обврската на факултетските членови да ги шират и објавуваат истражувачките резултати заради образовни цели, што од страна на универзитетот се смета дека, по приоритет, е над комерцијализацијата на технологијата, литературата и уметничките дела. Постои тежнение оваа политика да биде конзистентна со залагањето на универзитетот за слобода на академската мисла и за вклученост на факултетот во развојот на политиката. Дополнително на тоа, стремежот и намерата на примената на оваа политика е да ги земе предвид принципите на отворена и целосна јавност, целосна непристрасност, праведен (фер) однос кон пронаоѓачот и универзитетот, потреба за разбирање и добра волја помеѓу страните што имаат интерес за технологија.

### Патент

Патент е договор помеѓу државата и пронаоѓачот, при што во замена за целосна јавност на пронајдокот државата му дава право на пронајдувачот да исклучи други лица од создавање, користење или продавање на пронајдокот за определен број години.

Има три основни типа патенти:

- *Патенти за растителни видови*, со кои се штитат нови сорти на асексуално репродуцирани растителни видови;
- *Патенти за мостри* (design), со кои се штитат определени мостри на производствени артикли;
- *Патенти за употребни пронајдоци*, со кои (како и со патентите за растителни видови и мостри) се штитат пронајдоци.

Патентниот систем има две основни цели: 1) да го штити пронаоѓачот, и 2) да го стимулира напредокот на техниката и технологијата.

### Право на умножување

Правото на умножување ги заштитува умствените производи, односно делата во пишувана форма, музички дела, скулпатура, софтвер, графички дела, цртежи и маски. За да може некое дело да биде заштитено со правото на умножување, мора да биде оригинално авторско дело запишано на некој медиум.

Правата на умножување предвидуваат екслузивни права, кои државата им ги дава (односно гарантира) на авторите, композиторите или артистите или на нивните правни застапници. Правото на умножување се користи за да се спречат недозволени репродуцирања, дистрибуирања,

јавни изведувања или прикажувања или, пак, подготвување на дела изведени од оригиналот без дозвола на авторот. Правата на умножување се издаваат за времетраење на животот на авторот или за определен број години.

Правото на умножување постои кога едно дело е создадено/креирано. Регистрацијата на правото на умножување овозможува гонење на прекршителите и предвидува определени казни против оние кои што го повредиле правото на умножување. Регистрацијата се препорачува во случај кога делото може да биде предмет на договор за лиценца.

Според законот, државата не може да добие заштита на правото на умножување за кое било дело на државата. Но, државата не е спречена да добие и држи *права на умножување* кои се пренесени на неа со документ за пренос (односно за отстапување) или, пак, како завет, оставштина или на некој друг начин.

Добивањето на регистрација на правото на умножување кај соодветните агенции е релативно едноставен и ефтин процес.

*Трговски тајни, трговски знаци*, како и *симболи* (знаци, зборови, слогани, букви и сл.) *користени од даватели на услуги* се видови на заштита на *интелектуална сопственост* и мала е веројатноста тие да можат да се применат во лаборатории и индустриски капацитети. Но, ако истражувачите во лабораторија работат со партнери од приватниот сектор, тие треба да бидат запознаени со овие типови на заштита.

## 4. Поврзаност на трансферот на технологија и универзитетите

Трансферот на технологија од универзитетите има четири примарни цели:

1. *Ги охрабрува и им помага на истражувачите (факултетски соработници) и студентите* во разгледувањето алтернативни примени на технологијата што ја развиле како дел од нивните истражувачки активности;
2. Развива и ефикасен начин за трансфер на технологија и за дисеминација на резултатите;
3. *Го зголемува приливот на приход од јавни и приватни извори кон факултетите врз база на примена на резултатите од своите истражувања и развој,* користејќи при тоа разни стратегии за лиценцирање на технологија и обезбедување фондови за поттикнување на истражувањето и, конечно,

4. *Го поттикнува економскиот развој во регионот и во државата* со изградба на цврсти врски помеѓу јавниот и приватниот сектор.

Во последните неколку години кај универзитетските соработници е присутна се поголема заинтересираност за примена на истражувачките резултати преку формирање на приватни претпријатија - spin off компании, отколку преку традиционалниот начин на давање на технологијата под лиценца на некоја постоечка компанија. За таа цел се формира центар за трансфер на технологија кој треба да изврши:

1. **Опции за идентификација и комерцијализација**. Преку една иницијална и други последователни средби и акции, тимовите на *институциите за трансфер на технологија* се запознаваат со бизнис-приликите и можностите и ги дискутираат разните начини како тие да се унапредат. Тимовите на институциите за трансфер на технологија ја презентираат и дискутираат приложената check-листа на прашања и задачи за едно start-up претпријатие.
2. **Што се однесува до универзитетот,** тимот на агенцијата з*а трансфер на технологија* може да им помага на истражувачите да обрнат внимание и да ги решат следните прашања:
   - Интерна *sign-off*-информација до соодветни управители;
   - Како да се обезбеди еден дел од приходите од комерцијализацијата за сите странки кои имаат такви очекувања – студенти, друг факултет, универзитетот;
   - Претставници на финансиските извори можат да имаат удел во интелектуалната сопственост преку полиса или претходно финансирање (претходен *funding*). Ова треба да биде разрешено и документирано во еден договор;
   - Структурни односи со инвеститорите – дали ќе се држи недвижен капитал, дали претпријатието ќе преземе иницијални активности додека е во рамките на универзитетот, трансфер на технологија кон претпријатието и тн.
3. **Подготовка на бизнис-планот:** За работа на претпријатието потребен е еден план и треба да се предвидат лимитите за перформансите за секоја лиценца. Тимот на институцијата за трансфер на технологија е во можност да им помага на истражувачите во подготовката на бизнис-планот. Планот нормално анализира како да се соберат, односно акумулираат потребните човечки и финансиски ресурси за да се обезбеди циркулација на производот кој ќе биде пуштен на пазарот заради задоволување на потребата и создавање на готовински тек, кој, од друга страна, ќе му

овозможи на претпријатието да преживее и расте. Овој план е едно проширување на документот за бизнис-можностите, но овозможува повеќе опис, детално ги разгледува финансиските проекции вклучувајќи го готовинскиот тек и, конечно, ги опишува инвестиционите можности. Еден таков план има една серија акциони планови за развој на производот, развој на пазарот - вклучително продажби и истраж увањe на пазарот, добивање на инвестиции, стратешко формирање на партнерства и тн. Тој мора да содржи специфични информации за раководењето (борд/одбор на директори) и советничките услуги (бизнис-ментори и советници). Личностите кои ќе раководат со претпријатието треба да го подготват планот. Тимот на агенцијата за трансфер на технологија може да даде коментари врз основа на еден нацрт план.

4. **Лансирање на активностите на претпријатието**: Со порастот на активностите на претпријатието ќе се намалува асистирачката вклученост на институцијата трансфер на технологија. Колку порано претпријатието има свои сопствени вработени и советници, толку подобро тоа ќе преживее на пазарот. Институцијата трансфер на технологија ќе ги надгледува активностите на претпријатието на начин кој што е договорен, и може да продолжи да дава совет и асистенција како што е меѓусебно договорено.

## 5. Начини на реализација на трансфер на технологија

Објаснувањето на значењето на трансферот на технологија не дава објаснување на процесот како тој се одвива. Во општ случај, постојат два различни начини на трансфер на технологија:

- *Преку* директен *пристап; и*
- *Преку* инкубатори.

### *5.1. Трансфер на технологија преку директен пристап*

Директниот пристап опфаќа постоење на Институција за трансфер на технологија - ИТТ (Technology Transfer Institution – TTI) (центар, канцеларија, агенција, биро). Тоа е една институција која работи според пазарни принципи, нудејќи услуги како производ.

Услугите, кои се многу покомплексни, отколку што објаснува нивниот опис со зборови, можат да бидат:

- информација;
- финансирање;

- технолошки консалтинг;
- мрежно поврзување;
- квалификација;
- едукација и обука.

*Информација*, особено во сегашнава ера, не значи само снабдување со најновите новости во секој домен, туку, исто така, развој на информатичката релација помеѓу давателот и клиентот. Задачата на ИТТ е да направи селекција, да избере начин, опсег и тн. на пружањето на информацијата која ќе му послужи на оној кој ја бара преку ИТТ. Ова посебно се однесува на малите и средните претпријатија (МСП), чија организација и димензија обично не даваат шанса за поседување специјализирано одделение за овој домен.

*Финансирањето* ќе биде разгледувано како еден метод на поврзување на адекватни бизнис-идеи со можни извори на финансирање. Задача на ИТТ е да прави селекција и просејување на идеите и да го етаблира својот сопствен интерес за нивното реализирање. Се разбира, од успехот на овој процес ќе биде зависен натамошниот општ успех на ИТТ. Понатака, тоа е процесот на поврзување на селектираните идеи кон изворите за финансирање, кои можат да варираат во нивната релација кон клиентот. Исто така, типична активност на ИТТ е да го избере адекватниот извор на финансирање, кој може да биде: грант, позајмица, кредит, лизинг и тн. и не секој извор е адекватен за предметната бизнис-идеја.

*Технолошкиот консалтинг* е еден процес, кој во основа беше објаснет порано, и тој е една врска помеѓу поседувачот на технологијата и оној којшто има потреба од неа како дел од нејзиниот прогрес и развој. Задачата на ИТТ би требало да биде таа (ИТТ) да го поврзе правиот извор со клиентот на агенцијата и да го стави во интер-релација кон другите задачи на институцијата.

*Мрежното поврзување* би требало да биде разгледувано како една креација на систем од врски за директен и непречен проток на идеи, информации, *know-how* и тн. преку ИТТ.

*Квалификацијата* е процес на натпреварување за да се стекнат определени критериуми за постигнување на определено ниво. Обично тоа е еден нов пазар, особено кога се адресирани малите и средните претпријатија. Задача и работа на ИТТ е таа да биде свесна за овие критериуми и да ги дистрибуира информациите и знаењето на траекториите кон квалификација. Тоа може да биде процес кој е ориентиран кон производот или кон клиентот, но силно поддржан од една од институциите за трансфер на технологија (ИТТ).

*Едукацијата и обуката* е последното, но не најмалку важното во овие описи. Тоа е еден процес, кој е екстремно важен, посебно за персоналот на МСП (малите и средните претпријатија) и кој со својата позиција може силно да влијае на успехот на претпријатието. Малите и средните претпријатија (МСП) поседуваат рапидна продуктивна мобилност и затоа има не еден начин на едукација и тренинг на нивниот пересонал. Исто така, вклучувањето во овој процес е поврзано со зголемување на одговорноста, обврзаноста, сатисфакцијата на персоналот на кој ова се однесува. Самиот процес, нудејќи енормни можности кои се развиени во последните години, е една прилика за ангажман на една специјализирана агенција за трансфер на техноклогија.

## *5.2. Трансфер на технологија преку инкубатори*

Трансферот на технологија преку инкубатори е еден пристап кој е широко дисперзиран низ светот, како во развиени така и во неразвиени земји. Во основа, тоа е еден метод за креирање на соодветно опкружување за start-up претпаријатија и за мали претпријатија. Тој е идеја и можност за комерцијален технолошки развој, што се смета како есенцијални барања за претпријатијата за да го отпочнат нивниот сопствен живот во овие инкубатори.

Идејата потекнува од современите универзитети и нивниот академски пересонал, кои, индискримирано поддржани од легислативата, ги стартуваа овие инкубатори за да ги промовираат нивните идеи и бизнис-идеите на студентите. Инкубаторите се места со дефинирана сопственост, за поддршка на start-up претпријатијата во форма на бесплатно снабдување со вода, електрична енергија, простор, книговодство итн. - сè тоа базирано на пазарна технологија.

Претпријатијата се строго селектирани преку развиен систем на селекција честопати креиран од страна на универзитетските професори, кои партиципираат во инкубаторите како акционери во ограничен временски период. Градските управи се вклучени во инкубаторите, креирајќи со тоа соодветна клима за вработување на новодојдени академски граѓани и на локално мигрирачката работна сила.

Едно од суштинските барања, т.е. „condition sine qua non“ е обезбедувањето на ризичен капитал (venture capital), кој се обезбедува како фонд со цел да може да се користи како извор за брза реакција потребен на претпријатијата како што се start-up претпријатијата.

Идејата фирмите да бидат основани во форма на инкубатори е процес кој што започнува глобално да се распростанува затоа што овозможува

илјадници нови вработувања, бизнис интерес кај банките и универзитетите.

*Слика 1*

**ТЕХНОЛОШКИ ТРАНСФЕР НИЗ ИНКУБАТОР**



# 6. Центри за трансфер на технологија

## 6.1. *Општо за центрите за трансфер на технологија*

*Што е центар за трансфер на технологија?*

Новите технологии, брзите ИТ-комуникации, отворањето на Европскиот пазар, структурните и економските промени, ефектите од интернационалниот и глобалниот натпревар итн. се неколку од факторите кои доведоа до потребата за основање на *центри за трансфер на технологија (Centers for Technology transfer (TTC) or Technology Transfer Centers).*

Историски гледано, одделите и структурите на некои владини и невладини институти и организации беа одговорни за активностите кои сега припаѓаат на портфолиото на модерните центри за трансфер на технологија. Денеска имплементацијата на нови технологии во праксата е главната цел на центрите за трансфер на технологија.

Обично центрите за трансфер на технологија се основаат како дел од сртруктурата на универзитетите со главна цел *зајакнување на врските на универзитетот со индустријата* за да се поддржи стопанскиот развој во регионот.

Како што веќе беше погоре споменато, една од главните причини за основање центар за трансфер на технологија е да се поддржи стопанскиот развој во регионот, што вклучува: нови *start-up* претпријатија, нови вработувања, воведување нови технологии, зголемување на инвестирањата итн.

Во следните подпоглавија ќе бидат накратко опишани претпоставки коишто треба да се имаат за отворање на еден центар за трансфер на технологија, *целите, можните партнери, и општите активности* на еден технолошки центар (или центар за трансфер на технологија).

## 6.2. *Претпоставки* за основање на центри за трансфер на технологија

Главните претпоставки и извори за основање на центар за трансфер на технологија се следните:

- *Визија;*
- *Голема заедничка желба за подобра иднина;*
- *Технички универзитет;*
- *Добро едуцирани луѓе; и*
- *Регионален концензус.*

Ако овие претпоставки се исполнети, јасно е дека успехот на идејата за основање на еден центар за трансфер на технологија (ТТЦ) во многу ќе зависи од ентузијазмот на релеванатните фактори, но не и од обемот на инвестиционите вложувања. Освен тоа, за да се онова еден центар за трансфер на технологија, постоењето на технички универзитет, како главен извор на високо едуцирани луѓе е од суштинско значење. Дури и самите студенти за време на нивните студии се мотивирани да ги усмерат своите истражувачки напори кон проекти кои се во тесна релација со индустријата во регионот. Со ова се обезбедуваат подобри услови за студентите, кои по завршувањето на нивните студии непречено отпочнуваат со нивни сопствени бизниси.

## 6.3. *Цели* на центрите за трансфер на технологија

Генерално, целите на еден центар за трансфер на технологија се:

- *Трансфер на технологија;*
- *Регионален развој со економски успех;*
- *Мрежно поврзување;*
- *Инкубатор за start-up претпријатија;*
- *Имплементација на структурни промени во технолошки ореиентираните индустрии;*
- *Создавање на нови индустрии;*
- *Нови вработувања;*
- *Насочување кон една одржлива (sustainable) иднина/развој;*
- *Да се постане еден водечки економски и технолошки регион;*
- *Промовирање на cros-border соработка;*

## 6.4. *Партнери* на центрите за трансфер на технологија

Неопходниот услов за создавање на центар за трансфер на технологија претставуваат *партнерите:*

- *Технички универзитет;*
- *Регионална трговска комора;*
- *Регионална заедница (општина);*
- *Штедилница;*
- *Приватна осигурителна компанија (или завод);*
- *Други заедници и регионални администрации во регионот.*

Од горната илустрација можеме да видиме дека делот „Партнери" бара повеќе стрпливост, постојана комуникација, перфектна организација, тимска работа и изедначување на сите индивидуални ставови. Тоа е еден долг процес, кој може да се реализира со многу тешка работа и заедничка волја, со асистенција на градската управа и банковниоит систем.

## 6.5. Активности на еден центар за трансфер на технологија во врска со start-up претпријатија

### 6.5.1. Пакетот - „Добре дојде"

Центарот за **технолошки трансфер** е еден извор на бенефиции за младите start-up претпријатија. Како што е прикажано на сл. 2, младите претпријатија уживаат многу предности во центрите:

- ***Централни административни (секретараски) услуги***: 24 часовна услуга за сите претпријатија. Ова ќе биде од помош бидејќи сите од сопствениците ќе бидат обезбедени со брза информација, мрежни поврзувања и контакати со клиените. Овој вид на услуга претставува заштеда на пари, бидејќи секретарката ќе биде заедничка за неколку претпријатија.
- ***Слободен канцелариски простор***: за мала закупнина start-up претпријатијата можат да користат канцелариски простор и неопходна опрема.
- ***Пристап до ISDN-линии*** (ISDN = Integrated Services Digital Network= дигитална интернационална телефонска мрежа за интегрирани услуги), ***факс и копир машини и пристап до интернет и етернет***: Start-up претпријатијата во центарот ќе бидат обезбедени со телекомуникациска инфраструктура, а заеднички факс и копир машини би можеле да бидат користени од страна на неколку претпријатија (на пример: една на секој кат од центарот). Ова претставува, исто така, заштеда на пари.
- ***Пристап до конференциски простор, опрема и услуги***: следната опрема, простор и услуги за одржување собири би можеле да бидат бесплатно ставени на располагање од страна на центарот:
  - Конференциска сала за семинари, презентации и состаноци,
  - Опрема за презентации, конференциски излагања и дискусии (компјутер, LCD –проектори (LCD = Liquid Cristal Display), маси, табли и т.н.),
  - Организациски услуги

- ***Контакти со трговската комора, со локалните власти, со истражувачки и консултантни институции, со деловни групи.***

Како членки на центарот, start-up претпријатијата имаат голема поддршка (од страна на раководниот одбор) при воспоставувањето на контакти на високо ниво со министерства, трговски комори, моќни бизнис групи, институции за истражување и развој итн.

*Слика 2*

**ПЛАН НА ДОБРЕ ДОЈДЕ-ПАКЕТОТ ВО ЦЕНТАРОТ ЗА ТРАНСФЕР НА ТЕХНОЛОГИЈА**




### 6.5.2. Комуникација со градот

*Освен* пакетот за „Добре дојде", комуникацијата *во рамките на општината направена е да биде едноставна за претпријатијата во центарот, така што тие лесно можат да воспостават нови контакти со*

- *Локални и странски академски партнери;*
- *Локални и странски партнери од индустријата;*
- *Владини и невладини организации.*

### 6.5.3. Бенефиции кои се добиваат од центарот за технолошки трансфер

Следните услуги би можело дополнително да им бидат понудени на претпријатијата во центарот:

- *Мрежно поврзување (со други центри за трансфер на техноло-гија);*
- *Соработување со странски технолошки региони;*
- *Консалтинг услуги;*
- *Интерни и екстерни комуникации;*
- *Систем за управување со квалитетот;*
- *Едукација и обука;*
- *Програмска и проектна координација;*
- *Други услуги.*

## 6.6. Комуникациски активности на Центарот за трансфер на технологија

*Слика 3*

**ПЛАН ЗА КОМУНИКАЦИСКИ АКТИВНОСТИ НА ЦЕНТАРОТ ЗА ТРАНСФЕР НА ТЕХНОЛОГИЈА.**



## 7. Заклучок

Текстот беше подготвен со цел да се презентираат основите на трнсфер на технологија. Читателот ќе ги најде конститутивните елементи на трансфер на технологија, особеностите, политиката на трансфер на технологија, различните пристапи кон трансфер на технологија, функциите на центрите за трансфер на технологија, партнерите во трансферот на технологија итн. Користени се светски прифатени и објавени поими и изрази за да се конструира сликата на конкурентниот трансфер на технологија кој се користи и експлоатира во високо развиените земји.

Дополнително на тоа, беа анализирани малите и средните претпријатија, како движечка сила за технолошкиот развој и беше објаснета нивната позиција во ситемот на трансфер на технологија.

Различните пристапи на институциите за трансфер на технологија беа, исто така, накратко прикажани, а беа споменати и основните услуги кои ги пружаат институциите за трансфер на технологија.

Центарот за трансфер на технологија беше земен како пример за една институција за трансфер на технологија и нејзините функции, партнери и релации кон други институции беа објаснети во повеќе детали.

Сепак, главната идеја за подготовка на овој материјал беше да се соберат на едно место главните елементи на трансферот на технологија како средство за раководење со знаењето и стопанскиот развојот. Повеќе информации за оваа материја можат да се најдат во трудовите наведени во листата на литература, како и во некои сродни WEB страници.

**Д-р Александар Петроски**
**Здружение за одржлив развој Скопје**

# ИСТРАЖУВАЧКО-РАЗВОЈНАТА ДЕЈНОСТ - НОСИТЕЛ НА ТЕХНОЛОШКИОТ РАЗВОЈ

Динамиката и насоките на технолошкиот развој на секое општество во основа е условена од нивото на вкупната развиеност на кое се наоѓа и од расположливоста на факторите на развојот. Во услови кога се располага со релативно доволен обем и соодветна структура на развојни фактори, технолошкиот развој може да се остварува без поголеми потешкотии и потреси. Меѓутоа, во услови на недоволна стопанска развиеност и оскудност со развојни фактори, особено оскудност на инвестиции, каков што е случајот со Република Македонија технолошкиот развој е мошне ограничен.

Кога ограниченоста на инвестициите се јавува во поостра форма, прашањето за технолошкиот развој, покрај другото, треба да се бара и преку посоодветна застапеност на истражувачко-развојната дејност. Во основа оваа дејност, покрај другото, треба да биде и во функција на технолошкиот развој. Таа со своите сознанија претставува мошне сложен и самостоен систем чии резултати се од посебна корист во остварувањето на процесот на технолошкиот развој. Имено, истражувачко-развојните достигнувања и нивната верификација се основни претпоставки за интензивирање на технолошкиот развој.

## 1. Институционална и организациона поставеност на истражувачко-развојната дејност

Основна претпоставка за истражувачко-развојната дејност да си ја остварува својата функција како моќен фактор на технолошкиот равој е институционалната и организационата поставеност. Соодветното решение на ова прашање треба да обезбеди услови за развој на оваа дејност и нејзин придонес во интензивирањето на технолошкиот развој.

Во Република Македонија, институционалната и организационата поставеност на научно-истражувачката дејност е регулирана во Законот за научни дејности. Со постојната законска регулатива уреден е статусот и организирањето на научно-истражувачката дејност, како и нејзиното место и значење во новите општествено-економски услови. Во постојната законска регулатива, имајќи ги предвид современите светски движења, поставеноста на оваа дејност е на соодветен начин, со што се создаваат услови за интердисциплинарен и тимски приод во проучувањета. Понатаму е регулирано поттикнувањето и помагањето на развојот на научно-истражувачката дејност, поттикнувања на развојот на научноистражувачки кадри, и сл. Исто така, со постојната законска регулатива определена е улогата на државата во поттикнувањето и помагањето на развојот на оваа дејност, пред се преку издвојувањето на соодветни наменски финансиски средства , како и преку создавање други услови со кои ќе се овозможи надминување на потешкотиите со кои се соочува оваа дејност во процесот на остварување на својата функција.

Што се однесува, пак, до истражувачко-развојната дејност во состав на стопанските субјекти, во Законот за научни дејности истата не е регулирана. Во претходниот Закон за научни дејности за истражувачко-развојната дејност во состав на стопанските и другите правни субјекти беше отстапено посебно поглавје. Со овој Закон беше регулиран статусот и организацијата на оваа дејност, усовршувањето и изборот на кадрите во соодветни стручни и специјалистички звања, финансирањето на проекти, учеството на кадрите на советувања, симпозиуми и семинари во земјата и странство и сл. Со ваквата законска поставеност на истражувачко-развојната дејност која организационо припаѓа во состав на стопански и други правни субјекти се создадени институционални претпоставки за нејзин развој, како моќен фактор за интензивирање на технолошкиот развој во нашата земја.

Научноистражувачката и истражувачко-развојата дејност во нашата земја се остварува преку следните организациони форми:

- самостојни научноистражувачки институти;
- научни единици во состав на МАНУ;

- истражувачки единици во состав на високообразовните институции;
- истражувачко-развојни единици во состав на стопанските и нестопанските субјекти.

Според ова, може да се констатира дека во Република Македонија покрај современата институционална регулираност постои и разгранета организациона форма за остварување на научноистражувачка и истражувачко-развојна дејност.

Бројот на самостојните научноистражувачки институти и на научните единици во основа ги покриваат сите научни области. Имено, според последната официјална евиденција на Министерството за образование и наука функционираат 14 самостојни научноистражувачки организации. Додека, пак, за научните единици во состав на МАНУ и во состав на високообразовните институции не постои официјална евиденција, бидејќи тие не се регистрирани како правни субјекти. Во составот на стопанските и нестопанските субјекти бројот на истржувачко-развојни единици е незначителен, така што во последниот статистички годишник не се ни евидентираат.

Поради тоа, за да се добијат соодветни сознанија за истражувачко-развојните единици извршивме непосредни истражувања во повеќе стопански субјекти. Од добиените информации и податоци може да се констатира дека истражувачко-развојните единици функционираат, ако така може да се каже, само во големите стопански субјекти, чиј број во нашава земја е мошне мал. Ова од причина што, преку процесот на трансформација на општествениот и државниот капитал големите стопански субјекти се реорганизираа на мали и средни претпријатија, кои економски, организационо и кадровски не се во можност, во својот состав, да организираат истражувачко-развојна дејност.

Покрај институционалната и организационата поставеност, основен фактор за развој на научноистражувачката и истражувачко-развојната дејност и зголемувањето на нејзиниот придонес во технолошкиот развој, претставуваат кадрите. Според последните податоци дадени во СГ/2001 бројот на вработените во научноистражувачката дејност на определено и неопределено работно време во 1999 година изнесува 3168 лица. Од нив 29,4% се доктори на науки, 15,6% магистри, 6,2% специјалисти, 22,1% се со висока стручна подготовка, а останатите се со виша, средна и друга стручна подготовка. Од вкупниот број на доктори само 1,о% се ангажирани во производниот сектор, 16,8% во владиниот сектор и 82,2% во секторот за високо образование и наука. Слична е структурата и со магистрите и специјалистите. Имено, во производниот сектор вработени се 4,2%, односно 5,1%; во владиниот сектор 30,5%, односно 2,1% и во секторот

за високо образование и наука 65,3%, односно 92,8% од вкупниот број вработени магистри и специјалисти во истражувачко развојната дејност. Според тоа, Република Македонија, иако заостанува споредбено со економски развиените земји, сепак создадена е определена кадровска база во оваа дејност која може да даде значаен придонес во интензивирање на технолошкиот развој, доколку се создадат услови овие кадри да бидат рационално ангажирани.

Незначителниот број на истражувачко-развојни единици од една страна и малиот број вработени научноистражувачки кадри во нив од друга страна, претставуваат ограничувачки фактор во интензивирање на технолошкиот развој во нашата земја. Во современи услови на стопанисување тие не се во состојба да обезбедат доволно и квалитетни истражувачко-развојни информации за насоките и нивото на технолошките достигнувања како на национално ниво, исто така и пошироко, на регионално и светско ниво. Покрај недоволната застапеност и развиеност на истражувачко-развојните единици, ограничувачки фактор во интензивирањето на технолошкиот развој претставува недоволната функционална поврзаност меѓу овие од една страна и самостојните научноистражувачки организации и научните единици од друга страна. Имено, недоволната функционална поврзаност не обезбедува интердисциплинарен приод при проучувањето на состојбите, можностите, особено идентификувањето на ограничувачките фактори и барање можности за нивно надминување, како и врз насоките на технолошкиот развој и изградување на национална стратегија за решавање на ова прашање. Понатаму недоволната функционална поврзаност негативно влијае на соодветното ангажирање на научноистражувачкиот кадровски потенцијал од самостојните научноистражувачки институции и од научните единици кои функционираат во состав на МАНУ и во состав на високо образовните институции, како и соодветно ангажирање на ионака малиот кадровски потенцијал вработен во постојните истражувачко-развојни единици во состав на стопанските субјекти. Добиените сознанија од непосредните истражувања, исто така упатуваат на констатација дека, постојните истражувачко-развојни единици се недоволно опремени со научноистражувачка инфраструктура за остварување на својата функција. Покрај малиот број на кадри во оваа дејност, нивната старосна, образовна и стручна структура е неповолна. Имено, потребните кадри се пополнуваат од внатрешни резерви во претпријатијата, кадри со несоодветна образовна и стручна подготовка кои се пред крајот на својот работен век, наместо да се примаат млади, стручни кадри. Ваквиот приод е резултат на слабата економска моќ на претпријатијата за ангажирање на млади и стручни кадри и финансирање на истражувачкоразвојната дејност.

## 2. Издвојувања за истражувачко - развојната дејност

Според светските сознанија научноистражувачката и истражувачко-развојната дејност е поместена во производната сфера. Таа во економски развиените земји високо котира на скалата на развојните фактори. Кај нас ваквата улога на оваа дејност е само декларативно прифатена. Имено, во конкретната реализација на институционалната поставеност, односно при определувањето на местото и улогата на оваа дејност во државата, а со тоа и издвојувањата за оваа намена, таа е поместена во сферата на потрошувачката. Имајќи го предвид ваквиот однос, се поставува прашањето колку е подготвен (материјално, кадровски, технички и сл.) овој развоен фактор да придонесе за динамизирање на вкупниот и посебно за динамизирање на технолошкиот развој во Република Македонија.

Во изминатиот период издвојувањата за научноистражувачката и истражувачко-развојната дејност се минимални и од година во година се повеќе се намалуваат, односно се движат во надолна линија, така што во последните години слободно може да се каже дека издвојувањата за оваа намена се незначителни. Имено, во последната година за која се располага со официјални податоци, презентирани во СГ/2001, приходот од научноистражувачката работа во истражувачките организации во 1999 година изнесува само 0,23% од бруто домашниот производ. Според сектори на извршувања, приходот од научноистражувачката работа во производствениот сектор изнесува 0,04%, во владиниот сектор 0,14% и во секторот за наука 0,05%. Во вкупниот приход од истражувачка работа, производствениот сектор учествува само со 17,8%, владиниот сектор дури со 60,7%, а секторот за наука со21,5%.

*Графикон 1*

**ПРИХОДИ ОД ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА ВО 1999 ГОДИНА**




*Извор: СГ/РМ 2001*

Земајќи ги предвид овие показатели, заклучокот сам по себе се наметнува дека издвојувањата за оваа дејност се незначителни, не само како релативни показатели, туку и како маса ако се има предвид големината на БДП по жител кој во 1999 година изнесува 1848 американски долари. Второ прашање е несоодветното насочување на вака малиот обем на финансиски средства по сектори. Имено, поголемиот дел (60,7%) се извршува во владиниот сектор, а незначително во производствениот, односно само 17,8% и во секторот за научноистражувачка работа 21,5% (наши пресметувања врз база на изворните податоци од СГ/2001).

Несоодветниот однос во финансирањето на научноистражувачката и истражувачко-развојната дејност во Република Македонија се гледа и преку инвестиционата потрошувачка во оваа дејност. Имено, издвојувањата за финансирање на инвестициите, односно инвестиционите трошоци во оваа дејност во 1999 година се незначителни и изнесуваат само 0,04% од бруто домашниот производ. Од нив само 7,1% се однесуваат на производствениот сектор, 58,4%за владиниот и 34,5% за истражувачко-развојниот сектор. Од вкупните инвестициони трошоци во оваа дејност 65,3 се однесуваат за инструменти и опрема, 9,7 за градежни работи и 25,0% за друго (наши пресметувања врз база на изворните податоци СГ/2001). Во економски развиените земји учеството на производите наменети за истражување и развој во бруто општествениот производ е неспоредливо повисоко од она во нашата земја и изнесува во Шведска 3,8%, Финска 3,3%, Јапонија 3,1%, САД 2,7%, Германија 2,5% и тн., а најниско е во Колумбија и Мексико 0,4% (податоците се користени од списанието „Економски магазин“, декември 2002година). Со издвојувања за истражувачко-развојна дејност кои се помали од 1,5% од бруто домашниот производ не се создаваат финансиски услови овој развоен фактор да има позначајно влијание врз вкупниот и одделно врз технолошкиот развој. Значи недоволните издвојувања за оваа намена претставува сериозно ограничување, овој развоен фактор да има позначајно влијание врз динамизирање на технолошкиот развој во нашата земја. Недоволните издвојувања непосредно влијаат врз забавување на техничкото опремување на институциите со современа опрема. Ова пак, од своја страна ја ограничува примената на современи методи во истражувањата поврзани со технолошкиот развој, како и поврзувањето на базите (домашни и странски) на податоци и научни и стручни информации за технолошкиот развој. Во овој контекст треба да се споменат и сериозните ограничувања во набавката и користењето на стручна литература, особено од странски јазични подрачја. Исто така, и несоодветната алоцираност на и онака малите финансиски средства придонесува оваа дејност да не може да ја остварува својата функција во технолошкиот развој.

Како резултат на незначителните издвојувања за истражувачко-развојаната дејност во Република Македонија и нивната несоодветна алокација,особено во последните години, односно неповолниот материјално-финансиски статус присутен во еден подолг временски период, а кој во последните години поизразито се манифестира, придонесе покрај другото и за недоволна заинтересираност за продолжување со работа во оваа дејност на постојниот истражувачки кадар. Така што не се ретки појавите овие кадри, иако определен дел од својот работен век го поминале во оваа дејност, да ја напуштат истата. Исто така, младите дипломирани кадри, согледувајќи ја неповолната материјално-техничка и финансиска состојба во истражувачко-развојната дејност која се повеќе се влошува, не се определуваат да се занимаваат со истражувачко-развојната проблематика. Според тоа, незначителните издвојувања за функционирање на овој развоен фактор дестимулативно влијае не само на постојните туку и на младите идни истражувачки кадри, потенцијал кој е основен и незаменлив фактор во интензивирање на технолошкиот развој во нашата земја.

Присутните неповолни движења во сферата на издвојувањето за развојните истражувања, во кои значајно место им припаѓа на истражувањата поврзани со интензивирање на технолошкиот развој, ја наметнува неопходноста од изградување на соодветен систем за финансирање на оваа дејност. Со тоа ќе се создадат услови за надминување на ограничувачките фактори во функционирањето на овој мошне значаен развоен фактор и остварување на понагласен придонес како во вкупниот, исто така и за технолошкиот развој. Според тоа, без радикално подобрување на материјално-техничката и финансиската положба на научноистражувачката и истражувачко-развојната дејност во Република Македонија, не може да се очекува таа да ја остварува својата развојна функција, односно да стане она што по својата природа и припаѓа во остварувањето на технолошкиот развој.

## 3. Истражувачко-развојна продукција

Остварувањата во истражувачко-развојната дејност и нивото на нејзината развиеност во основа може да се согледаат преку обемот и видот на реализираните истражувања. Основа за тоа претставува водената истражувачко-развојна политика во која се дефинира програмската ориентација на оваа дејност воопшто и одделно програмската ориентација на технолошкиот развој на земјата. Нејзината реализација настанува преку конкретни програми во кои се определуваат целите, насоките, видот и динамиката на истражувањата. Притоа, треба да се имаат предвид постигнатите резултати од соодветните истражувања и нивото на технолошкиот

развој. Исто така, треба да се имаат предвид расположливиот научно-истражувачки и стручен кадровски потенцијал и другите (материјални, технички, институционални, организациски) претпоставки кои и стојат на располагање на истражувачко-развојната дејност, а кои непосредно влијаат врз остварувањето на нејзината функција во динамизирање на технолошкиот развој.

Објавувањето на добиените резултати од истражувањата претставува завршна фаза во истражувачко-развојната активност. Преку оваа фаза се врши верификација на добиените резултати од аспект на нивната оригиналност и применливост во процесот на технолошкиот развој, како на ниво на земјата, исто така и на ниво на светските достигнувања во соодветната истражувачко-развојна дисциплина. Поради тоа, објавените резултати од истражувањата, претставуваат значаен индикатор за согледување на достигнувањата во развојните истражувања и нивното влијание врз интензивирање на технолошкиот развој.

Во Република Македонија во 1999 година завршени се 255 проекти (во претходните години состојбата битно не се разликува). Од нив 47,5% се од доменот на техничките, 5,1% од биотехничките науки, останатите истражувања се од доменот на природно-математичките, медицинските, општествените и хуманитарните науки. Интересно е да се истакне дека само 11,4% од истражувањата се реализирани во производствениот сектор. Останатите проекти се реализирани во владиниот сектор (31,8%) и во научноистражувачкиот сектор (56,8%). Исто така, кога се говори за улогата на истражувачко-развојната дејност во интензивирањето на технолошкиот развој, интересно е да се види структурата според видот на истражувањето. Од вкупниот број завршени истражувачки проекти само 18,4% се експериментално-развојни, 33,4% применети и 48,2% се основни фундаментални истражувања. Додека пак според нарачателот на истражувањата 44,7% се нарачани од стопанскиот сектор, 42,8% од владиниот сектор (министерствата) и 12,5% од други нарачатели (релативните показатели за завршените истражувачки проекти добиени се врз основа на апсолутните износи од СГ/2001).

Изнесените показатели за завршените истражувачки проекти и за нивната структура според научната област и видот на истражувањето недвосмислено укажуваат на малиот обем на истражувања и на нивна неповолна структура од аспект на позначајно влијание врз технолошкиот развој во нашата земја. Ова е резултат на несоодветната водена политика за технолошкиот развој и несоодветниот третман на истражувачко-развојната дејност од аспект на издвојувањата за оваа намена, несоодветната материјална и техничка опременост на истражувачко-развојните институти, како и недоволната нивна програмска и функционална поврзаност.

*Графикон 1*

**СТРУКТУРА НА НАРАЧАТЕЛИ НА ИСТРАЖУВАЊА ВО 1999 ГОДИНА**




*Извор: СГ/РМ 2001*

## 4. Претпоставки за истражувачо-развојната дејност да стане носител на технолошкиот развој

Во услови кога скоро сите индикатори укажуваат на неповолните движења во истражувачко-развојната дејност во нашата земја, тешко може да се говори за некаква посоодветна насоченост на истражувањата во поттикнување на технолошкиот развој.Сегашната застапеност и насоченост на истражувањата поврзани со технолошкиот развој е резултат на покажаниот интерес за одделни истражувања и од ограничените можности за реализација на истражувањата.

При дефинирањето на насоките и подрачјата на истражување би требало да се има предвид дали станува збор за фундаментални истражувања како основа за реализација на применетите и развојните истражувања или станува збор за применето-развојни истражувања кои непосредно се поврзани со технолошкиот развој во определена стопанска област или гранка. Понатаму, дали истражувањата се однесуваат за надминување на проблемите во постојните технолошки процеси или станува збор за истражувања поврзани со изнаоѓање и развој на нови технологии. Според тоа, изборот на видот, насоките и подрачјата на истражувањата претставува мошне значајно прашање на кое треба да му се посвети посебно внимание, доколку сакаме истражувачко-развојната дејност со своите резултати да претставува значаен чинител во технолошкиот развој.

Имајќи ги предвид овие, како и други прашања во зависност од областите во кои се вршат истражувањата и нивната специфичност, за утврдувањето на приоритетноста на истражувањата во насока на технолошкиот развој, неопходно е да се дефинираат определени критериуми според кои во основа ќе се врши изборот. Имајќи го предвид значењето на ваквиот приод при определувањето на приоритетите, како критериуми би можеле да се посочат:

- достигнувањата на светската научна мисла во соодветниот домен на истражување;
- нивото на развиеност на истражувачко-развојната дејност и нејзината подготвеност (институцинална, организациона, кадровски, техничко-технолошки, материјално-финансиски и сл.) за реализација на предвидените истражувања во доменот на технолошкиот развој на земјата;
- интердисциплинарноста и комплексноста на предложените истражувања;
- очекуваните резултати од истражувањата и нивното значење за технолошкиот развој;
- применливост на добиените резултати од истражувањата;
- значењето на предложените истражувања во интензивирањето на меѓународната техничко-технолошка и други видови соработка.

При ова треба да се истакне дека изборот на насоките и подрачјата на истражувања поврзани со технолошкиот развој претставува мошне сложено прашање, особено во услови кога во нашата држава дејствуваат повеќе ограничувачки фактори. Меѓу нив се вбројуваат: техничко-технолошката застареност на мошне голем дел од расположливите производствени капацитети, незначителните издвојувања за истражувачко-развојната дејност, незначителниот број на истражувачко-развојни единици во стопанството, недоволната функционална поврзаност на постојните истражувачко-развојни институции и нивната недоволна опременост со научноистражувачка инфраструктура, недоволната заинтересираност и ангажираност на расположливиот научноистражувачки и стручен кадровски потенцијал и сл. Поради тоа, решавањето на прашањето поврзано со насоките на технолошкиот развој во нашата земја бара продлабочени истражувања во еден подолг временски период и со ангажирање на истражувачи од повеќе научни области.

Доколку сакаме да се определиме и да ги прифатиме светските сознанија дека научноистражувачката и истражувачко-развојната дејност е развоен фактор и носител на технолошкиот развој, неопходно е да се

создадат услови за тоа. Меѓу позначајните претпоставки оваа дејност да ја остварува својата функција во вкупниот и одделно во технолошкиот развој во вистинска смисла на зборот се вбројуваат:

- создавање услови (материјално-технички и финансиски) за организирање и развој на истражувачко-развојни единици во состав на стопанските субјекти;
- опремување на постојните истражувачко-развојни институции со научноистражувачка инфраструктура;
- создавање услови (институционални, материјално-технички и сл.) за формирање на истражувачко-развојни центри на ниво на стопански дејности и гранки;
- посодветно вреднување на истражувачко-развојниот и стручниот труд и на нивните резултати;
- поддршка во оформувањето на научноистражувачки и стручен кадровски потенцијал;
- зголемување на издвојувањата за истражувачко-развојната дејност во висина на издвојувањата во средно економски развиените земји и тоа од 1 до 1,5% од бруто домашниот производ;
- изнаоѓање соодветни механизми за функционално поврзување на истражувачко-развојните институции и единици со стопанските ресори и стопанските субјекти;
- посоодветно алоцирање на материјално-техничките и финансиските средства наменети за истражувачко-развојната дејност;
- создавање услови за посоодветно ангажирање на постојниот научноистражувачки и стручен потенцијал во земјата.

Ова се само некои од базичните претпоставки, чие остварување ќе придонесе научноистражувачката и истражувачко-развојната дејност да стане развоен фактор во нашата земја во вистинска смисла на зборот, а оттаму и носител на вкупниот и одделно на технолошкиот развој во Република Македонија.

**Д-р Марија Зарезанкова-Потевска**
**Министерство за економија**

# ТЕХНОЛОШКИОТ РАЗВОЈ НА МАЛИТЕ И СРЕДНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА СО УНАПРЕДУВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА СО СТРАНСКИ ПАРТНЕРИ

## Вовед

За секторот на малите и средни претпријатија е од особена, приоритетна важност да се утврди конзистентна национална политика на поддршка на неговиот непречен развој заради голема улога и значење во процесот на економското преструктуирање и во економскиот развој во целина. Особено малите и нови претпријатија имаат тежок пристап до капитал, до информации и до нова технологија, вклучувајќи ги и новите знаења, што е аргумент повеќе, во индустриските политики на високо развиените земји да се дава приоритетно место и значење на севкупната поддршка на развојот на малите и средни претпријатија.

Во услови на економска транзиција, процесите на економско учење започнуваат во претпријатијата кои во услови на променети услови на пазарот се принудени да ја зајакнуваат нивната конкурентна способност преку процесите на економско учење и внесување иновации. Економското преструктуирање на стопанството создаде многу мали и нови претпријатија на кои им е нужна помош и разни видови на поддршка во нивното работење од релевантни институции, а пред сè со создавање на поволен деловен амбиент за стопанисување без пречки.

Брзиот технолошки развој бара нови стандарди во управувањето и во донесувањето на одлуки во економијата на сите нивоа. Макро нивото е многу комплексно бидејќи треба да создаде поволен амбиент за развој на конкурентно способна економија, а на микро ниво претпријатијата нужно треба да донесуваат одлуки кои обезбедуваат конкурентност преку висок квалитет и висока ефикасност при користење на лимитирачки фактори. Тоа, сепак, е условено од макроекономскиот амбиент.

ОЕЦД [1] дава препораки на земјите членки во областа на поддршката на технологијата и иновациите во 6 области: стимулирање на дифузијата (ширење) на технологијата и врските меѓу универзитетите и претпријатијата; јакнење на иновационата и технолошката политика; јакнење и реформа на научните истражувања и научната база; зголемување на ефикасноста на стимулациите за истражување и развој во стопанството ; олеснување на растот на претпријатијата, базирани на нови технологии, вклучувајќи и ризичен капитал и нови млади претпријатија; јакнење на рамките за утврдување на политики и нивна примена;

*Европската повелба за мали претпријатија* [2] ги обврзува земјите на ЕУ да ги задоволуваат потребите на малите претпријатија во повеќе области, вклучувајќи го и јакнењето на технолошкиот капацитет на малите претпријатија и успешните електронски (е бизнис) деловни модели.

*Националната стратегија за развој на малите и средни претпријатија*, усвоена во јули 2002 година од Владата на Република Македонија, содржи мерки и инструменти, меѓу другото, и за поддршка на технолошкиот развој.

Исто така и *Програмата на мерки и активности за поддршка на развојот на претприемништвото и создавање на конкурентност на приватниот сектор во Република Македонија*, усвоена во јануари 2003 од Владата на Република Македонија, ја содржи поддршката во областа на развојот на информатичките технологии, инвестициите во технолошкиот развој и иновациите, како и поддршката на интернационализацијата на малите и средни претпријатија.

Партнерството и соработката со странски партнери се особено важни за примена на нови технологии и знаења, без кои не е можна успешна интернационализацијата на малите и нови претпријатија. Продлабочувањето на соработката со странските партнери е можна преку преземање

---

[1] Види пошироко: ОЕЦД Сциенце,Тецхнологs анд Индустрs Оутлоок 2000.

[2] Види пошироко: Еуропеан Цхартер фор Смалл Ентерприсес, (адоптед бs Генерал Аффаи Цоунцил,13 Јуне 2000, анд њелцомед бs тхе Феира Еуропеан Цоунцил,19/20 Јуне 2000).

на повеќе мерки на макро, мезо и микро ниво и нивна доследна реализација.

## 1. Карактеристика на секторот на малите и средни претпријатија

Секторот на малите и средните претпријатија во стопанството на Република Македонија има многу големо место и улога и добива сè поголемо значење на клучен динамички фактор на целокупниот општествено-економски развој. Сепак, јакнењето на малото стопанство во прв ред зависи од создавањето поволен деловен амбиент и клима, поволно деловно опкружување што значи донесување и примена на системските закони кои ќе ги елиминираат бариерите на патот на непречениот брз развој на секторот на малите и средни претпријатија. Отстранувањето на пречките на патот за брз развој, преку нивно елиминирање во повеќе области, а пред сè во регистрирањето, при добивањето на дозволи за градба на објекти, при финансирањето на нивните активности, во областа на судството, во системот на даноци итн, потребно е да се направи што побрзо и поефикасно во интерес на развој на претприемништвото.

Глобализацијата на светската економија наложува нови современи облици на деловно работење, примена на нови знаења, нова технологија и деловна соработка во интерес на обезбедување конкурентно производство и опстојување на светскиот глобален пазар на стоки и услуги.

На овој план во нашата земја треба да се направат уште многу чекори, иако во развојните документи е дадено приоритетно место на развојот на приватниот сектор.

Малите претпријатија во Република Македонија во 2001 година учествуваат со 98,3% во вкупниот број на активни претпријатија (34.716) и опфаќаат 41% од вкупната вработеност во стопанството на земјата. Исто така, и бројот на занаетчиите регистрирани како физички лица изнесува 7.000 лица во 2001 година, што ја покажува високата застапеност на малите стопански субјекти во стопанската структура на Република Македонија.

Во 2001 година само 1,4% од вкупниот број на регистрирани деловни субјекти се средни по обем претпријатија. Процесот на преструктуирање се одвива брзо, со сите позитивни и негативни влијанија и реперкусии од економски и социјален аспект.

*Табела 2*

**СТРУКТУРАТА НА АКТИВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА НА КРАЈОТ ОД 2001 ГОДИНА**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Мали претпријатија | 34.113 (98,3%) | вработени | 119.565 (41%) |
| средни | 484 (1,4%) | вработени | 72.565 (24,8%) |
| големи | 119 (0,3%) | вработени | 100.526 (34,2%) |
| вкупно | 34.716 (100%) | вработени | 292.526 (100%) |

*Извор:Централен регистер на РМ*

*Графикон 1*

**СТРУКТУРАТА НА АКТИВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА НА КРАЈОТ ОД 2001 ГОДИНА**




*Извор: Центален регистер на РМ*

*Графикон 2*

**СТРУКТУРАТА НА ПРЕТПРИЈАТИЈА СПОРЕД ВРАБОТЕНОСТА ВО 2001 ГОДИНА**




*Извор: Центален регистер на РМ*

Република Македонија е на многу ниско ниво во однос на развојот и примената на нова технологија поради повеќе причини: скромни финан-

диски средства со кои располагаат образовните и истражувачките институции, отсуство на технолошка политика и политика за трансфер на технологија, а соодветно на тоа и мерки за поддршка и помош на иноваторството, на трансфер на технологија, на истражувањата и развој на соодветни институции.

## 2. Трансфер на технологија и знаење (лизинг, франшизинг, лиценци)

Развојот на технологијата и знаењето се тесно поврзани со севкупниот развој на стопанството. „Владеењето на технологијата и нејзиното поврзување со пазарните можности се темел за успешно претприемаштво и добро водено претпријатие“.[3] Развојот на техниката и технологијата и нејзината примена зависи од општествената, историската, економската и културната структура на секоја земја. Располагањето со нова техника и технологија означува зголемување на конкурентската способност на претпријатијата на пазарот и го овозможува нивниот опстанок и развој.

Развојот на техниката и технологијата е нераздвоен дел од севкупниот економски развој на секоја земја. Техничко-технолошкиот прогрес се остварува во високоразвиените земји кај кои се создадени сите предуслови за развој на науката, техниката и новите технологии. Недоволно развиените земји, вклучувајќи ги и земјите во транзиција, најчесто се задоволуваат со трансферот на технологии преку големите светски корпорации, но треба да прават напори за утврдување и примена на активна политика на технолошки развој која вклучува низа мерки за поддршка на иноваторството и примена на нови знаења. Затоа, техничката култура, знаењето и примената на искуствата од развиените земји се битни претпоставки за вклучување на секторот на малите и средни претпријатија во светскиот економски развој и движења.

На менаџментот во малото стопанство, како нужност за опстанок во конкурентската борба на светските пазари на производи и услуги, му се наметнува како императив прифаќањето на новите техничко-технолошки решенија и нивната примена. Менаџерите треба да создадат услови за прифаќање на новините кои ги нуди техничко-технолошкиот развој, а од нивната брзина во одлучувањето, од прифаќањето на новите знаења и искуства во користењето на најновите техники и технологии, зависи нивото на нивното ефикасно работење и стопанисување.

Брзото застарување (морално абење) на опремата, на техниката и на технолошките решенија, наметнува потреба од постојани истражувања

[3] Според Јосифовска д-р Антонија: „Франшизата и лизингот во развојот на малите и средни претпријатија“, Скопје, 6.6.1997, стр. 97

и развој на техничко-технолошките решенија во смисла на нивни постојани усовршувања и подобрувања, сè во интерес на опстанок во борбата за поконкурентно стопанисување.

За претприемачите и менаџерите во малото стопанство најчесто се наметнува задачата да се биде во чекор со најсовремената технологија и техника, што е доста отежнато поради финансиски тешкотии и отсуство на соодветни знаења и искуства за нивно користење. Затоа, во високоразвиените земји, посебно внимание се посветува токму на усовршувањата и образованието на кадарот, што се врши преку специјални истражувачки институти, центри за развој и истражување на универзитетите, агенции итн. со цел за осовременување на знаењата и побрзо прифаќање на најновите знајења и технологија и соодветна нивна примена.

Специјализирани агенции му помагаат на малото стопанство, за да се дојде до саканата техника на полесен начин, да се изврши трансфер на технологијата, вклучувајќи го и соодветното знаење за нејзина примена. Најчесто транснационалните компании, кои едновремено и ја произведуваат, вршат и трансфер на технологијата, а малото стопанство тешко стигнува до нив. Затоа се нужни соодветни информации и знаења за идентификација на вистинските потреби за соодветен вид технологија, па адекватно на тоа соодветен избор и преговори за набавка по најповолни услови кои ќе бидат достапни до малостопанствениците.

Поради сите овие аспекти, вклучувајќи ги и високите трошоци за најсовремените техничко-технолошки решенија и методи на работа, преносот на технологијата е многу битен за успешниот развој на секторот на малите и средни претпријатија и е голем предизвик за претприемачите.

Франшизинг-системот, лизинг-системот и лиценцните договори, претставуваат форми на трансфер на технологијата, важни за развојот на малите и на средните претпријатија и за нивниот опстанок, но едновремено претставуваат инструмент за финансирање. Покрај нив, трансферот на технологија се врши и со директни странски инвестирања, купување на опрема од странство итн.

Современиот технолошки менаџмент и маркетинг ги апсолвира најсовремените форми на трансфер на технологија како предуслов за конкурентно способни економски субјекти и утврдува деловна политика која ги почитува потребите и можностите за одреден вид на трансфер на технологија.

Комерцијалниот трансфер на технологија опфаќа повеќе видови како: увоз-извоз, странски директни инвестиции, заеднички вложувања, лиценци, франшизи, договори за соработка (Суб контрацти), соработка со коопертанти, договор „клуч на рака“ итн.

Некомерцијалниот трансфер на технологија исто така е многу битен за развојот на малите и средни претпријатија и едновремено за зголемување на нивната конкурентска способност и е поврзан со образовната компонента на поддршката,бидејќи тој ги опфаќа конференциите за техничките науки, научната и техничката литература, обуката на странски универзитети, ангажирање на врвни странски инженери, обука во странски претпријатија, а секако тука спаѓаат и личните контакти и индустриската шпијунажа.

Лиценците, франшизинг договорите, заедничките вложувања претставуваат значаен трансфер на технологија и знаења и обезбедуваат стратешко партнерство, а меѓу другото се специфична форма на финансирање на малите и средни претпријатија. Во Република Македонија овие форми на партнерство не се многу развиени, односно се во зародиш.

### 2.1. Лизинī-сисūем[4)]

Лизинг-системот (на англиски леасинг значи наем, закуп) е применет најпрвин во педесеттите години од 20-иот век во САД. Тој претставува посебна метода на финансирање на инвестициона опрема или недвижнини и мобилна опрема. Лизингот е важен инструмент за финансирање на малото стопанство и на претпријатијата кои немаат доволно финансиски средства за набавка на потребните средства за работа.

Лизингот како систем на финансирање, особено на опрема, има многу голема важност за поттикнување на развојот на малото стопанство заради своите предности: корисникот на лизингот не мора за новата опрема да ангажира средства во готови пари, потоа, наемнината се плаќа од приходите што се остваруваат со користењето на предметите набавени со лизингот, па со овој систем на користење на опремата дел од ризикот се пренесува на лизинг-претпријатието.

Лизинг-деловните односи помеѓу партнерите се воспоставуваат врз основа на наем, како договорен пренос на правото на користење на современи техничко-технолошки достигања - опрема, недвижнини, определени трајни потрошни стоки, што на корисниците им овозможува да ги

---

4) „Договорот за лизинг е таков договор со кој давателот на лизингот се обврзува да му го даде предметот на користење на корисникот на лизингот на определено време или за определена работа, а корисникот се обврзува да плати определен надомест (наемнина) во рати, со тоа што по истекот на договорениот рок да му го врати предметот на давателот или да продолжи со користење или да го купи“ - Плавшиќ д-р Снежана, Николовски д-р Александар: „Практикум за трговското работење“, Завод за унапредување на стопанството на РМ, Скопје, 1993, стр. 90.

финансираат своите инвестиции на релативно полесен начин во однос на користењето банкарски кредити.

Со развојот на лизинг-системот на малите и на средните претпријатија им е попристапно финансирањето на потребните инвестициони добра за вршење на своите стопански активности, а особено поради фактот што лизингот нуди погодност бидејќи не се потребни гаранции, освен што како гаранција служи опремата набавена со лизингот, што не е случај кај банкарските кредити. Според податоците на Меѓународната финансиска корпорација, во 1994 година 1/8 од приватните вложувања во светот се врши по пат на лизинг, во земјите на ОЕЦД 1/3, додека во САД 350 милијарди долари се финансираат преку лизинг.[5)]

Предностите на лизинг-системот би можеле да се класифицираат на следниот начин: минимум плаќање во готовина, т.е. лизингот најчесто се плаќа со 10% од вкупниот износ; лизингот пред претпријатијата поставува помалку финансиски барања, т.е тоа е полесен начин да се дојде до потребните средства отколку преку банкарски кредити; не постои опасност од застарување на опремата, бидејќи може да се користи на кус рок и потоа да се замени за нова, на крајот на периодот на лизингот; во лизингот е вградено одржувањето на опремата, што ги намалува трошоците за обртен капитал; лизингот обично се третира како оперативен трошок, со што се намалува данокот; лизинг-системот овозможува голема флексибилност во плаќањето бидејќи се плаќа во подолг рок во однос на банкарскиот заем, а месечните плаќања може да се вршат во зависност од приливот на готовината, што е многу важно, особено кај претпријатијата со сезонска продажба; давателите на лизингот, на клиентите им даваат стручни совети.

Како недостатоци за лизингот се сметаат: опремата земена под наем не е сопствена се додека не се отплати целата; на долг рок трошоците се високи; не постои можност за откажување на лизингот.

Во САД постои мрежа на надлежни институции за лизинг на опрема како: Америцан Аутомотиве Ассоциатион во Васхингтон, Арлингтон, Натионал Вехи Леасинг Ассоциатион во Сан Франциско. Во Европа е позната асоцијацијата на сите европски здруженија на лизинг претпријатија-Леасеуропе

### *2.1.1. Закон за лизинг*

Донесувањето на Законот за лизинг („Слижбен весник на РМ број 4/ 2002) во почетокот на 2002 година наведува на констатацијата дека и во

[5)] Според Јосифовска д-р Антонија: „Франшизата и лизингот во развојот на малите и средни претпријатија“, Скопје, 6.6.1997, стр. 97.

Македонија конечно созреаја сфаќањата за потребата од законско регулирање на прашањето за лизинг системот.

### *2.2. Лиценци*

Лиценците како форма на комерцијален трансфер на технологија и начин за вклучување на стопанските субјекти во светските економски текови претставуваат важен инструмент за развој на малото стопанство и соработката со странски партнери. Лиценцата, покрај франшизата и заедничките вложувања, претставува и значајна форма на стратегиско партнерство кои во светот се развиваат и поддржуваат и кои едновремено означуваат и средство за финансирање на малото стопанство.

Со договорот за лиценца „давачот на лиценцата се обврзува да отстапи во целост или делумно права на користење на своите пронајдоци, патенти, технички знаења, знаења, искуства, жигови итн на примачот на лиценцата, кој за тоа плаќа определен надомест“.[6]

Според тоа, со лиценцниот договор меѓу претпријатија од разни земји најчесто се врши трансфер во најголем дел, на материјален имот со немерливи предности, како знаења, т.е. нематеријални пронајдоци, производствени постапки и технички знаења и искуства. Независно дали се работи за територијално или временски ограничена или неограничена лиценца, факт е дека во сите земји многу малостопанственици го започнуваат своето самостојно стопанисување преку лиценцни договори. Користењето на лиценци од страна на малото стопанство е многу привлечно доколку лиценцните права што се отстапуваат не се многу скапи.

Како главна забелешка на оваа форма на трансфер на технологија, особено во недоволно развиените земји, е застареноста на купената технологија, потоа територијаните ограничувања итн. Од друга страна, давачите на лиценцата обично се жалат на отежнатата заштита на правата од индустриска сопственост во другите земји, потоа на отсутност на контрола во работата итн.

Со адекватна заштитна политика на државата (во САД правото на патент трае 17 години) на малите претпријатија им е дадена можност бргу да се развијат во големи претпријатија и дури и да имаат монополска положба на пазарот (на пример, ПолароидЏероџво САД). Затоа, со соодветна економска политика надлежните органи би требало да го анализираат дејството на монополските организации, да развиваат конкуренција и да интервенираат навреме во случај на растројства и нерегуларности на па-

6) Плавшиќ д-р Снежана, Николовски д-р Александар, исто, стр.97.

зарот. На пример, во САД постојат многу остри законски забрани на работа на претпријатијата кои по незаконски пат ја спречуваат конкуренцијата, продаваат неквалитетна стока итн.

Лиценцните договори постојат, но не се во подем. Поради непостоење на иновативни, развојни центри и агенции за трансфер на технологија кои се неопходни во помагањето на развојот на приватниот сектор и за технолошкиот развој во земјата, многу патенти на македонските пронаоѓачи немаат можност да станат иновации и евенуално да бидат предмет на лиценцни договори.

### *2.3. Франшизинг систем*

Во стопанското право „договорот за франшизинг претставува договор во кој едната страна-давач на франшизата му го отстапува на другото лице-примач на франшизата, за определен надомест, правото во својата работилница да користи определена стока и услуги по точно утврдени услови, трговско име, знак, надворешен изглед или други заштитени права, како и неговите технички и деловни искуства, со обврска примачот да работи според системот на организацијата и работењето на давачот на франшизата, при што тој му обезбедува на давачот на франшизата помош, совети, едукација на кадрите и вршење контрола“.[7] Со договорот за франшизинг, всушност, е извршена поделба на работата во процесот на продажба на стоки и во вршењето на услуги помеѓу „правно независни, а економски тесно поврзани деловни партнери“.[8]

Вообичаено давачот на франшизата (франшизорот) го обезбедува и го спроведува својот успешен и разработен систем на работење, а најчесто тоа е економски јако претпријатие, со голем углед и реноме, со свој познат знак на производите и услугите.

Од друга страна, примачот на франшиза, т.е. франшизантот, е заинтересиран за вклучување во деловното партнерство и соработка со економски посилен, поуспешен и попознат партнер покрај себе, со што се овозможува негов сопствен развој, опстанок на неговото претпријатие и

---

7) Плавшиќ д-р Снежана, Николовски д-р Александар: „Практикум за трговското работење“, Завод за унапредување на стопанството на Република Македонија, Скопје, 1993.

8) Башеска-Ѓорѓиеска д-р Марика: „Франшизинг аранжманите како стратегиско партнерство - можност за експанзија на малите и средни фирми во Република Македонија“, IX Симпозиум за квалитативните фактори на стопанисувањето, Влада на Република Македонија, Стопанска комора на Македонија, Сојуз на економистите на Македонија, Охрид, 1966, стр. 156.

стекнување профит преку унапредување на прометот на стоки, со што се зголемуваат и ефектите во работењето.

Главната карактеристика на франшизингот како систем на работење е стандардизацијата на стоките и услугите, како основен концепт на деловното работење. При потпишувањето на договорот за франшизинг, обврска на франшизантот е да уплати определена сума пари за влез во системот (на продажба), таканаречена почетна такса (инитиал фее), потоа соодветно на работењето, франшизантот одвојува дел од својот остварен профит (во годишен процент) при продажбата на стоките и извршените услуги (таканаречен роsалтs фее).

Давачите на франшизата се многу познати производители, економски независни силни компании кои својот углед и реноме го шират преку давање на право на продажба на своите производи и услуги на примачите на франшизата - франшизантите, кои се обично, економски послаби компании. Тоа се претпријатија кои тешко обезбедуваат почетен капитал за своето работење, така што ним преку договорот за франшизинг им се обезбедени услови за успешно работење и успешен старт и поттикнување.

Резултатите од развојот на франшизингот укажуваат дека договорот за франшизинг претставува високо регулиран систем со кој на сопственикот на бизнисот му се овозможува да ја прошири својата дејност преку продажба, понуда на правата на франшизинг или дистрибуција на производите и услугите под заштитен знак на давачот на франшизата - франшизорот и со користење на неговиот докажан и признат маркетинг план и систем, со систем корисен и за франшизантот и за франшизорот.

Во практиката постојат два основни вида франшизинг-договори: стоковни и деловни. Стоковниот франшизинг се карактеризира со продажба на стандардизирани стоки, на договорен начин, најчесто ексклузивни права за продажба на одредени стоки, на определено место. Кај деловниот франшизинг карактеристичен е стандардизираниот начин на работење и стандардизираниот начин на давање услуги.

Договорот за франшизинг всушност е договор за деловна соработка на подолг рок и честопати постои систем на франшизинг во кој давачот на франшизингот (франшизор) засновува повеќе договорни односи со поголем број примачи на франшизата (франшизант).

Единствена обврска за примачот на франшизата е унапредување на прометот на производи и услуги обезбедени со ист трговски знак, зголемување на својот деловен углед (гоодњил), а со тоа и угледот на давачот на франшизата. Со различни клаузули, му се забранува на примачот на франшизата да ја дава својата франшиза под наем или да отвори своја филијала со сличен вид на работење. Најчесто во договорите за франшизинг се предвидува долг рок на траење, обично од две до дваесет години.

Уште во 1863 година во САД фирмите Сингер, Кока Кола (1882 година) и Џенерал Моторс (1896 година) први започнале со договори за франшизинг, а оваа практика продолжува и денес, така што околу 50% од нивната вкупна продажба на мало се врши на овој начин. Една третина од американската продажба на мало е извршена преку франшизинг работење со 15% од вкупната работна сила во САД. Во почетокот на деведесеттите години од минатиот век, франшизинг бизнисите 2 до 10 пати повеќе егзистираат во однос на индивидуалните претприемачи.[9] Во САД франшизинг-системите се присутни во повеќе од 60 индустриски дејности и стопански области, во кои се вработени повеќе од 8.000.000 луѓе.

Уште од шеесеттите години на минатиот век во САД започна процес на франшизинг-системот на работа на претпријатијата како можност за развој на претприемништвото и зголемување на вработеноста, производството, профитот. Заради тоа и започна да се развива законската регулатива, органите и институциите за заштита на правата на франшизантите, како и давањето помош на субјектите вклучени во франшизинг-системите[10].

Во САД,[11] како резултат на таканаречената експлозија на франшизинг-системот, секои 17 минути се отвора нова франшизинг работа. Интернетот денес овозможува на релативно лесен начин да се дојде до разни информации и директни контакти за франншизинг дооговарања и услуги.

Во Европа, франшизинг-системот има своја брза експанзија во почетокот на осумдесеттите години на 20иот век, како резултат на силното влијание на американското искуство и развојот на франшизинг-системот (МцДоналд'с, Сервице-Мастер, Цоца Цола, Пепси Цола, Холидаѕ Инн, Пизза Ху Авис, Бургер Киг) итн.

Во земјите на Далечниот Исток - Малезија и Сингапур системот на франшизинг е прифатен како инструмент на социјалната и економската

---

9) Според Игор Павлин: „Бусинесс Формат Францхисинг ас а Соол фор Ентрепренеурсхип Девелопмент ин тхе ЦЦЕ Цоунтриес", 24-тх Еуропеан Смалл Бусинесс Семинар, Словениа, Септембер, 21-23, 1994, стр. 534.

10) Според „Смалл Бусинесс Адвисор". Во текот на 1993 година во САД, Федералната комисија за трговија едногласно го усвои новиот Униформ Францхисе Офферинг Циркулар, додека уште во 1979 година е донесена законска регулатива на Федералната комисија за трговија, со која се заштитени франшизантите, преку почитување на правилата во законите. Во САД постои Меѓународна асоцијација на франшизинг консултанти, Меѓународна франшизинг асоцијација и многу други организации, органи итн.

11) Според Смалл Бусинесс Адвисор", Тхе Ентрепренеур Магазине, Јохн Њилеѕ анд Сонс, Нењ Ѕорк, 1995, стр. 213.

политика. Така, во рамките на Владата на Малезија е формиран Оддел за развој на franшизингот кој има своја прифатена програма на кус, среден и долг рок, а од неодамна е основана Малезиската франшизинг асоцијација. Исто така, и Владата на Сингапур има основано Развоен центар за франшизинг.

Во земјите во транзиција постои тенденција за развој на домашни мали франшизинг-системи, иако присуството и влијанието на странските франшизинг-системи е многу силно.

Во Македонија познати франшизори се Бенетон, Мегдоналд's, Цоца Цола, Пепси Кола,Холидај Ин, но можностите и потребите се далеку поголеми. Системот на франшизинг, како општоприфатен систем на трговска размена и деловна соработка на партнерите, овозможува успешен развој на малите стопански субјекти, овозможувајќи го нивниот стабилен опстанок преку обезбедување сигурност во работењето и во стекнувањето профит. Малите претпријатија, вообичаено, немаат почетен капитал, а преку франшизингот тоа им се обезбедува, заедно со потребното знаење, тренинг, методите на продажба, начинот на водење на бизнисот, обезбедувајќи на тој начин промет и поголем профит. На тој начин, малостопанствениците се однапред привилегирани, бидејќи поради претходно извршената селекција сигурни се дека нивното работење ќе биде успешно, со оглед дека продаваат ексклузивни производи на реномирани компании, со што однапред се обезбедува реноме и клиентела.

Од друга страна, давачите на франшизата имаат свои предности и корист преку проширувањето на своето работење со отворањето на свои филијали, т.е. франшизинг деловни единици, бидејќи го прошируваат пазарот за своите продукти и услуги, не вложувајќи свои дополнителни инвестициони средства за оваа намена, со што обезбедуваат постојан приход. Освен тоа, партнерите добиваат нови идеи, нови искуства и сознанија за своето поле на стопанисување, преку нови методи на работа, нови производи итн., што сè заедно создава плодна подлога за развој на претприемништвото, за поголема вработеност и за поуспешен стопански развој во целост.

### *2.3.1. Предности и слабости*

Франшизинг-системот е доста поволен за стопанствениците кои сакаат слобода во стопанисувањето и имаат чувство за својата сопствена работа, а имаат поддршка од страна на франшизорот. Франшизинг-системот им дава предност на купувачите на франшизата и тоа има влијание врз севкупниот развој на малото стопанство во целост.

Како недостатоци на франшизата може да се истакнат: зголемување на трошоците на работата за 2-6%; на подолг рок постојаните (фиксни) трошоци се поголеми отколку ако франшизантите работат сами итн.

## 3. Промоција на кооперативните форми на соработка

Користењето на напредна технологија претставува услов за поголема ефикасност во деловното работење и за зголемување на конкурентската способност на малите и средни претпријатија. Но, во наши услови поради високите цени користењето на најсовремената, висока технологија е реално недостапно за нив. Тоа ја потенцира потребата од заеднички настап во барањето и пристапот кон специфичните извори на нови технологии преку разни видови соработки и партнерство.Преку кооперација и партнерски односи се врши трансфер на знаење и технологија, што е особено битно за земјите кои немаат доволно сопствена технолошка способност. Заедничкото партнерство на малите и средни претпријатија се карактеризира со долгорочна стратешка соработка со која се обезбедува зголемување на вредноста на компаративните предности на претпријатијата, нивните конкурентни предности[12] и нивните заеднички ефекти, корисни за сите партнери.

### *3.1. Стратегиски партнерства-здружувања*

Заедничкото партнерство, односно здружувањето меѓу претпријатијата има за цел зголемување на вредноста на компаративните предности на претпријатијата и на нивните заеднички ефекти, корисни за сите партнери (њин/њин принцип)[13]. Стратегиските партнерства обезбедуваат полесен пристап до најновите технологии, обезбедуваат интернационализација, изнаоѓање нови пазари, инвеститори, намалување на политичкиот и финансискиот ризик итн. Од друга страна, се смета дека се губи независноста на партнерите преку овој пат на здружување и деловно работење. Статистиката покажува дека околу 50% од стратегиските партнерства пропаѓаат, но сепак се јавуваат нови партнерства во интерес на заеднички цели и користи.

Мотивираноста за стратегиско партнерство (Стратегиц аллианце) на малите и средни претпријатија произлегува од потребата за добивање на нови

---

12) Види пошироко: Мицхаел Фаирбанкс & Стаце Линдсаѕ, Плоњинг тхе Сеа,Нуртуринг тхе Хидден Соурцес оф Гроњтх ин тхе Девелопинг Њорлд, форефњорд бѕ Мицхаел Е. Порт Харвард Бусинесс Сцхоол Пресс, Бостон,1997

13) Ица Рајсхек: Стратегиц „Аллианце ан тхе Смалл Фирм „“,24тх Еуропеан Смалл Бусинесс Се инар,1994, Словениа, Септембер 21-23,1994,стр.229

технологии и постигнување на квалитет во производството, од потребата за полесен пристап на пазарот, од потребата за продлабочување на знаењата, за намалување на политичкиот и финансискиот ризик, за осигурување на конкурентска еднаквост, за обезбедување на профит и т.н.

- Како значајни форми на стратегиско партнерство, кои во светот се развиваат и поддржуваат и кои едновремено означуваат и средство за финансирање на малите и средни претпријатија, се: лиценците,франшизинг договорите, заедничките вложувања.

Заедничките вложувања претставуваат стратешко партнерство и претставуваат, меѓу другото, и форма на финансирање на малите и средни претпријатија. Во Република Македонија овие форми на партнерство не се многу развиени.

- кооперанските (субцонтрацтинг) договори меѓу големите и малите претпријатија итн.

Малото стопанство може да биде важен сегмент на останатото „големо“ стопанство преку воспоставување на кооперански, субцонтрацтинг договори за соработка. Мајкл Портер, познат американски научник, стратегиското здружување го смета за широко базирана стратегија на меѓународно лидерство. Тоа здружување води кон повисоки форми на организираност, што е прифатливо и пожелно во конкурентската битка на меѓународните пазари. Поврзувањето на малите и големите стопански субјекти преку кооперантски договори е особено битно и за македонското стопанство.

Договорите за техничка и деловна соработка и кооперација се меѓу малите и средни претпријатија од една страна и големите претпријатија од друга страна. Тие беа присутни во минатото, денес повторно се обновуваат, но со послаба динамика. Преку развојот на кооперантски и договорни (субцонтрацтинг) односи и слични форми на соработка во областа на производството, дистрибуцијата, настап на странски пазари и слично, се обезбедува поефтино квалитетно производство и услуги. Малите и средни претпријатија обично работат преку договорни (субцонтрацтинг) односи со големите претпријатија, во областа на автомобилската, авионската, воената индустрија, компјутерската опрема и т.н. Во македонското стопанство овој вид на соработка постоеше во минатото, а денес не е доволно развиен. Потребни се стимулирања на ваквиот вид на соработка во националната и меѓународната соработка, со што се шират и потребните нови знаења и економско учење како неопходен фактор за успешноста на малите и средни претпријатија и стопанството во целина.

Во Република Македонија овие форми на кооперација не се доволно поддржани со системски мерки и не се развиени адекватно на потребите.

## 4. Програми за промоција на соработка

а) Нашата земја нужно треба да се вклучува во програмите на ЕУ кои се многубројни и се во функција на развој на малите и средни претпријатија со директна финансиска и нефинансиска поддршка, во областа на информирањето и поддршката на деловното работење, во промоција на соработката и кооперацијата. Во таа смисла, досега беа активни следните проекти:

- Проектот- Европартнеријат, што претставуваше можност за поврзување и соработка на стопанствата од земјите во транзиција и земјите на ЕУ преку одржување на саемски манифестации;
- Проектот на ЕУ за меѓугранична соработка со Република Грција, кој сега прераснува во Проект за развој на еврорегиони;
- Проектот на ЕУ за меѓугранична соработка со Република Грција и со Република Албанија, кој исто така прераснува во Проект за развој на еврорегион во тој дел на Балканот.

б) Во ЕУ во областа на развојот на партнерството и соработката меѓу земјите членки и пошироко се реализирани повеќе програми:

- Кои обезбедуваат мрежа на институции за информации и за промоција на соработките како:ЕУРО-ИНФО Центри, БИЦ мрежата (центри за бизнис информации), БЦ-Нет (Бусинесс Цооператион Нетњорк (мрежа за деловна соработка) и многу други институции, асоцијации и тела. На жалост во Македонија не постои ниту еден ваков центар;
- Кои обезбедуваат поддршка на конкурентската способност, преку проекти за тренинг и консалтинг, како што се ЕУРО-МАНАГЕМЕНТ, ЕУРОМАРКЕТИНГ и други;
- Кои обезбедуваат учество во програми за индустриски технологии и материјали (ЦРАФТ) итн.

ЕУ има изградено систем на инструменти за спојување на политиката на поддршка на технолошкиот развој и политиката на поддршка на малите и средни претпријатија и во тие рамки е даден приоритет на овој сектор во програмите за истражувања во технолошкиот развој. Во таа насока постојат голем број на програми (околу 1.117) за поддршка на иновациите, информатичките технологии и технолошкиот развој во малите и средни претпријатија.

Од особена важност е вклучувањето на Македонија во овие програми и проекти, со цел поврзување на претпријатијата и технолошки развој

за поскоро приближување до ЕУ во сите сфери на работење и живеење, согласно потпишаната Спогодба за асоцијација и стабилизација во април 2001 година.

## 5. Развој на електронско деловно работење ( е бизнис)

Во услови на информатичко општество во кое се наоѓаат најразвиените национални економии, современиот начин на деловно работење го вклучува електронското водење на претпријатијата, односно информатичката технологија и техника е длабоко навлезена во секојдневното деловно работење. Едноставно, современото, модерно претпријатие кое претендира да биде ефикасно во своето работење и да биде конкурентно способно и компетентно во својат дејност,мора да ги прифати и да ги применува најновите методи на работење и новите знаења. Електронското водење на претпријатијата, електронската комерција, информирањето, комуникацијата стануваат основен начин и метод на работа.

Таканаречениот е бусинесстанува основен метод на работа. Во услови на глобализација на светската економија и глобалната конкуренција на претпријатијата им се потребни брзи, навремени деловни и друг вид на информации, кои единствено можат да се добијат со користење на електронската техника. Тука се посебно битни мрежите за полесен технолошки пристап и мрежите кои обезбедуваат широки извори на знаење и информации. На тој начин се обезбедува можност за соработка на претпријатијата од различни земји во сите области, а особено во примената на новата технологија.

Се наметнува потребата на македонските мали и средни претпријатија да им се помогне во вклучување на користење на најсовремената технологија на работењето, нивно вклучување во регионални и меѓународни специјализирани мрежи на организации и институции за разни видови на услуги, информации и други активности на претпријатијата. Оттука се јавува потребата од развој на национална мрежа на инстируции, центри за промоција на нови технологии, за ширење на технолошкото знаење.

## Заклучок

Во услови на глобализација на светската економија, секторот на малите и средни претпријатија нужно се интернационализира, а за тоа е потребно соодветно да се подготви. Единствено конкурентно способни претпријатија, што вклучува и примена на најсовремени знаења и нови технологии, можат да станаат дел од светскиот пазар на стоки и услуги преку деловна соработка, партнерство и директни договори.

Со цел да се продлабочи и да се засили соработката со странските партнери, а со тоа и да се обезбеди технолошки развој на македонската економија, потребно е преземање низа законски и економски мерки и инструменти, а пред сè:

- Донесување на стратегија за економскиот, социјалниот и технолошкиот развој на Република Македонија и нејзина конзистентна примена;
- Донесување на технолошка политика (политика на технолошкиот развој) која ќе поддржува супституција на увозот,поддршка на иноваторството и сопствен технолошки развој и технолошка способност во одделни приоритетни области;
- Донесување на национална политика на поддршка на развојот на малите и средни претпријатија;
- Создавање на поволно деловно опкружување за непречен развој на претприемништвото;
- Активно вклучување во програмите на ЕУ, во интерес на зголемување на партнерството и соработката со странски партнери;
- Промоција на проектите на ЕУ за обука во областа на деловното работење, трансферот на технологија и технолошкиот менаџмент и маркетинг посебно,со цел да се обезбеди побрзо приближување кон европските стандарди за образование и стручност. Посебен аспект да се стави на: е- бусинесс, е- говернанце, е- едуцатион;
- Основање фонд за ризичен капитал кој ќе инвестира во високо ризични малите и средни претпријатија кои развиваат висока технологија и кои внесуваат иновации;
- Фонд за развој на мало стопанство кој ќе го финансира иноваторството кај малите и средни претпријатија, ќе обезбедува гаранции за добиени кредити за технолошки новини, ќе субвенционира камати итн;
- Законска и друга поддршка за основање на технолошки паркови,деловни инкубатори, иновативни центри и други институции за технолошка поддршка;
- Законска и друга поддршка на лизингот, франшизата, лиценците, како инструменти за финансирање на малите и средни претпријатија и трансферот на технологијата.

**Борис Чаловски**
**Стопанска комора на Македонија**

# СТРАНСКИТЕ ДИРЕКТНИ ИНВЕСТИЦИИ И ТЕХНОЛОШКИОТ РАЗВОЈ

## Вовед

Многу земји имаат за цел и би сакале да привлечат странски директни инвестиции (СДИ) нудејќи секогаш сè поблагопријатни пакет услови, оправдувајќи ги нивните активности со добивање на очекувани надворешни знаења, генерирани од надворешните деловни партнери.

Наспроти големите најави пред јавноста за големото значење на СДИ во економската политика, сепак многу малку е сторено за поддршка на оваа цел. Покрај фактот што СДИ се многу важни за јавната политика, има мала евидентност во поддршката и преземањето мерки.

Следејќи ги советите на мултилатералните агенции за развој (policy-makers), носителите на политиката во многу земји во развој и земји во транзиција, привлекувањето на директните странски инвестиции им зазема високо место во нивните агенди, бидејќи се надеваат дека влезот на СДИ ќе им донесе нови технологии, know-how, а тоа ќе помогне во зголемувањето на продуктивноста и конкурентноста на домашното производство на домашниот и на странските пазари. Многу земји одат над тоа, давајќи им на странските партнери „наднационален третман", нудејќи им на странските компании стимулации и ослободување од плаќање царини и даноци, односно многу поповолни услови од оние што им се обезбеду-

ваат на домашните фирми. Како економски рационален ваквиот третман носителите на политиката го оправдува со тоа што надворешното влијание од СДИ ќе влијае на продуктивност кај домашните фирми, под притисок на конкуренцијата од надвор. Но, единствен проблем е што нема доказ дека надворешното влијание генерира пораст на продуктивноста кај домашното производство како резултат на СДИ.

## 1. Директни странски инвестиции

Вкупните директни странски инвестиции во Република Македонија кон крајот на 2001 година достигнаа 843,7 милиони долари.

Во 2001 година забележан е најголемиот прилив и износ на директни странски инвестиции.

*Табела 1*

**ДИРЕКТНИ СТРАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ
ПО ГОДИНИ И ВИД НА ИНВЕСТИРАЊЕ**

| Година | 1996 | 1997 | 1998 | 1999 | 2000 | 2001 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Влез на ДСИ во мил.САД$ | 11,20 | 15,72 | 117,80 | 33,0 | 175,1 | 443,30 |

*Извор: Народна банка на Македонија*

Најзначајниот износ на директни странски инвестиции е остварен во или со приватизационите и пост-приватизационите трансакции преку Македонската берза на акции.

И покрај растежот на странските директни инвестиции и нивното разместување во повеќе сектори на производство и дејности на економијата во изминатиот период, истите малку придонесоа за забрзан развој и подигање на технолошкото ниво и освојување на меѓународните стандарди ИСО. Ваквата состојба неповолно се одрази врз производствените активности и производството воопшто, по тој основ и на извозот на македонските производи на странските пазари. Според нецелосни податоци со кои располагаме во Република Македонија имаме сертифицирани 70 производи и услуги со ИСО стандард. Во постапка за сертификација би можело да има уште околу 66.

За споредба, според податоците од Стопанската комора на Словенија, тие имаат сертифицирано со ИСО стандарди над 850 производи.

Од оваа споредба можеме да констатираме колкаво е заостанувањето кај нас.

Исполнувањето на ИСО стандардите за производите и услугите кои претендираат да бидат извезени и вклучени на меѓународниот пазар е

аргумент кој ги препорачува производите и гарантира за нивниот квалитет. Таквите производи се препознатливи и за потрошувачите. Можеме да констатираме дека и досега, особено во иднина тешко ќе можат да бидат вклучени без исполнување на овие квалитативно технички стандарди.

*Табела 2*

**СТРАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ ПО СЕКТОРИ (2000-2001 ГОД.)**

| Сектор | 2000 во мил.СД$ | 2001 во мил.САД$ |
|---|---|---|
| Транспорт и комуникации | 0,45 | 364,20 |
| Финансиски сектор | 104,70 | 11,20 |
| Производство | 34,50 | 37,50 |
| Градежништво | 19,10 | 12,40 |
| Рударство и преработка на метал | 9,60 | 2,10 |
| Трговија и одржување | 2,40 | 8,50 |
| Деловни активности | 2,36 | 8,52 |
| Катеринг трговија | 0,14 | 1,30 |
| Земјоделство и рибарство | 0,01 | 1,35 |
| Останато | 0,15 | 0,08 |

*Извор: Податоци на НБМ*

*Графикон 1*

**СТРУКТУРА НА СТРАНСКИ ДИРЕКТНИ ИНВЕСТИЦИИ ПО СЕКТОРИ ВО 2001 ГОДИНА**




*Извор: Види табела 2*

Макар што најголемите странски инвестиции дојдоа преку приватизацијата на македонскиот Телеком (од МАТАВ - Унгарија), беа привлечени и од секторот производство, производство на црна металургија, цемент, преработка на сурова нафта, храна и пијалоци, текстил, но исто така и во банкарството и осигурувањето.

## 2. Директни странски инвестиции по земји

Најголем странски инвеститор во Република Македонија по земји е Унгарија (најмногу преку МАТАВ), следат од Грција, Соединетите Американски Држави, Швајцарија, Кипар, Германија, Велика Британија и Словенија.

*Табела 3*

**НАЈГОЛЕМИ ИНВЕСТИТОРИ**

| Инвеститор фирма | Земја на инвеститорот |
|---|---|
| Matav | Hungary |
| Balkanbrew | Greece |
| Nelenic Petroleum | Greece |
| Titan/Halderbank Financier glaris | Switzerland |
| Balkan Steel | Liechtenstein |
| Duherko Skop Investment | Liechtenstein |
| Knauf Gmbh | Austria |
| Tobacna | Slovenia |
| QBE LTD | Great Britain |
| National ank of Grece | Greece |
| FHLKirjakidis S.A. | Greece |
| Elsbisko SA Atika | Greece |

*Извор: Агенција за приватизација*

## 3. Даночната регулатива и СДИ

Даночниот систем во Македонија е во процес на трансформација. Основните принципи и задачи на даночните реформи имаат за главна цел да го догради постојниот систем во нов модерен и ефикасен систем кој ќе биде попривлечен за странски инвеститори и да биде компатибилен со оној на ЕУ.

Основната такса за компаниите со странски акционери (доколку имаат најмалку 20% од акциите) се намалуваат за пропорционалното учество на странската инвестиција, за времетраење од првите три години од инвестицијата. Така на пример, даночната стапка за компанија со странски акционер кој поседува 60% од акциите би била 15x(100%-60%)=6%. За странска компанија која поседува 100% од акциите не плаќа данок во пр-

вите три години од работењето. Исто така, не се оданочува ниту трансферираниот профит.

*

* *

Досега изнесеното се однесува на фактичките состојби со странските директни инвестиции во Република Македонија, од гледна точка за нивното ниво по години, износи, земји, компании и гранки во кои СДИ се инвестирани.

Едновремено кратко е посочена даночната регулатива која се однесува на овие инвестиции, со оценка дека истата не е доволна за да привлече и мотивира странски компании да инвестираат во Македонија. Но, сакам да кажам дека не е само даночната политика таа која пресудно влијае врз ориентацијата на странските инвеститори.

Странскиот капитал и технолошкиот развој се императив на преструктуирањето на производството кај економските субјекти согласно меѓународните стандарди, тоа е суштината на темата. Како да дојдеме до поблизок одговор. За да тоа биде што поблиску до реалноста, спроведов анкета со определен број субјекти по репрезентативна метода. Одговорите на менаџерите и носителие на сопственоста е речиси истоветна или многу блиска.

Пред да поминам на заедничките погледи на анкетираните македонски компании на оваа тема, мислам дека е важно да истакнам какви беа движењата во светот во 2002 година, можеби со надеж дека поблиску ќе можат да ја проценам перспективата на СДИ во Македонија во 2003 и натаму.

Странските директни инвестиции во минатата година значително се намалени речиси за 800 милијарди долари. Опаѓањето се должи на забавувањето на резултатите од работењето во светската економија, потоа опаѓањето на деловната доверба, а особено настаните од 11 септември во САД. Продолжената економска процесија, бавното враќање на деловната доверба особено во САД во извештајот на УНКТАД се оценува дека не треба годинава да очекуваме зголемување на директните странски инвестиции. Кон ова треба да се истакне влијанието на евентуалната војна против Ирак што ќе има силно негативно влијание врз деловните активности на светската економија.

Но сепак би спомнал дека извесно зголемување СДИ забележаа во економиите во развој и Централна и Источна Европа.

Врз извршената анкета може да се извлечат две суштински оценки. Предолг период, можеби повеќе од 15-тина години производството технолошки заостанува и нема никакви инвестирања во нови технологии, иновации и преструктуирање на производството воопшто, а особено на производството наменето за извоз.

**Првата** суштинска оценка која ја потврдува анкетата е осетното заостанување во техничко-технолошкиот развој, а следствено на тоа квалитетот, стандардите, конкурентноста. Особено технолошкото заостанување е присутно во производството на метали како: олово и цинк, бакар, феролегури и фероникел, челик и производи од челик (без „Макстил“ каде се реализира значајна програма за модернизирање во склад со европските барања).

Технолошките промени се во фокусот на интересот на развојните политики на макро и микро план. Унапредувањето во техниката-технологијата има голем придонес врз економскиот раст и развој. Унапредувањето на технологиите, растот на продуктивноста, новите производи и услуги сè позначајно учествуваат во стапките на растот на економиите во сите развиени земји и оние кои го следат технолошкиот развој.

Ако е тоа така се наметнува констатацијата од неопходноста за започнување инвестиционен циклус за развој и итно техничко технолошко преструктуирање, особено во секторите во кои имаме доволно домашна супстанца и резерви. Такви сектори се: производство на метали, градежни материјали и мермер, земјоделски и прехранбени производи, текстил, фармација, хемија, енергија, сточарство, лозарство, тутун итн. Овде овие производи и сектори се наведени како пример.

**Следната, втора** суштинска оценека е неможноста за финансирање на инвестициониот циклус и забрзан технолошки развој бидејќи не располагаме со финансиски средства за тоа.

Немањето домашна акумулација, немање домашно штедење заради познатите економски состојби, преголемиот надворешен и внатрешен долг, обврската за финансирање на странските достасани обврски и тн. оневозможуваат инвестирање во нов развоен циклус, ниту во техничко технолошка модернизација и преструктуирање на економијата.

**Следствено на тоа допираме до можеби единствената можна шанса - директните странски инвестиции.** Но, како до нив?

Напред наведените податоци не се охрабрувачки заради состојбите во регионот, како последица на тоа состојбите во земјата, пречестите и трајни екстерни шокови, незавршената приватизација, нестабилниот економски систем во земјата, конкуренцијата од други земји итн. Амбиентот за привлекување директни странски инвестиции не е атрактивен,

покрај долгата соработка со бројни странски партнери кои добро не познаваат.

Со падот на СДИ во 2001 година, сè повеќе станува важно за земјите да „измерат" какви се нивните резултати во смисла на привлекувањето на СДИ и каков е нивниот потенцијал во иднина. Како да се „измери" тој резултат за привлекување СДИ? Според извештајот на УНКТАД постојат два индикатори: еден за домашниот потенцијал за СДИ и другиот за резултатите од СДИ. Овие два индикатори даваат изненадувачки резултати за 140-те земји и економии. На врвот на листата на извозници на СДИ се развиените земји. Економиите во транзиција и земјите во развој имаа најголема полза во периодот меѓу 1985 и 2000. При тоа се воочува:

- променливите корпоративни стратегии се движечката сила на најголемиот дел од светската трговија особено во електрониката, автомобилската индустрија и текстилот. Со оглед на улогата, што транснационалните корпорации ја имаат во извозот, земјите како нашата ги зголемуваат напорите да привлечат извозно-ориентирани СДИ и да ги искористат, бидејќи таквите СДИ се смета дека имаат најголеми развојни предности. Конкуренцијата за ваквите инвестиции ги тера земјите да прифатат и посебни услови за привлекување СДИ
- поповолни за странските субјекти во споредба со домашните, како и попрецизен пристап во промоцијата на СДИ. Успешното таргетирање упатува кон анализа за релативните предности и слабости на локацијата во светлина на корпоративните стратегии кои влијаат на одлуките за локацијата. Таквиот пристап може да ги зголеми шансите за привлекување на таков тип на инвестиции кој ќе придонесе за остварување на развојните цели на земјата.

Од тука втората суштинска порака и констатација: за да се добијат максимум развојни придобивки од извозно ориентираните СДИ, пресудна е улогата на владината политика. Транснационалните корпорации се фокусираат на постојните компаративни предности на земјата домаќин, особено ниските трошоци на работна сила, постојните способности и можности, технолошките можности, мрежата на добавувачи и логистиката кога нивните извозни активности се лоцираат во неразвиените и земјите во развој. За земјата домаќин целосно да може да ги исползува бенефициите и да ги трансформира во динамични и одржливи предности, неопходна е соодветна активна политика на владата. За да се подобри конвергенцијата меѓу деловните цели на претпријатијата и националните развојни цели, програмите на СДИ исто така треба да се конзистентни со националните приоритети и стратегии.

Како што извештајот за СДИ покажува, во Република Македонија приливот на СДИ во 2001 година значително е поголем во споредба со 2000 година. Така, од 175 милиони САД$ во 2000 година порасна на 430 милиони САД$ во 2001 година. Што се однесува за учеството на земјата во глобалниот износ на СДИ, со нејзиното учество во глобалниот БДП, вредноста за Македонија во 1998-2000 година се намалува што ја пласира на 66-то место од 140 земји. Тоа покажува дека стопанството на Македонија добива помалку СДИ од очекувањата според неговиот обем. Резултатот 1998-2000 - индекс на домашниот потенцијал за СДИ (составен од осум варијабли: стапка на БДП пораст, БДП по жител, учество на извозот во БДП, број на телефони на 1000 жители, комерцијална потрошувачка на струја по жител, учество на трошоците за истражување и развој во бруто националниот доход, учество односно број на студенти во популацијата, како и политичкиот и комерцијалниот ризик во земјата) за Македонија е 0,250, што ја рангира на 86 место.

Ова се состојбите кои се важни за натамошниот од.

Анкетата во завршниот дел покажа:

**Предностите за привлекување СДИ кај нас се:**

- релативно ефтина работна сила;
- добро обучена работна сила во повеќе сектори;
- местоположба на голема раскрсница;
- релативно задоволителна даночна политика за СДИ, (ослободување од плаќање данок 3 години, 15% данок на добивка...);
- бројни спогодби за слободна трговија 11;
- Договор за стабилизација и асоцијација со ЕУ;
- задоволителни ресурси за експлоатација во повеќе сектори;
- Слободни царински зони во Скопје, Кавадарци.

**Слабости кои пречат за позначано привлекување на СДИ се:**

- недоволно стабилна политичка ситуација;
- сериозно технолошко заостанување во производството и услугите,
- нестабилен економски систем во земјата;
- назадоволиелно функционирање на правниот, законскиот и судскиот систем во земјата;
- корупција;
- недефинирани односи во приватизацијата и постприватизацијата;
- необезбеденост од некомерцијален ризик.

Во завршнава реченица сакам да укажам на: потребата од доградување на системот за привлекување на СДИ, дополнување на „асортиманот“ на предности од законско системска гледна точка, како реално единствена шанса за стабилизирање на економијата и започнување нов развоен циклус.

**М-р Љерка Тот - Наумова**
**ОХИС АД Скопје**

# ИНВЕСТИЦИИТЕ КАКО ФАКТОР ЗА ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА АД ОХИС

***„Креативноста е еден од последните можноси на легален начин да се здобие предност пред конкуренцијата“***
***Ed Mc Cabe***

## Што е технологија?

Поимот ***технологија*** се дефинира пред сѐ, како фактор за развој и се нагласува неговата основа врз науката. Според **Mesthene**: „Технологијата е организирана примена на научни и други организациони знаења наменета за практични цели.“ [1]

**Jantsch** нагласува : „Технологијата опфаќа широки подрачја на истражувања од областа на физичките и општествените науки.“ [2]

Додека **Edward Denison** од Brooking институт технолошкото унапредување го дефинира пошироко ; не ги вклучува само производните техники, туку и менаџерските техники и новите форми на бизнис организаци-

1) Економска енциклопедија II,СА,Београд, 1984 година

2) Економска енциклопедија II,СА,Београд, 1984 година

јата. "Поопшто, технолошкото унапредување е поврзано со откривањето на ново знаење кое овозможува комбинирање на дадена количина на ресурси на нов начин за да резултира во зголемен аутпут".[3]

## 1. Технолошкиот развој - процес на капитализација на знаењето

Кога технологијата се поистоветува со знаењето и информациите станува неопходно да се поврзат сите современи промени под еден поим „технолошки развој." Технолошкиот развој е многу комплексен феномен кој аналитички може само да се апроксимира, но тешко дека ќе може и точно да се опише. Економската анализа на технолошкиот развој, неговите тенденции и економски закономерности добиваат посебно теоретско и практично значење во сегашниот период кога коренито се менуваат економските можности на научно- технолошкиот напредок и се формира нова материјално-технолошка основа на општеството. Технологијата се јавува како основен носител на промените во создавањето на општествениот производ. Традиционалните фактори на производството: ангажиран труд, капитал и природни ресурси, ***технологијата*** ги става во заден план и приматот му го довери на човечкиот ресурс како моторна сила на стопанскиот развиток.

Знаењето има пресудна улога во развојот воопшто. Отворањето на пазарот на знаење дејствува благотворно врз сите останати производствени фактори. Знаењето пазарно може да се валоризира и да се третира као капитал.

Како е тоа можно?[4] Одговорот се претпоставува во технолошкиот и организациониот, па и финасискиот мотив при комбинирањето на производствените фактори. Познато е дека повисоко технолошко ниво на постојниот капитал претставува и релативно пониско учество на повисока супституција на трудот со капитал на единица производ. Подобрата организација на технолошкиот процес, раководењето и маркетингот претпоставуваза иста количина произведен производ пониско капитално ангажирање.Знаењето и во кој и да е дел од технолошкиот развој, па и во финасиската умешност на изворите и средствата во билансите, супституира одредена количина капитал. Значи, во дополнување на факторот производство се воведува уште „креативност" и „иновациска клима" – истражување и наука. Искуствата покажуваат дека парите вложени во фундамен-

3) Проф. д-р Златка Поповска, Политика на технолошкиот развој, Економски факултет, Скопје, 2000 гидина, стр.28

4) Д-р Мироључб Шукарев –„Знаењето во функција на капиталот"/1991 год.

тални истражувања имаат стапка на повраток од 28% годишно, додека на технолошките иновации им се припишуваат над две третини од порастот на продуктивноста. Денешната технологија е еден интегрален систем на интелектуалните, културните, раководните, па дури и политичките компоненти, таа е единство на производствената, инвестиционата и иновационата способност.

### 1.1. Технолошкиош развој во економскиош амбиенш на македонскошо сшойансшво

Карактеристики на современите технологии не е можно да се објаснат надвор од контексот на економскиот развој. Од тој контекст Република Македонија е во големо заостанување во освојувањето и примената на современите технологии, а едновремено е ставено во значителна технолошка зависност од странство. Ова поради фактот што крупните лиценци најчесто беа со застарени техничко-технолошки решенија, невалидни за странските сопственици, со што нашата земја постепено се претвораше во техничко-технолошка колонија на странски мулти-национални компании. Имајќи ги предвид горните напомени, технолошката зависност на македонското стопанство се манифестира со : условеност, во најголем број случаи поради купување на застарена увозна опрема и резервни делови под неповолни кредитни услови; условеност за купување на увозни суровини и материјали; недоволно гарантирани технолошки перформанси за купените лиценци и странски технологии; неможност за потполно користење на инсталираните капацитети со купена технологија; ограничени можности за извоз на финални производи од странски технологии, пред сè, поради инфериорна положба спрема мултинационалните компании; неможност за конзистентно користење на домашните кадровски потенцијали, особено во развојот на сопствен „know-how“, “softwere“ и слично. Високиот степен на технолошката зависност на македонското стопанство влијаеше и врз значителната девизна задолженост во изминатиот период, без некоја солидна перспектива споменатите инвестиции во инсталираните капацитети да можат со сопствено производство и сопствениот извоз на стоки да обезбедат и враќање на девизните инвестициони кредити.

Вака изградени инустриски капацитети без адекватно управување и раководење во смисла на менаџмент се зависни и од скапи странски суровини и увозна енергија. Маркерингот и пласманот на производите на голем број инвестициони потфати се лимитирани и ограничени на домашниот пазар поради високи фиксни трошоци, неадекватната организација на производството и недоволната кадровска екипа. Поради заостанувањето зад современите процеси на реструктурализација на производството и технологиите во светот, нашето стопанство кое е опремено главно со тех-

нологии од шеесеттите и седумдесеттите години, а кои преку процесите на реструктурализација западните стопанства веќе ги напуштија, е недоволно комуникативно и некомплементарно со западноевропските стопанства, како според видот на производството така и според физичките карактеристики на производите, квалитеот, дизајнот и современоста.

***А предизвикот ?*** Намерата е не само да се отвори пазар на идеи, туку тие и да се експлоатираат врз основа на нивно вклучување во основачкиот капитал на новите претпријатија. ***Што е тоа ако не е процес на капитализација на знаењето.***

## 2. Инвестициите - двигател на економскиот развој

Поагајќи од недостигот на капитал во Македонија, технолошкиот развој се одлага како проблем на иднината и ваквиот однос ја пасивизира развојната енергија. Иако технолошкиот напредок е критично зависен од нематеријалните фактори какви што се науката, образованието, стручноста на кадрите и обемот на информациите, мора да се има на ум дека технолошките иновации во најголем дел се реализираат врз основа на инвестиции (преку купување опрема и техничка помош на испорачателите, преку заеднички вложувања, директни странски испорачатели и сл.) Освен тоа, современите технологии застаруваат релативно брзо и бараат инвестициони средства за обновување, замена и развој. Реално треба да се процени потребното ниво на инвестиции во функција на технолошкиот развој. Значи, неговата реализација е условена покрај од знаењата и од расположивоста со инвестиции, како материјален фактор. За технолошкиот развој не се битни само финасиските средства, туку и задолжителен организационен, социјален и системски карактер. Преку инвестициите се врши материјализирање на достигнувањата и сознанијата на науката, односно практично воведување на техннолошкиот развој во производните процеси и во сите други сфери во општеството.

Може да се рече, со „јазикот на хемијата“, дека инвестициите се јавуваат во улога на „катализатор“ кој овозможува забрзување на спојот меѓу научните откритија и нивната примена во производните процеси, спојувајќи ги во единствен научно – технолошки прогрес.

Економскиот и технолошкиот развој се неделиви.Технолошкиот развој овозможува зголемувањето на производството како основен услов за зголемување на акумулацијата, односно нето деловниот вишок, а оттаму и зголемување на можностите за финансирање на инвестициите од сопствени извори. Покрај тоа, можноста за интензивирање на инвестициите треба да се бара и преку посоодветна распределба на остварената акуму-

лација. Така посматрано, истакнува проф. д-р М. Несторовски,[5] инвестициите се една од најзначајните економски категории во економската наука. Тие доведуваат до акумулација на капитал – со нив се создава дополнителен фонд на опрема, градежни работи и залихи, а со тоа се подигнува нивото на потенционалниот национален производ и се потикнува економскиот растеж на долг рок. Преку инвестициите може да се разбере суштината на процесот на економски развој на националната економија. Инвестициите се подвижникот на тој процес.

### *2.1. Поим и дефиниција на инвестиции*

Во економската литература можат да се сретнат бројни дефиниции на категоријата инвестиции. Француският автор Pierre Massè познат по многу успешното дефинирање на поимот инвестиции, ги сфаќа инвестициите истовремено како акт на претворање на финансиски средства во реални добра и како резултат од претворањето на финансиските средства во реални добра, односно самото инвестирано реално добро. Со поимот инвестиции тој ги опфаќа сите финансиски издатоци за изградба и набавка на реални трајни добра, односно производни добра наменети за користење во подолг период на работа во претпријатието.Создавањето продуктивни добра претставува основа на дефинирањето на инвестициите што го прави Massè. Инаку, во економската литература ваквиот пристап на дефинирање на инвестициите е познат како дефинирање во потесна смисла.

Мошне интересен пристап во дефинирањето на инвестициите се сретнува кај францускиот автор G. Depallens. Неговото дефинирање може да се класира во поширокото сфаќање на поимот инвестиции.Тој смета дека под инвестиции треба да се опфати не само создавањето или набавка на фиксни фондови, туку сите операции на претворање на паричните средства во елементи за постојано користење во претпријатието во еден подолг период.

Инвестициите се подвижник и на другите фактори на економскиот развој. Со инвестициите се активираат работната сила и природните ресурси, се овозможува трансфер на технологија и знаења. Тие се „крвоток“ кој го храни процесот на развој, а од тој процес, повратно, се создава акумулација за нови инвестициони текови, меѓу кои и средства за научните истражувања.

---

[5] Проф. д-р Методија Несторовски, Економија на инвестициите, Економски факултет,2000 г

## 3. Периодизација на технолошкиот развој базиран на инвестиции во Република Македонија

### 3.1. Период пред осамостојувањето на земјата

Ограниченоста на факторот капитал, сфатен како финансиски и реален, со кој нашата земја се судрува долгорочно, е резултат на карактеристиките на применетиот модел на развој во периодот 1945 - 1989 година, кој не беше во состојба да обезбеди доволно средства за акумулација, односно инвестиции, и за опстанок на системот.

Фиксниот капитал е многу депресиран. Тој е создаван претежно во шеесеттите и седумдесеттите години.Тоа се деценнии кога инветсирањето беше на многу високо ниво во сите дејности од стопанството и во инфраструктурата. Овде треба да се спомене несопственичкиот третман на општествениот капитал и неговата „багателна цена"- наспроти фактот што тој постојано е типично дефицитарен развоен фактор. Несопственичкиот третман на општествениот капитал, а според тоа и отсуство на одговорност и ризик за неговото нормално репродуцирање и постојано оплодување, придонесуваше лесно да се влегува во нови инвестициони зафати без претходно компетентно и комплексно проверување на општествено-економската оправданост на инвестиционите проекти. Долгото одржување на каматната стапка, како цена на употребната вредност на капиталот, директно ја стимулираше и потхрануваше новите вложувања. Според тоа феноменот „меко буџетско ограничување"[6)] беше присутен и во македонската практика. Стапките на интерната акумулативност на стопанството во Република Македонија почнуваат да опаѓаат уште од 1966 година. Негативната разлика помеѓу обемот на акумулацијата и обемот на бруто инвестициите постојано расте, предизвикувајќи се понизок степен на покриеност на бруто инвестициите со домашната акумулација и се поголема задолженост, а во услови на покачување на општото ниво на развиеност.

Вложувањата во основни фондови во периодот од 1971 до 1980 година просечно годишно се зголемени со реална стапка од 6,6 %. Учеството на инвестициите во општествениот производ од 1971 до 1980 година изнесуваше околу 40%. Релативно високиот интензитет е остварен со зголемено користење на странски кредити кои во вкупните инвестиции учествуваа со околу 25 %, како и со користење на дополнителна акумулација на федерацијата. Како резултат на остварените бруто инвестиции во основни фондови во кои доминира учеството на индустријата со 38,5%, зем-

---

6) Јанош Корнаи- „Репродукција несташица" каде го употребува терминот: „меко буџетско ограничување"- со кој објаснува непазарното однесување на претпријатијата

јоделието и водостопанството со 14,4% дојде до значајно поместување во структурата на фиксните фондови во полза на овие области. Поголем акцент во вложувањата е даден на суровинско-енергетски сектор. Една половина од вложувањата беа насочени во примарниот сектор, околу една третина во терцијалниот сектор, а само една петина во основниот носител на развојот- секундарниот сектор.[7)]

Стопанството стануваше сè помалку извозно-способно, а увозно зависно, проследено со перманентен трговски дебаланс во размената со странство, кој, во голема мерка, беше покриван со нови кредити во странска валута. Почнувајќи од 1980 година дојде до намалување на инвестициите. Користењето на странски кредити од околу 300 милиони долари просечно годишно, колку што изнесуваше кон крајот на седумдесеттите години, во периодот од 1981 година до 1987 година се намали на околу 150 до 200 милиони долари,за во следните години до осамосталувањето на земјата да падне под 100 милиони долари.

Во периодот од 1981 до 1985 година инвестициите во основни фондови просечно реално беа намалени со стапка до 15%, а во стопанството со 18%. При ваква динамика стапката во општествениот производ се намали на 22%, а на стопанството на 14%. Овој пад се задржа и понатаму, така што во 1985 година достигна 11%. Кон средината на осумдесеттите години стопанството на Република Македонија влезе во фаза на дезинвестирање.

*Табела 1*

**ГЛОБАЛНА ТЕХНИЧКА СТРУКТУРА НА БРУТО ИНВЕСТИЦИИ ВО СР МАКЕДОНИЈА**

*- стални цени 1972 година*

| години | СР Макеонија | | | Индустрија | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | градежни работи | опрема со монтажа | останато | градежни работи | опрема со монтажа | останато |
| 1968 | 55,9 | 35,8 | 8,3 | 26,6 | 59,2 | 14,2 |
| 1969 | 55,2 | 35,5 | 9,3 | 25,8 | 56,0 | 18,2 |
| 1970 | 54,0 | 41,7 | 4,3 | 22,5 | 72,1 | 5,4 |
| 1971 | 53,9 | 41,5 | 4,6 | 34,9 | 61,0 | 4,1 |
| 1972 | 58,5 | 36,0 | 5,5 | 38,6 | 56,8 | 4,6 |
| 1973 | 55,9 | 38,2 | 5,9 | 32,1 | 64,0 | 3,9 |
| 1974 | 52,9 | 41,0 | 6,1 | 32,0 | 64,0 | 4,0 |
| 1975 | 49,9 | 43,7 | 6,4 | 31,6 | 61,7 | 6,7 |
| 1976 | 49,9 | 43,7 | 6,4 | 31,6 | 61,7 | 6,7 |
| 1977 | 49,9 | 43,7 | 6,4 | 30,4 | 57,7 | 11,9 |
| 1978 | 49,8 | 43,9 | 6,3 | 30,3 | 60,3 | 9,4 |

*Извор: М-р Лила Стошиќ- „Упореба друштвене акумулације у привреди СР Македоније“ –магистарски труд одбранет на Економски факултет во Белград.*

7) Д-р. Борис Блажевски „Економското планирање во развојот на РМ „Влабор“, Скопје 2002

Техничата структура на бруто инвестициите во индустријата во презентираниот период многу се разликува од онаа за вкупни бруто инвестиции во СР Македонија.Тука е многу поголемо учество на опрема со монтажа, однсно многу помало учество на градежните работи. Еден од најважните неповолни фактори за остварување на побрз технолошки развој во престојниот период е ниската репродуктивна способност на македонското стопанство – крајно недостатната сопствено нето и бруто акумулацијата за неопходни инвестиции.

“Сите стручни анализи покажуваат дека акумулативната способност на македонското стопанство се движи на ниво од околу 50-55 во однос на просечното ниво на земјата. Исто така и податоците за структурата на изворите на финасирањето во последниве две децении покажуваат дека од сопственото подрачје се обезбедуваат само околу 1/2 од вкупните вложувања во стопанството, а 1/4 до 1/3 од средствата потекнувале од ФНП и други извори во земјата и 1/5 од странски кредити.“ [8)]

Во нашата земја долгорочното поставување на структурните промени во голем дел е резултат на предолгото задржување на автархичниот модел на развој на кој кореспондираше државно - административното арбитрирање, поради што доби белег на архаична структура од аспект на новите производно технолошки преструктуирања во светот.

### *3.2. Период на транзиција*

Транзиционите процеси започнати и аплицирани во недоволно развиена економија и неповолна структура на стопанството и организирани и водени повеќе формално отколку суштински, придонесоа да дојде до опаѓање на инвестиционата активност која е основен елемент на економската динамика, до негативни промени во сите структури на бруто инвестициите. Целта на приватизацијата требаше да биде создавање цврсто јадро од приватен капитал кое ќе ја има улогата на главен „замаец“ на економскиот развој на земјата. Наместо тоа, се случи обезвреднување на капиталот и негово трансформирање од општествена во приватна сопственост по многу пониска вредност од вистинската. Последица од таквите процеси беше колапс на стопанството и запаѓање во многу подлабока криза. Движењето на индустриско производство бележи брз период на опаѓање. Во 1989 година тоа опаднало за 8%, а 1990 година за 16%. Македонското стопанство влезе во зона на дезинвестирање. Средствата за акумулација станаа 2,5- 3 пати помали од загубите. Застарените средства не

8) Проф. д-р. Ксенте Богоев- „Некои критички фактори на стопанскиот развиток на Македонија“ 1991 година IX симпозијум за квалитативните фактори на стопанисување

можеа да се обноват, а уште помалку да се модернизираат и заменуваат согласно новите технолошки промени.Основа на оваа криза се големите производно- технолошки преструктуирања.

Технолошкиот развој во Република Македонија во основа е условен од големината и структурата на инвестициите. Земајќи ги предвид изворите за формирањето на бруто-инвестициите во основни фондови, можеме да го утврдиме нивното учество во бруто домашниот производ. Во изминатите години стапката на бруто-инвестициите во основните фондови се движела:

*Табела 2*

**УЧЕСТВО НА БРУТО - ИНВЕСТИЦИИТЕ ВО БДП**

| Години | Процент во БДП |
|---|---|
| 1994 | 15,3 |
| 1995 | 16,5 |
| 1996 | 17,4 |
| 1997 | 17,4 |
| 1998 | 17,8 |
| 1999 | 17,9 |

*Извор : Проф.д-р Никола Кљусев- Република Македонија од дезинвестиции кон надежен економски развој, МАНУ,2001 година*

*Графикон 1*

**УЧЕСТВО НА ИНВЕСТИЦИИТЕ ВО БРУТО ДОМАШНИОТ ПРОИЗВОД**




*Извор: Вди табела 2*

Во овој период капиталните фондови се техничко-технолошки застарени. Технолошкото ниво значително заостана во периодот по 1990 година кога реалното ниво на инвестициите од стагнантна состојба во осумдесеттите години, почна да опаѓа во овој период со средно годишно

темпо од над 10%. Поради дезинвестирањето во некои од секторите, кое е присутно повеќе од една деценија, се оценува дека на економски и физички застарената опрема отпаѓа преку 80%, на технологијата со средно ниво 10-15%, а на врвната технологија само на 5-10%. Технологијата која главно е од увозно потекло (во металургијата, металопреработувачката и електро индустријата, хемиската индустрија и прхранбената и други) поради долгогодишната употреба е економски и физички речеси целосно застарена. Просечната отпишаност (истоштеност) на фискниот капитал на стопанството во 1995 година изнесуваше 54,4%.Високата депресираност е изразена посебно кај опремата. Во 1995 година степенот на отпишаноста на опремата во стопанството изнесува 73%.[9)]

Структурата на гранковната алокација на бруто инвестициите во основни средства е мошне неповолна. Речеси половина од обемот на бруто-инвестициите отпаѓал на вложувања во комуналните фондови(28,9%) и сообраќајот и врските(16,6%). Од друга страна, на секторот на индустријата и рударството отпаѓале само 25,4% од бруто-инвестициите. Во земјоделството состојбата е уште понеповолна.Таму се појавуваат стагнантни стапки кои се движаат околу 9,6 % ; слична е состојбата и во туризмот (9,8%).

Ако се посматра сопственичката структура, тука настанале значајни промени во полза на приватниот сектор.Од вкупните инвестиции во основни средства на приватниот сектор отпаѓале во 1996 година 49,5%, за да се зголемат во 1997 на 53,6% и во 1998 на 57,1%. Покрај структурата по стопански дејности и гранки, значајно влијание врз стопанскиот развој има техничката структура на инвестициите.

*Табела 3*

**ИНВЕСТИЦИИ ВО ОСНОВНИ СРЕДСТВА ПО ТЕХНИЧКА СТРУКТУРА**

*- вкупно = 100 %*

| Години | Градежни објекти | Машини и опрема | Друго |
|---|---|---|---|
| 1992 | 64,5 | 31,9 | 3,6 |
| 1993 | 57,6 | 38,8 | 3,6 |
| 1994 | 54,1 | 44,0 | 1,5 |
| 1995 | 60,3 | 37,6 | 2,1 |
| 1996 | 57,4 | 34,4 | 3,2 |
| 1997 | 56,6 | 40,6 | 2,8 |
| 1998 | 55,4 | 42,8 | 1,8 |
| 1999 | 54,0 | 43,2 | 2,8 |

*Извор: Д-р Александар Петроски „Развој на македонското стопанство со посебен осврт на индустријата" -Научен собир 11 јуни 2002 година.*

9) Проф.д-р М. Несторовски, „Одразот на воведувањето на ДДВ врз инвестициите „Економски институт, Скопје,1999

Лоша техничка структура изразена преку високо учество на градежни работи, малото учество на опремата и, речеси, незабележително учество на инвестициите во истражување и развој. Со ваква техничка структура на инвестициите мошне тешко може да се остварува неопходен процес на техно-технолошкиот развој, како една од појдовните основи за интензивирање на стопанството на Република Македонија.

## *Најновиӣе ӣоказаӣели на ӣехничкаӣа сӣрукӣура на бруӣо инвесӣиции*

*Табела 4*

**ИНВЕСТИЦИИ ВО ОСНОВНИ СРЕДСТВА – МАШИНИ И ОПРЕМА**

*- во милиони денари*

| | 2000 | 2001 | 2002 [1)] |
|---|---|---|---|
| Метални конструкции и котлоградба | 323 | 464 | 503 |
| Финални производи од метал, канцелариски мебел | 54 | 118 | 82 |
| Земјоделска механизација | 1.140 | 402 | 594 |
| Машински алатки за обработка на метал | 507 | 895 | 444 |
| Опрема за рударство, металургија и градежништво | 1.000 | 905 | 692 |
| Машини за текстилна, прехранбена хемиска индустрија, индустрија за гуми,преработка на дрво, хартија и др. | 1.765 | 1.364 | 1.784 |
| Други машини и машинска опрема | 1.995 | 1.915 | 1.998 |
| Канцелариски машини за обработка на податоци | 952 | 1.350 | 1.380 |
| Прецизни инструменти, оптички инструменти и фотографска опрема | 1.581 | 1.356 | 1.845 |
| Електроопрема и осветлување | 1.390 | 1.122 | 1.149 |
| Опрема за телекомуникации, електронска опрема | 2.473 | 2.885 | 3.128 |
| Патнички автомобили, камиони,автобуси и други возила | 4.861 | 2.515 | 3.408 |
| Друга транспортна опрема | 81 | 101 | 470 |
| Вкупно | 18.122 | 15.390 | 17.474 |

*[1)] Проценеӣи ӣодаӣоциа.*

*Извор : Државен завод за сӣаӣисӣика, Преӣходни сӣаӣисӣички ӣодаӣоци за 2002 їодина, деќември 2002 їодина*

*Графикон 2*

**СТРУКТУРА НА ИНВЕСТИЦИИ ВО ОСНОВНИ СРЕДСТВА ВО 2002 ГОДИНА**




*Извор: Вди табела 1*

## ***Расположиви извори за финасирање?***

Степенот на технолошкиот развој е основен критериум при определување на местото и значењето на одделните дејности и гранки во процесот на развојот и преструктуирањето, во конкурентската способност и во крајна линија во можноста за повратност на инвестициите и остварување добивка.Од пресудно значење за технолошкиот развој во нашата земја се расположивите извори за финансирање.

Доминантно учество на ***банкарскиот капитал*** како извор на финансирање наметнува потреба да се посвети поголемо внимание во насока на создавање здрав и конкурентен банкарски систем, кој ќе обезбедува поефтини извори на средства со користење на пониски каматни стапки.За да се оствари висока стапка на инвестиции во Република Македонија, потребно е зголемување на домашното ***штедење***, вклучувајќи ги и државните резерви, а посебно е значајна поголемата употреба на странски капитал, примарно базиран врз ***директни инвестиции*** во класична форма и во форма на заеднички вложувања.

Но се поставува прашањето, ***дали се создадени сите услови за остварување на таквите програмски определби, особено кога станува збор за привлекување на странска акумулација.***

### *Како до целта?*

Факт е дека живееме во ерата на нови прерасподелби во меѓународната поделба на трудот, ера во која се бараат новите технолошки концепции и новите проекции на развојот. Нашата земја, според тоа, на технолошкиот развој мора да посвети темелна анализа: како и што побезбедно, но ефикасно да се приспособи сегашнава несоодветна структура на производството и стопанисувањето во целината на барањата на времето во кое живееме со нашите можности и каква улога во тој процес треба да одиграат новите, современи технологии? Каква кооперација и специјализација ќе остваруваме со светот? Мораме да бидеме начисто дека ерата на „трговија на парче“не може да се врати и само комплексниот приод може да ни го обезбеди одговорот за вистинскиот пат. Македонија треба да се најде на тој пат- патот на современите технолошки промени доколку не сака да стане длабока периферија на светскиот развој. Кооперација и специјализација со странските партнери афирмирани на пазарот, обично сопственици на модерни технологии, денес претставува една од најшироките облици на модерна трговска размена со светот.

Македонија има голем потенцијал во човековиот фактор. Меѓутоа, неговата креативност се претвора во иновациска активност, доколку постојат стимулативни услови во средината. Во претпријатијата само 1 % од вработените се занимава со иновациска работа. (За споредба во Германија 45%, во САД 60%, во Јапонија 75%). Стручениот кадар е способен да се носи со времето за унапредување на технолошки развој.Ова се илустрира со примена на врвни технологии во одделни мали и средни претпријатија во Републиката. Малите бизниси се носители на нови идеи и креативност кои се многу значајни карактеристики за опстојување на големи профити со својот оригинален производ или креативност.

Но, и големите компании меѓу кои и АД ОХИС имаат перспектива, бидејќи без нив државата нема да има развој.[10)] Во оваа насока врз селективна основа неопходно е и преку системски решенија донесување на посебна програма за поддршка на големите системи поради нивното влијание врз развојот на малите и средни претпријатија и вкупната економија на земјата.

[10)] *Peter Drucker истакнува дека* „големите компании треба да се сметат за највозвишени творби на човештвото“.

## ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ НА АД ОХИС- ИМПЕРАТИВ

Органско хемиска индустрија, Скопје - ОХИС беше создадена во една поинаква економија од пазарната, во дамнешна 1964 година со соединување на фабриките во изградба: ф-ка Малон (производство на полиакрилонитрилно влакно) и ф-ка „Билјана“ (погоните за производство на монохлороцетна киселина и електролиза) поради технолошка поврзаност, во која се очекуваше со заеднички сили поуспешно да се разрешува технолошкиот развој.

Според разновидноста на технолошките процеси и меѓусебната поврзаност во репродукциони целини и големината на одделни капацитети, може слободно да се каже дека ОХИС во изминатиот период израсна во значаен хемиски комплекс кој има широк спектар на производи од базната и преработувачка индустрија. Како и останатите големи системи ОХИС работеше во услови на социјалистичко стопанство со интензивирање самоуправната концепција и мобилизација на акумулацијата со здружување на трудот и средствата. Пласманот на производи се одвиваше на единствениот југословенски простор и пазарите на источно-европските земји. Девизите за увоз беа обезбедувани со трансфер на ниво на Федерацијата.

Технолошкиот развој на ОХИС може да се оцени како многу динамичен до осумдесеттите години, со основна насока за постојано јакнење на материјалната основа и проширување на производната програма потпирана врз висока увозна зависност на најсовремените технологии во светот на познати фирми како Courtaulds, Di Pont, Staufer, Rusel Uklaf, Ciba, Rhone Poulenc и други. Со доминантната улога на увозот на опремата се увезува и трансферот на технологијата ( лиценци, патенти, know-how, техничка документација, инженеринг и друго).

„Учењето низ работата“ стана дел од процесот на создавање производ. Тоа е карактеристично, особено за првата етапа од развојот, пуштање во работа и влегување во редовно производство, кога се јавуваа најголемите тешкотии што произлегуваа од аспект на совладувањето на мошне сложените технолошки процеси и оспособувањето на вработените да ги совладуваат технолошките процеси кои дотогаш за нив беа непознати. Уште во почетните години од своето постоење, кои се совпаѓаат со периодот во кој научно-истражувачката работа како дејност не беше доволно оформена во земјата, визионерството на ОХИС резултираше во формирање на Институтот. Програмската насоченост на Институтот во сите овие години, еволуираше од активности поврзани со разрешување на проблемите на пуштање на производните погони и постигнување на лиценцните капацитети и квалитет, преку решавање на проблемите на тековното производство, рационализација и модернизација на производствените капацитети, подобрување на квалитетот, проширување на асортиманот,

за да во моментот на реорганизација на ОХИС доаѓа и до реорганизација и формирање на нови програмски концепции на научно- истражувачка работа во целина. Моментално во Институтот се вработени 22 високо стручните кадри од кои: 2 доктори на науки, 11 магистри. [11)]

Со цел да се унапреди работењето на ОХИС во 1971 година е воведена автоматска обработка на податоци. Следејќи го развојот на технологијата во областа на автоматската обработка на податоци, во 1985 година значајно се проширува материјалната опрема за обработка на податоци и се изгради автоматизиран информативен центар на ОХИС кој обезбедува благовремени, точни и синтетизирани информации за донесување оптимални одлуки. Истиот е поврзан со системот на Интернет.

И покрај долгогодишниот забрзан увоз на технологија и знаење, сепак ОХИС го оптоваруваат преживеаните форми на економската индустријализација. Увозот создаваше привидна слика за континуитет и стабилен развој, но таков увоз не доведе до соодветни развојни и производни промени. Трансформацијата на увозните компоненти бараше постојана грижа за нивна производна иновација, преку што се овозможуваше надградување на туѓото знаење и доаѓање до сопствени технолошки решенија и покренување на нови идеи. Вработените во ОХИС можат да ги изразат своите творечки инвентивни способности. Евидентираните 14о иноватори предложиле 350 иновации и преку 5 пронајдоци.Со иновациите најчесто беа предлагани нови техничко-технолошки решенија, замена на увозни со домашни резервни делови и суровини и заштеда на енергија. Со применетите пронајдоци и техничко- технолошките решенија остварени се големи заштеди.

### *Долгорочен пат на промени*

Трајно вредна останува мислата ***„Во светот кој се менува – оние кои што не се приспособуваат на промените се осудени на пропаст“.***

Во услови на социјалистичко стопанство ОХИС во голема мера беше заштитен од конкуренцијата и претежно работел за југословенскиот пазар. Со распаѓањето на тој пазар, се распадна и илузијата за неговото добро работење и неопходно е да се преземат мерки кои ќе го вратат на вистинскиот колосек. Губењето на пазари значајно го стеснија просторот за извоз на ОХИС –овите производи. Преориентацијата на нови пазари, поради неповолна конкурентска способност на поголем број производи тешко се остварува. Периодот од екстензивен кон интензивен развој на

[11)] 2003 година ОХИС заврши со 3.070 вработени од кои 377 со високо образование

ОХИС потпрен врз поефикасно работење бара преструктуирање на производството во функција на остварување на високодоходовно производство со трајна извозна ориентација.

Кумулираните негативни последици од повеќегодишните неповолни услови за стопанисување во нашата земја се последица на релативно мало користење на производствените капацитети во ОХИС, намален обемот на производството, техничко-технолошката застареност на одделните погони, драстичен пад на пласманот на производите, како и голема неликвидност која е присутна во еден подолг временски период.

Основното прашање кое во сегашноста се поставува во компанијата ОХИС е како да се излезе од кризата?

> *„Технолошкиот развој е движечка развојна сила и фактор за излез од кризата, бидејќи секогаш во време на растечка ентропија во економскиот систем, се создаваат нови идеи, нови технолошки и социјални иновации во чија симбиоза се темели на нови начини на производство“*[12)]

Напорите треба да се свртат кон надминување на технолошкото заостанување, зголемување на производството и зголемување на извозот. Технолошкиот развој треба да се насочува на извозна експанзија и дефинитивна определба со вклучување во меѓународната размена.

Увозната зависност на ОХИС бара неопходно да се зголеми производството за извоз, особено преку производственото преструктуирање со задржување на потврдениот квалитет на производи, односно унапредување на истиот и воведување на системот за квалитет. За ОХИС македонски пазар е премал, балканскиот простор е нешто поголем, но битно е да има пошироки простори и повеќе избори за снабдување. ОХИС создава реални услови за динамизирање на извозот со интензивирање на процесот за поголем квалитет на производи. Квалитетот не е само во производите, туку во секој аспект од работењето (снабдувачите и потрошувачите).

Фабриката за безалкални стаклени влакна ГЕС од Гостивар, фабриката за пластични маси и фабриката „Билјана“ веќе ги добија сертификати за Системот за квалитет „ISO 9001“ од БСИ од Англија, една од најпознатите куќи во светот за сертификација на системот за квалитет.

„ISO 9001“ го добиваат фирми кои покрај производство имаат и развој на нови производи по барање на купувачите. Перманентно ОХИС го

---

[12)] Проф. д-р Златка Поповска „Меѓузависност развојних процеса и савремени технолошки прогрес - Економика 5/1989

збогатува пазарот со нови производи и амбалажа.[13] Ориентацијата на ОХИС кон развојно - извозен концепт ќе овозможува пораст на девизниот прилив и решавање на проблемот на задолженота.

### *Поголемиште инвесшициони зафаши*

Во услови на малите можности за инвестирање поради ниските перформанси на претпријатијата, ниско ниво на сопствената акумулација, ниската ефикасност на банкарскиот сектор технолошкиот развој се остварува забавено. Ако ОХИС сака да го отвори толку очекиваниот процес на технолошкиот развој, најприоритетно што треба да се направи е создавање услови за активирање и соодветно искористување на веќе расположивите производствени капацитети.Основна причина што дел од капацитетите не се во активна состојба, а оние што се активни недоволно се искористени е голема неликвидност. Надминување на ваквата состојба треба да се бара преку создавање поволни услови за обезбедување обртни средства и активирање на неактивираниот дел на расположивите капацитети. Неопходно е да се обезбедат посоодветни и постабилни извори за финансирање со зголемувањето на ефикасноста на работењето преку целосно користење на расположивите капацитети, соодветно користење на амортизација и обртните средства, иновирање на производните процеси.

Ниското ниво на акумулацијата во ОХИС е последица на ниското ниво на продуктивноста, главно засновано врз рестриктивно работење кое влијае врз малите вредности на производството, а со тоа и низок доход. Така ОХИС се најде во магичниот круг на неизвесност. Проблемите во сферата на инвестициите и инвестирањето, произлегуваат во најголем дел од намалениот обем на производството, ниската, драстично опаднатата акумулативна способност, како и слабата поддршка со вложувања од странство.

Начини да се дојде до капитал сигурно постојат, но многу е поважно како тој капитал ќе се инвестира. Повеќе индикатори во ОХИС укажуваат на ниската ефикасност на инвестирањето (пречекорување, пролонгирање на роковите за изградба и пуштање во погон). Поради недостиг на потребните средства пречекорувањата на инвестициите во одделни случаи дефицитарно се финансираат, што неповолно се одразува врз ликвидноста и стабилноста.

---

13) ЕК – инсектицид за зимско прскање, ОХИСТИОН -инсектицид, Полиелоксал – средство за чистење на површини од елоксиран алуминиум, Цевомил- за одмастување на одвод, Полиблиск - средство за отстранување на бигор и други.

Но, сепак со големи напори ОХИС ја доби битката за екологијата бидејќи изгради: Комплетна станица за пречистување на технолошките отпадни води; Мониторинг систем за контрола, детекција и регистрација за протечување на хлор; Гасоводен систем со цел да го замени течното гориво мазут со природен гас и многу други капацитети. Во изминатите пет години изградени се 7 инвестициони зафати од кои во функција се: Погон за водено стакло (вредност 800 илјади евра); Гасификација (700 илјади евра); Новата фабрика за лекови (4,5 милиони евра); Погон за производство на сапуни (460 илјади евра); Реконструкција на фабрика за стаклено влакно во Гостивар (4 милиони евра) и Гасификација на котлите внатре во ОХИС (130 илјади евра). Поради високата цена на кредитниот капитал што е неопходен, а сè помалку достапен за финансирање на инвестициона активност, во изминатиот период се работеше со сопствен финансиски капитал, со што се избегнаа каматните удари. Тоа значи со користењето на сопствени обртни средства ОХИС осиромашува до толку што се појавува недостиг на средства за тековно производство и тешко преживување.

## *Како до забрзан технолошки развој ?*

### *Расположива акумулација*

Во наредниот период треба да се прават напори за постигнување на поусогласени односи меѓу расположивита акумулација и инвестициите. Усогласувањето на расположивата акумулација и инвестициите не треба да се врши само со намалувањето на побарувачката на инвестиционите добра затоа што тоа би ја довело во прашање динамиката на развој, туку со зголемување на акумулативната и репродуктивната способност на ОХИС и изнаоѓање на дополнителни извори за финансирање на инвестициона активност.

### *Прилив на капитал*

Отварањето на ОХИС кон светот треба да биде насочен кон приливот на странски капитал кој не е важен само како дополнителен извор на капитал туку и поради трансфер на модерна технологија. Најпожелниот облик преку кој во ОХИС треба да доаѓа технологијата е преку странските директни инвестиции. Во потрагата по нови начини на финансирање на ОХИС би можело внимание да се сврти кон користење на инвестиционите фондови, франшизата. лизингот за набавка на опрема и други. Тие се одомаќени и познати облици како за трансфер на технологијата, а исто така и како форма за вклучување на светскиот пазар. Во оваа насока ќе делува и унапредувањето на вкупната соработка со странство преку деловно техничко поврзување, воспоставување кооперациски односи и друго.

***Ефикасноста на инвестициите***

Зголемувањето на ефикасноста на инвестициите може да се постигне со успешно и континуирано структурно приспособување кон технолошките процеси во трендовите на развиените надворешни пазари - подигање на технолошкото ниво и поинтензивно поврзување за информатичката технологија. Наредните вложувања да се насочат за поддржување за извоз и повисока фаза на преработка, помал трошок на енергија, увозни суровини и репроматеријали за обезбедување повисока мобилност на расположивите средства.

***Ревитализација на постојните технологии***

Со оглед на фактот што традиционалните и другите технологии во ОХИС објективно ќе бидат доминантни уште долго време, тежиштето на технолошкиот развој треба да биде ставено врз процесите на ревитализација на постојните технологии и иновирањето на производните процеси. Ревитализацијата треба да се врши не само со нова опрема и производи туку и според меѓународните технолошки стандарди, маркетинг концепции, нови методи на организација, ново менаџерско управување, интензивна технолошка размена со странство и извоз.

***Модерен менаџмент.***

Пазарното стопанисување не значи ***„снаоѓање"*** на менаџерскиот тим на ОХИС во условите на слободната конкуренција, тоа значи настојување да оствари одржлива конкурентска предност на пазарот преку посебно внимание на развојот на технологијата и на воведувњето на иновации во работењето, т.е. технолошката стратегија што се однесува на експлоатацијата, развојот и одржувањето на вкупната сума на знаења и способности; координација на човечки и материјални ресурси во насока на остварување на целите. Улогата на менаџментот во ОХИС е да развие организација која ќе се бори со промените. Условите на средината влијаат врз комплексноста на донесување на одлуките во доменот на технолошката стратегија. Изборот на технологија треба да се темели на технолошкото предвидување на идниот развој на клучните технологии кои водат кон одржлива конкурентска предност. Затоа е потребно, менаџментот да подготвува алтернативни технолошки стратегии кои ќе му овозможат на ОХИС следење и приспособување на сопствениот развој во неизвесното технолошко окружување. Основна негова функција е одлучувањето, донесување одлуки за потрајни успеси со внимателен избор меѓу можните алтернативи. Тоа бара модерен менаџмент со голема развојна енергија и мобилизација на развојните ресурси на избраните приоритети.

*

*        *

На крајот, нека ни биде допуштено да потсетиме на искуството дека ***„итрите луѓе ги презираат науката и знаењето, обичните ги обожаваат, а мудрите ги користат“.***

Дали во сегашниов историски миг на научно технолошкиот прогрес и економската криза ќе преовладува разумот, односно сознанието за потребата од рационално и масовно користење на науката, знаењето, техничко- технолошките пронајдоци, тоа ќе го покаже времето.

**М-р Виолета Мацова**
**Проект за јакнење на финансискиот сектор во Македонија**

# ПРОГРАМСКИ ПРИСТАП ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СТРАНСКИ КАПИТАЛ ЗА ПОДДРШКА НА ТЕХНОЛОШКИОТ РАЗВОЈ

Политиката на отворено општество и интегрирање на Македонија во регионалните и мултиралтералните економски интеграциони процеси преку хармонизација на законодавствата на развиените земји, претставува една од најзначајните цели на севкупната економска политика на земјата

Република Македонија е една од најголемите поборници на либералната трговска политика во регионот на ЈИЕ, земја која беше иницијатор и потписник на Меморандумот за разбирање за либерализација и олеснување на трговијата на земјите од ЈИЕ, со кој се предвидува склучување на мрежа од договори за слободна трговија меѓу земјите во Регионот, што претставува чекор напред кон креирање слободна трговска зона во истиот.

Со ратификацијата на Протоколот за пристапување на РМ кон СТО, Македонија и формално станува членка на големото трговско семејтво каде принципите на недискриминација, либерализација и транспарентност претставуваат основни темели на нејзиното функционирање.

Ова значи дека во Македонија се создадени основните претпроставки за слободен натпревар не само на стопанските субјекти во земјава, туку многу повеќе - домашните стопански субјекти се ставени во конкурентска борба со странските компании.

И токму затоа се поставува прашањето: Дали тој натпревар ќе биде рамноправен, и како таа конкуренција ќе се одрази врз македонското стопанство, имајќи ја предвид застареноста технологија и класичниот менаџерски концепт кај најголем број од претпријатијата, нивната недоволна ликвидна способност, неатрактивниот кредитен потенцијал што го нудат банките и сè уште неизвршеното преструктуирање на стопанството.

## 1. Технолошкиот развој како услов за производно преструктуирање

Преструктуирањето на стопанството бара прифаќање на нов концепт на работење каде информациите, иноваторствата, примената на нови технологии и едуцираниот човечки потенцијал ќе бидат пресудни за просперитетот на претпријатијата и стопанството воопшто.

Производната структура на македонското стопанство, а особено на индустријата и понатаму ја карактеризираат техничко-технолошка застареност, недоволно користење на капацитетите, а во исто време релативно ниско ниво на истражувачка и технолошка интензивност, висока суровинска ориентираност, висока увозна суровинска и технолошка зависност, недоволна извозна ориентираност, енергетска зависност, мала застапеност на производи со повисок степен на преработка, релативно висока трудо-интензивност и ниска доходовност.

Со оглед на фатот што современите производствени структури се базираат на новите високи технологии (суровинско и енергетски неинтензивни, а научно истражувачки интензивни) додека македонската производствена структура на класични технологии, (суровинско и енергетски интензивни, а научно истражувачки неинтензивни), логично е дека позиционирањето на македонскиот извоз и конкурентност на македонските производи е на крајно незадоволително ниво.

Затоа како никогаш до сега постои неопходност од зголемување на конкурентноста на посточките претпријатија преку прифаќање на новите виски технологиии, односно нивно преструктуирање кон пропулзивни гранки кои се карактеризираат со:

- мала или опаѓачка енергетска и ресурсна интензивност;
- висока акумулативност и флексибилност;
- мала или привремена увозна зависност;
- висок степен на аплицирање на иновациите;
- висока и растечка образовна, научна и информациона интензивност.

Меѓутоа таквото преструктуирање бара коренити промени кои бараат не само волја, ангажман, знаење и време, туку и големи финансиски средства кои домашните финансики извори не можат да ги обезбедат.

Поради тоа, странскиот капитал може да има значајна улога во унапредувањето на технолошкиот развој на македонското стопанство кој ќе овозможи негово соодветно преструктуирање и динамизирање на извозот .

## 2. Значењето на странскиот капитал за технолошкиот развој на земјата

Значењето на странскиот капитал за остваруавње на сите реформски и радикални зафати во земјите во транзиција е недвојбено и јасно. Со користењето на странскиот капитал се зголемува стапката на инвестирање, се остваруваат структурни промени во стопанството, се подига техничко технолошкото ниво на производните капацитети, се динамизира извозот, се остварува поинтензивно вклучување во процесот на глобализацијата на светските економски текови, со што се создаваат услови за поголемо искористување на расположивите ресурси и за стабилен и континуиран растеж на бруто домашниот производ

Меѓутоа, неговото користење треба да биде рационално, бидејќи, во спротивно, ефектите може да бидат контрапродуктивни. Ова се нагласува затоа што задолжувањето во странство е меч со две сечива. Тоа може да го забрза стопанскиот растеж ако позајмените средства рационално се користат, но може да го забави ако неговото користење е за непродуктивни цели.

Затоа се смета дека насочувањето на странскиот капитал за подигнување на нивото на технолошката развиеност на производството директно позитивно ќе се одрази на севкупниот стопански развој и ќе го оправда користењето на странскиоит капитал во која било форма.

Со оглед на големото значење на странскиот капитал, државите односно нивните институиции настојуваат да создадат поповолни услови за негово привлекување. Во овие рамки со мерките на економската политика се предвидуваат соодветни погодности, се вршат промоции на потенцијалите на стопанството и се остваруваат други активности. Ова укажува дека користењето на странскиот капитал треба да се остварува врз програмски основи во функција на поддршка на развојот. Имено, без еден заокружен концепт за привлекување и користење на странскиот капитал, тој може да предизвика нарушување на стопанските текови, зголемување на увозната зависност, запоставувавање на сопствените расположиви потенцијали, вовлекување на земјата во должничка криза и сл.

Ова особено се однесува на структурата на странскиот капитал по однос на застапеноста на поедини негови форми, нивно димензионирање и соодветно насочување.

Странскиот капитал имено може да се пласира во вид на кредит, како инвестиционен капитал (во кој спаѓаат странските директни инвестиции и портфолио инвестициите), како и бесповратната помош и другите форми на финансирање од странство.

### а) Кредитот како форма на странски капитал

Кредитот или заемот како форма на странски капитал е многу полесно достапен од другите негови форми, па поради тоа и е доминантен во структурата на странскот капитал што го користат многу земји во транзиција. Меѓутоа овој вид на капитал треба да се користи внимателно и во функција на развојот и извозот, со цел да не се доведе во прашање неговата отплата и земјата да не западне во должничка криза.

Поради тоа потребно е да се обрне особено големо внимание на структурата на странскиот капитал со тенденција да се зголеми учеството на неговите некредитни форми.

Прашањата сврзани со можниот обем на странскиот капитал кој националната економија може да го абсорбира, како и со износот на долгот кој може да се сервисира, се од особено значење за водење ефикасна политика во овој домен.

Ако некоја земја се задолжува, треба да води сметка за следење и проучување на кредитните односи со странство во функција на рационално користење на странскиот капитал и сервисирањето на долгот.

Веќе беше спомнато дека кредитите се многу подостапна форма на странскиот капитал за која странските кредитори со цел да го обезбедат својот пласман бараат државна гаранција. Во таа смисла во рамките на системскиот концепт на користење на можеби многу поважна улога што треба да ја има државата кога се работи за странски кредити е во нивното правилно димензионирање, следење и соодветно насочување.

Македонија спаѓа во групата на средно задолжени земји, со структура во која долгорочните кредити имаат доминантно место. Меѓутоа иако користењето на овие кредити е со релативно поволни услови, тие со своите отплати го зголемуваат степенот на задолженост на земјата. Ова дотолку повеќе што во најголем дел странските кредити се насочени за поддршка на платниот биланс, реформите, крупната стопанска инфраструктура, а само мал дел за комерцијално извозно ориентирано стопанство. Ваквата структура на насоченост на странски кредити не создава услови за

позначајно зголемување на извозот, а со тоа за подобрување на степенот на задолженост во толерантни рамки и за поредовно сервисирање на долгот. Заради тоа потребно е континуирано следење на состојбите и навремено превземање на активности за поголемо насочување на странските кредити во извозно ориентирани претпријатија со што ќе се избегне опасноста земјата да влезе во должничка криза.

За идното користење на странски кредити треба да се имаат предвид девизниот прилив од извозот на стоки и услуги и состојбите во платниот биланс, односно можноста да се сервисира странскиот долг. Исто така, треба да се има предвид девизните резерви и можноста буџетот да го сервисира долгот за кој државата дала гаранција.

Поради особено суптилните прашања од оваа сфера, потребно е да се воспостави контролен механизам за управување со странскиот долг, како и да се донесе закон за управување со јавните финансии во кои спаѓа и управувањето со јавниот долг кој веќе подолго време се подготвува во Министерството за финансии на Р. Македонија.

На полето на насочувањето на кредитите во производни цели, а особено кон производителите извозници, веќе пет години работи Македонската банка за поддршка на развојот како единствнена државна и промотивна банка која се занимава со привлекување на поволни кредитни линии и нивно насочување преку комерцијалните банки до претпријатијата извозници, како и малите претпријатија како носители на новите технологии. Меѓутоа, иако овие кредити се поповолни од оние класично банкарските, сепак се со недоволно поволни каматни стапки за да овозможат отплатливост на истите.

Поради ова, а и поради споменатите ризици од прекумерно задолжување, за поголемо користење на странски капитал, приоритетно место треба да се даде на недолжничките форми на прилив на средства (директни и портфолио инвестиции како и финансиски и стокови грантови).

### *б) Инвестициониот капитал во функција на технолошкиот развој*

Инвестициониот (производниот) капитал се остварува преку директни вложувања, портфолио инвестиции и други форми на соработка со странски фирми.

Многу економисти истакнуваат дека за остварување на позитивните ефекти на странскиот капитал во развојот на земјите во транзиција треба да се води рационална политика на задолжување и поголем прилив на средства по основ на некредитни форми, а пред сè на странски директни инвестиции.

Токму затоа се смета дека капиталот во форма на СДИ водејќе се од мотивот за поголема профитабилност и сигурност, ќе се вложува во пропулзивни гранки и ќе се создадат капацитети со високо технолошко ниво.

Странските директни инвестиции беа и се идентификувани како клучна компонета за поддршка на процесот на транзиција и преструктуирање на македонската економија.

Една од целите на приватизацијата-зголемувањето на ефикасноста на новоприватизираните претпријатија се очекуваше да се реализира преку привлекување на странски капитал.

Меѓутоа, факт е дека вкупниот прилив на странски директни инвестиции во земјава во периодот од осамостојувањето па до сега во износ од над 800 милиони долари, претставува незадоволително ниво за да претставува основа за обезбедување на позабрзан економски и технолошки развој.

Затоа, веќе подолг период се смета како неопходност да се создаде пријатна клима на инвестирање преку стимулативни мерки за инвеститорите, поедноставувањето на процедурите за инвестирање и регистрација на новите претпријатија, законски одредби и активности со кои ќе се овозможи завршување на сопственичката трансформација и окрупнување на раситнетиот акционерски капитал, со што одредени портфолија ќе ги направи поатрактивни за купување, како и организирана промотивна стратегија институционално поддржана за привлекување на странските инвестиции.

Во правец на создавање на пријатна средина за инвестирање направени се низа законски измени или донесени нови закони и во функција се повеќе проекти, мерки и активности со крајна цел да се зголеми учеството на капиталните инвестиции во Македонија. Имено:

- Со новиот Закон за трговски друштва се поедноставува, односно скратува регистрацијата на претпријатијата во судовите на не повеќе од 8 дена;
- Со измените на Законот за трансформација на општествениот капитал, односно во рамките на Владниот проект за завршување на сопственичката трансформација се концентрира правниот и општествениот капитал и, како таков на транспарентен начин ќе се продава на Македонската берза, со што ќе биде поатрактивен за странските инвеститори.
- Во завршна фаза е Проектот за идентификување на административните бариери за привлекување на странски директни инвестиции во Република Македонија и на процедурите за започнување на деловна акативност во земјата кои се сè уште сериозна пречка

за потенцијалните инвеститори кои донеле одлука за инвестирање.

Основните цели на овој проект се:

- Изготвување на Упатство за административни процедури или Водич за инвеститори во Република Македонија;
- Идентификување на проблемите кои влијаат на одвраќање на странските инвеститори;
- Воспоставување дијалог помеѓу јавниот и приватниот сектор со цел идентификување на потребните административни реформи (изработка на Акционен план);
- Периодично следење и оценка на имплементацијата на реформите од Акциониот план преку Координативно тело за следење составено од највисои претсавници на јавниот и приватниот сектор, претседавано од министерот за економија

❑ Владата во насока на привлекување на странски инвестиции, а со цел обезбедување сигурност како на странските така и на домашните инвеститори, работи и на потпишување на што поголем број договори за поттикнување и взаемна заштита на инвестициите. Досега вакви договори се потпишани со 28 земји и пред се со земјите кои се најголеми трговски партнери на Р. Македонија.

❑ Со склучените единаесет договори за слободна трговија обезбеден е преференцијален третман за македонските производи на пазар од над 500 милиони консументи. Со тоа државата овозможува да се надмине хендикепот на мал пазар- фактор многу значаен за странските инвеститори.

❑ За промовирање на придобивките од постигнатите погодности, а и за создавање на нови, Министерството за економија работи на проектот за привлекување на странски инвестиции во Македонија, а во рамки на тоа формирање на Агенција за промоција на инвестиции.

Странските инвестиции во Р. Македонија подеднакво се значајни за развојот на материјалните и нематеријалните компоненти на развојот. Инвестициите во знаење и освојување нови технологии, нова практика на менаџментот, нова бизнис политика и комуникации се препоставка за постигнување на ефикасност на вложените инвестиции во материјалните фондови на економијата.

### в) Средствата од бесповратната странска помош во функција на технолошкиот развој

Р. Македонија остварува прилив на странски капитал и по основ на бесповратна помош. Оваа помош може да доаѓа од поедини држави, институции, претпријатија и поединци.Таа се одобрува за одредени намени во вид на стока или во готови пари.Таа во основа има хуманитарен карактер и поддршка на одделни зафати во стопанството на Македонија.

Потребата од рационално користење на странскиот капитал се однесува и на некредитните форми. Тој треба да биде насочен пред сѐ за поддршка на приоритетните цели на националната економија и за динамизирање на извозот. Како наголеми донатори на странска помош се: ЕУ( преку Европската агенција за реконструкција), САД ( преку УСАИД ), Холандија, Швајцарија, Шведска и Јапонија, а последнава година Кина и Грција ( преку Грчкиот план за реконструкција на Балканот). Следењето и организираното насочување на странската помош се врши во одделението за следење на странска помош во Секторот за европски интеграции при Владата на Р. Македонија.

Сепак, и понатаму останува фактот дека голем дел од овие средства се ползуваат за непродуктивни проекти, а најмалку за проекти кои директно ќе влијаат на подигнување на технолошкото ниво на македонската економија .

Поаѓајќи од фактот дека најпрвин треба да се работи на осознавање на потребата од иновации и иновациски менаџмент, голем дел од странската неповратна помош треба да се ангажира во:

- Промовирање на семинари - работилници, предавања за иновациониот менаџмент и, поддржување на школите за обука, особено во доменот на новите технологии;
- Поддршка на пилот проекти за награди за инвентивни предлози во одредени претпријатија;
- Изработка на Национална програма за јакнење на иновациониот капацитет на фирмите;
- Поддршка на сервиси за совети на бизнис секторот, особено за мали и средни претпријатија, во рамки на универзитетите;
- Поддршка за јакнење на иновациониот капацитет на јавната администрација во рамки на проектот Е-Влада;
- Поддршка на политиката на стандарди и верификација на квалитетот преку соодветни сертификати, со финансиска партиципација во изработката на стандардите;

- Поддршка на ширењето на Е-бизнисот и интернет поврзувањето меѓу производителите и корисниците, финансирање или кофинансирање за изготвување на ВЕБ страници и задоволување на други специфични електронски информациони потреби.

За реализирање на поддршка на политиката на забрзан технолошки развој потребна е соодветна инфраструктура, која ќе препостави хоризонтално и вертикално поврзување, односно ќе обезбеди координација-толку значајна за обезбедување на целите на технолошкиот развој.

На тој начин низ единство на економската и технолошката политика ќе се овозможи подигање на општото технолошко ниво и технолошката способност на индустријата, постојан раст на понудата на сопствените иновации и творештвото, како и постојан раст на индустриската побарувачка на напредни технологии.

## Заклучок

Политиката на технолошки развој е во директна врска и почива на развојната односна економската политика на земјата. Во периодот од осамостојувањето до денес поради бројните кризни моменти низ кои минуваше државата, економската политика во Македонија имаше претежно стабилизаторски карактер, додека развојната компонента, а особено нејзината технолошка димензија е поставена во втор план и за некој нареден период.

Во услови кога Р.Македонија со членството во СТО широко ги отвора вратите за влез на стоки и услуги на македонскиот пазар, недвојбено дека секое понатамошно одложување за креирање и имплементирање на стратегија за технолошки развој што ќе овозможи соодветно преструктуирање на стопанството ќе ги доведе македонските стопански субјекти во нерамноправна положба со странската конкуренција.

За остварување на саканиот технолошки развој и соодветно преструктуирање на стопанството потребно е време, интелектуален ангажман и финансиски средства.

Во услови на повеќегодишна криза со кои се соочува македонското стопанство и финансиска истоштеност на нејзините субјекти, се чини дека странскиот капитал и неговото рационално користење во фунција на технолошкиот развој е од особено значење за посигнување на саканите цели во оваа сфера.

Ова е потребно да се нагласи бидејќи несоодветното користење на странскиот капитал, а особено неговите кредитни форми можат да дове-

дат до презадолженост на земјата, при тоа не остварувајќи можност за создавање на приходи за отплата на кредитните странски обврски.

Македонија спаѓа во редот на средно задолжени земји која редовно ги измирува своите кредитни обврски кон странство, но кредитните задолжувања се однесуваат во главно за остварување на непродуктивни цели (во делот на инфраструктурата, образованието, за подобрување на платно-билансната позиција и сл.) што може, а претставува потенцијален проблем за отплатите во иднина.

Затоа се смета дека насочувањето на странскиот капитал за подигнување на нивото на технолошката развиеност на производството директно позитивно ќе се одрази на севкупниот стопански развој и ќе го оправда користењето на странскиоит капитал во која било форма, а особено во кредитните форми.

# ДИСКУСИЈА

***Проф. д-р Шабан Шеху***
***Педагошки факултет***
***„Св. Климент Охридски“ Скопје***

# НЕКОИ СОЦИОЛОШКИ АСПЕКТИ НА СТРАНСКИОТ КАПИТАЛ ВО ФУНКЦИЈА НА ТЕХНОЛОШКИОТ

Користењето на странски капитал и инвестиции во функција на технолошкиот развој на Република Македонија претставува една од основните компоненти на социјалниот и економскиот развој на нашата земја, особено за интензивирање на процесот на преструктуирање и технолошко подигање на производството, усвојување на нови техничко – технолошки знаења на производството и негово постојано иновирање, зголемување на експортната ориентираност на стопанството и подобрување на квалитетот на производството согласно барањата на меѓународниот пазар.

Процесот на транзиција од социјалистичко – комунистичкиот општествен систем во демократско – капиталистичкиот предизвика мошне големи тектонски нарушувања во социјалниот, економскиот, културниот и политичкиот живот на граѓаните на сите земји кои се зафатени со новите промени. Во тие рамки и Република Македонија сѐ уште се карактеризира со нов недоизграден економски и социјален систем согласно со демократските и пазарните услови на општеството, што имплицира бројни неповолни реперкусии врз севкупното живеење на граѓаните.

Сите релевантни научни и стручни анализи (економски, социолошки, политички и др.) недвосмислено покажуваат дека Република Македонија

заостанува зад современиот техничко – технолошки развој како последица на мноштво фактори кои континуирано се манифестираат повеќе од една деценија на овие простори, како што се: несоответно и нереално остварување на процесот на приватизацијата на општествено – државниот капитал, пад на економскиот развој, ерозија на моралот, создадена е голема армија на невработеност и голем е бројот на социјална помош, присутна е корупцијата и организираниот криминал, трговија со оружје, наркотични средства и бело робје и сл. Во таков општествен амбиент немалку придонесува и преголемата доза на застапеност на политички фолклор на политички партии (кои ги има во изобилство во Република Македонија – регистрирани над 50- тина), интеретнички судири, религиозни тензии и сл., па се до имитирање на демократските законитости и принципи. Сето ова и ред други деструктивни појави и однесувања, несомнено, се резултат на невладеењето на правдата и нефункционирањето на правната држава што негативно се одразува врз социјалната и економската сигурност на граѓаните, а во тие рамки и на несигурноста за влез на странскиот капитал и инвестициите во Република Македонија.

Во склоп на целиот тој мозаик треба да се истакне и фактот дека Република Македонија е опкружена со соседи (особено на север и запад) кои се зафатени со бројни социјални, економски и политички судири, противречности и деструктивни дејствија, што во значителна мера придонесува странските инвеститори да не појавуваат интерес за вложување на капитал и инвестиции.

Резултатите од изминатите неколку години недвосмислено покажуваат дека приватизацијата на општествено – државниот капитал во нашата земја се остварува со бројни правни и економски недоследности. Имено, голем број на вработени останаа без работа, примаат минимални плати или со задоцнување по неколку месеци или пак воопшто не ги добиваат, при што стана правило неплаќање на придонесите за пензиско, здравствено и социјално осигурување. Во такви услови на приватизацијата, таа стана „капитал на благосостојба" на групни и поединечни интереси, додека од друга страна се создаде масовна сиромаштија и невработеност на граѓаните.

Кои се тие глобални потенцијали кои ги има Република Македонија во овие историски моменти ? Несомнено е дека нашата земја има голем број на млади образовани генерации (со завршено средно и високо образование), што е основна гаранција за економски, социјален и културен просперитет на земјата, се разбира доколку тие се вклучат во процесот на производство и технолошкиот развој на земјата. Втор природен потенцијал е земјоделството кое мора да се осовременува и ефектуира за производство на еколошка храна, која ќе може да биде конкурентна на меѓународниот пазар.

Сознанијата укажуваат дека инвестирањето во знаења, а во тој контекст и во техничко – технолошко подрачје, претставува силен фактор за ревитализација и стимулирање на процесот во производството, преминот од екстензивен кон интанзивен развој, подигање на конкурентноста на трудот и производството и зголемување на извозот, а со тоа ќе се придонесе и за привлекување на странски капитал и инвестиции во земјата. Токму поради тоа, мора да се иновираат наставните програми во образовните институции, особено на оние од средно и високо образование, при што учениците и студентите ќе мора да стекнат современи техничко – технолошки знаења компатибилни со своите врзници од развиените земји. Досегашните стереотипни знаења кои се парцијални, застарени и непродуктивни ќе мора да се заменат со нови, квалитетни научно – технолошки знаења. Тоа претставува императив на современиот едукативен процес за подготвување на младата генерација за фаќање чекор со интеграционите процеси и глобализацијата на меѓународната заедница.

Процесот на глобализацијата (мондијализацијата), дефиниран од филозофијата на неолиберализмот, има за цел интеграција на економијата, подигање на образовното ниво, јакнење на лојалната конкуренција, заштита на животната средина, меѓуетничка и меѓурелигиозна толеранција и јакнење на социјалната сигурност на граѓаните. Овие се основни определби на патот на 21 век, кои според модерниот политички прагматизам, претставуваат основни столбови за идниот развој на пазарното стопанство и знаење, што подразбира перманентно усвојување и иновирање на техничко-технолошките знаења и умеења.

Основна детерминанта на макроекономската политика, особено на земјите во транзиција, а во тие рамки и на Република Македонија, е да се обезбеди социјална и економска стабилност, намалување на невработеноста и сузбивање на корупцијата и организираниот криминал. За да се постигнат саканите резултати, економските, социјалните, политичките, образовните реформи, мора да бидат јасно дефинирани согласно определбите за изградба на демократски општествено-економски и политички односи компатибилни со земјите на Европската унија. Секој вид на импровизација и нереален зафат имплицира бројни негативни последици, впрочем како и што се продуцира во изминатиот десетгодишен период кај голем дел на земјите во транзиција.

Според бројните научни и стручни анализи и сознанија пристапот кон политичките, економските и социјалните реформи во изминатиот период повеќе беше декларативен за демократијата и за пазарното стопанство, отколку реално сообразен за новите промени. Се случи „hic rodhos, hic salta“ што неминовно доведе до сегашната неповолна економска и социјална состојба на земјата.

Во сегашните влошени економски и социјални услови, граѓаните се соочуваат со голема несигурност, поради што Владата на Република Македонија и сите други релевантни субјекти на земјата мора да интервенираат со мерки и инструменти со кои ќе ја ублажат основната противречност во услови на транзиција, а тоа е: инсистирање да се воведе пазарна економија и модерна технологија, од една страна и продуктивно ангажирање на работната сила која остана без работа, од друга страна. Решението е мошне сложено и комплексно, при што мора да се анализираат сите аспекти на добивка и ризици, вклучувајќи домашни и странски експерти по одделни области.

Најзначајно за натамошниот економски и технолошки развој на Република Македонија, според досегашните сознанија, е да се обезбеди: социјална сигурност на граѓаните, почитување на законите на пазарната економија, почитување на принципите на политичката демократија, промовирање на претприемачкиот дух, отварање простор за вработување на невработените, итна реформа на банкарството, инвестирање во знаењето, научно-технолошкиот развој, сузбивање на секаков вид на корупција и организиран криминал и да почне да функционира правната држава.

Како приоритетна задача, за побрзо излегување од кризата и неповолните социјални и економски состојби, неопходно е да се изготви национална стратегија за сите сфери на општествениот живот, изработена од интердисциплинарни научни и стручни експерти од земјата и од странство, со утврдена конкретна национална политика, механизми, носители и рокови за остварување како за среднорочниот, така и за долгорочен развој (економски, социјален, образовен, културен, научно-технолошки, итн). Се цени дека донесената стратегија, поточно стратегиските програми, со утвдени механизми, носители, мерки и рокови, најмалку еднаш годишно да се разгледува од страна на Парламентот на Република Македонија за да се контролира ефикасноста на остварувањата на утврдените определби и да се поттикнува нивно оживотворување.

***Михајло Манев***
***Стопанска комора на Македонија***

# СТРАНСКИТЕ ВЛОЖУВАЊА И СТРАТЕШКИОТ ИНВЕСТИТОР-ЗНАЧАЈНИ ФАКТОРИ ЗА ТЕХНИЧКО -ТЕХНОЛОШКИОТ РАЗВОЈ И ПОДОБРУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА НА ДОМАШНИТЕ КОМПАНИИ

Темата е мошне актуелна и добро е што Здружението организира вакви тематски расправи имајќи го предвид фактот дека странските вложувања секако имаат значајна рефлексија врз техничко-технолошкиот развој и националната економија на секоја земја, посебно за земјите во транзиција како што е Република Македонија. Иако во изминатиот период тие се присутни во повеќе индустриски гранки, посебно преку процесите на приватизација, тоа не е доволно и на овој план треба да се направи многу повеќе со што би се отвориле нови перспективи во преструктуирањето и развојот на домашните компании. Досегашните искуства во оваа сфера несомнено покажуваат дека влегувањето на соодветен стратешки инвеститор дава добри резултати и во оваа насока, освен компаниите кои треба да преземат неопходни чекови, не треба да изостане и системската поддршка на овие процеси.

Во оваа смисла, потикнат од изнесените расправи и одделни дискусии, како добар пример би го посочил преструктуирањето во дел од челичната индустрија на земјата, или поконкретно ревитализацијата на производството на челик и челични финални производи во Макстил, акционерско друштво и компанија произлезена во рамките на трансформационите процеси на поранешната Рудиници и железарница „Скопје“. Се до 1996 година, основните металуршки погони беа во мошне незавидна

положба и без јасна визија и перспектива за нивно натамошно опстојување. Директните инвестиции на една од водечките светски компании во производството и трговијата со челик, швајцарската групација Дуферко во Макстил, донесе радикален пресврт во работењето на свој индустриски капацитет.

Новиот менаџмент, со асистенција на домашните стручни кадри подготви конкретен бизнис план и програма која речиси полни шест години успешно и ефикасно се реализира во сите сегменти на производно-технолошкиот процес. Би ги споменал неколку значајни реконструкции и модернизаци на постројките како што е воведувањето на ткн. систем АГЦ за аутоматско водење и контрола на процесот на валање, нова контуинирана линија за леење на слабови и воведување на казанска технологија во производството на челик. Ефектите од овие зафати се зголемување на капацитетот на производство на домашен челик и повисок квалитет, намалени трошоци и подобрена конкурентност. По однос на глобалната конкурентност, бидејќи челикот е глобален производ и само 5-10% се пласира на домашниот пазар, мошне значаен е фактот на создавањето услови за зголемено производство на челк од домашни суровини што истовремено овозможува целосна контрола на трошоците и подолгорочна економско-производна стабилност.

Преработката на полуфабрикати од надворешни испорачатели, гледано низ призмата на дополнителните транспортни трошоци како и можните промени и осцилации на движењето на цените на Светската берза од моментот на набавките до продажбата на финалните производи носи неизвеснот и комерцијални ризици. Низ овие аспекти, неопходен е и комплексен, рационален и осмислен пристап при конципирањето и непосредната практична имплементација на Програмата за преструктуирање на челичната индустрија во земјата согласно Протоколот 2 во рамките на Спогодбата за стабилизација и асоцијација со Европска унија, со која треба во што е можно пократок рок да се постигне виталност на овој сектор во нормални пазарни услови на стопанисување.

Како позитивно искуство може да се посочи и рестартирањето на Фениindустри и Силмак - поранешен Југохром, каде што влегувањето на француската корпорација СЦММ овозможи дел од капацитетите веќе оптимално да се користат.

Основната поента во ова кратко излагање преку некои примери, е дека во услови на изострена странска конкуренција, глобализација на светските пазари и нашиот прием во Светската трговска организација, изборот на најсоодветни стратешки партнери кои имаат знаење и искуство во конкретниот бизнис, дефинирана стратегија и јасен бизнис план за реструктуирањето и развојот на компанијата, е мошне значаен предуслов и за поттикнување на техничко-технолошкиот развој на земјата во целина.

***Антонио Ефремов***
***Агенција „АТРИС“ Скопје***

# ЦЕНТРИ ЗА ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ

1. Својот досегашен индустриски развој и благосостојба за населението, високо развиените земји од Западна Европа, како што се Белгија, Холандија, Германија и други го имаат остварено врз основа на користење минерални суровини од неразвиените земји.

Нашата земја во рамки на поранаешната федерација имаше слична роља, бидејќи претставуваше суровинско подрачје за стопански поразвиените републики на Југославија. Ова особено се однесува за обоената металургија која како индустриска гранка сеуште има значајни компаративни предности од аспект на обезбедување интензивен развој на целокупното стопанство на Република Македонија.

Предностите на обоената металургија главно произлегуваат од поседувањето на неопходните развојни претпоставки, а кои се идентификуваат со значајните природни и човечки ресурси, едуцираната работна сила, изградените производствени капацитети, расположивите технологии и знаење, како и со веќе изготвените стратешки програмски развојни документи.

Слабости од аспект на реализирање на развојот, од друга страна пак, се недоволните финансиски средства за спроведување на потребната технолошка ревитализација на индустриските објекти, како и несоодветната институционална организираност на национално и локално ниво (нема Министерство за развој и центри за технолошки развој).

Како изразита слабост може да се земе во предвид и несреќно избраната и спроведената форма на трансформација на општествениот капитал, која практично го уништи и така тешко стекнатиот деловен имиџ на домашните водечки стопански субјекти. Овие субјекти најчесто буквално се продадоа за еден долар, и тоа во услови на превземање обврски на товар на сите домашни даночни обврзници и консуматори на потрошувачки добра сврзани со обезбедувањето привилегии за т.н. странски стратешки партнери (бенефицирани цени на енергенти, отсуство на концесии за користење на минералните суровини, монополска положба на домашниот пазар, итн.)

2. Сите сознанија укажуваат дека одржливиот развој не може да се остварува без паралелно спроведување на технолошкиот развој бидејќи необновливите минерални и енергетски суровини денес ги има сè помалку во услови на сè позагадената животна средина. Поради тоа е потребно создавање на услови за поефикасно и покомплексно искористување како на примарните така и на секундарните ресурси. За остварување на оваа цел е неопходно спроведување на технолошкиот развој преку унапредување на постоечките и развој на нови технологии.

Тука веднаш треба да се отфрли мислењето дека трошоците за воведување на нови технологии во обоената металургија се повисоки во однос на оние кои се потребни за унапредување на постоечките технологии. Во врска со ова прашање, експерти од една донаторска фондација од Јапонија пред неколку години не можеа да ни дадат одговор зошто во нивната земја не беше извршена ревитализација на постоечките, туку беше воведена идентична нова технологија дури во седум топилници на бакар (технологија Оутокумпу на истоимента компанија од Финска).

Одговорот на последново прашање е во тоа што новите технологии, во споредба со класичните технологии за добивање на бакар, никел, олово и други обоени метали, за исти производствени капацитети користат многу помали по габарит компактни процесни постројки, кои се сместуваат во мали по величина градежни објекти, и за кои се потребни помали помошни енергетски постројки и инсталации поради значително помалата потрошувачка на енергетски флуиди и електрична енергија по единица производ. Овие предности, нормално, придонесуваат и кон релативно ниски инвестициони вложувања, кои во случајот со постројката за автогено топење на оловни концентрати во планираната нова топилница на олово во нашата земја во 1986 година изнесуваа само 20 милиони германски марки.

3. За остварување на технолошкиот развој во нашата земја повеќе од две децении се иницира идеја за формирање на национален центар за технолошки развој. Основна дејност на центарот би требало да биде технолошкото проектирање, односно изготвувањето на тн. процесен ин-

женеринг кој, како дел на базниот инженеринг, претставува најскап сегмент на секоја инвестиција во производствените капацитети. Во случајов особено треба да се користи позитивното искуство од Турција и Кина, каде најголемите слободни индустриски зони се именуваат како технолошко развојни индустриски зони, бидејќи во рамките на овие зони работат еден или повеќе развојни центри познати под име“технолошки паркови“.

На локално ниво, во индустриските зони на поголемите градови треба да се формираат слични развојни институции и тоа на начин и со дејности како што е предложено во студиите за локален стопански развој на Општина Велес и на Општина Делчево, изготвени со финансиска поддршка на Светската Банка од страна на Агенцијата АТРЕЗ од Скопје во 2001 година.

*Д-р Марија Зарезанкова-Потевска*
*Министерството за економија*

# ТЕХНОЛОШКИОТ МЕНАЏМЕНТ И МАРКЕТИНГ ВО ФУНКЦИЈА НА РАЗВОЈ

1. Планирањето, како компонента на раководењето и управувањето со претпријатијата, се врши на краток, среден и долг рок. Тоа е одредено од политичките, економските, демографските и културните фактори на национално и меѓународно ниво:

- Во економските фактори влегуваат покрај капиталот, работната сила, природните ресурси, изградената инфраструктура, технологијата;
- Во политичките фактори влегуваат стабилноста, постојната идеологија, институциите, геополитичките поврзувања;
- Културните фактори опфаќаат: социјална структура и динамика, религијата, улогата на половите, јазикот итн;
- Демографските фактори ја имаат во предвид старосната и полова структура на населението,економската структура на населението, растот на населението, урбанизацијата, миграциите, здравствената заштита итн.

Сите овие фактори влијаат и врз малите и средни претпријатија и врз нивниот опстанок и развој, а соодветно на тоа и врз утврдувањето на деловното планирање, односно на утврдувањето на нивната деловна стратегија.

Планирањето кај малите стопански субјекти има свои специфичности, кои произлегуваат пред се од нивната големина, а потоа и од други карактеристики. Само најсовремените знаења, особено во деловното работење, во примена на нова технологија, обезбедуваат утврдување на современа деловна стратегија, современо раководење и управување.

На секоја деловна стратегија на малите и средни претпријатија и претходат анализи (СВОТ итн.), сврзани со непосредното опкружување, со внатрешните анализи на можностите (ресурсите) и потребите.

Секоја деловна стратегија мора да содржи **визија,** со цел да се обезбеди мотивираност на кадрите во претпријатието, да содржи **мисија**, како дел од визијата, која е временски лимитирана и **цел** (намерата) на луѓето во секое претпријатие.

Деловното планирање,како дел на деловната стратегија, го содржи пред сè стратешкиот менаџмент на претпријатието, а во тие рамки и кадровскиот, финансискиот, технолошкиот менаџмент, како и видот на стратешкото партнерство, доколку се планира. Бизнисот односно видот и обемот на дејностите на малите и средни претпријатија постојано се менува, а со тоа се менуваат и нивните особени способности (distinctive competence).

Деловната (бизнис) стратегија на претпријатијата е одредена од државната, национална политика на економски и индустриски развој, од создадениот деловен амбиент и клима, од опкружувањето создадено со системските закони и регулатива. Покрај националното опкружување, секако дека големо влијание на деловната стратегија на малите и средни претпријатија има и меѓународното опкружување, што опфаќа: пазарни трансакции, билатерални врски, мултилатерални механизми, глобални индустрии.

Оттука произлегува констатацијата дека малите и средни претпријатија, а особено новите и микро претпријатијата, нужно ја менуваат својата деловна стратегија и планирање во зависност од разните влијанија и надворешни и внатрешни фактори. Битно е дека деловната стратегија има задача да се обезбеди одржување и развој, во услови на конкуренција, во рамки на националниот пазар, а потоа и на меѓународниот.

За таа цел, малите и средни претпријатија треба да се подготвени да делуваат правовремено, да реагираат на време и со вистински мерки и активности. Во таа нивна активност им е потребна помош од институции, стручни лица и владина политика. Сепак, во процесот на планирањето, клучно место има знаењето за стратегијата на бизнисот и воопшто развојот и примена на економското учење.

Најголем дел од малите и средни претпријатија во Република Македонија се микро претпријатија, со 8,7 просечно вработени лица по 1 претпријатие во целина, што укажува на фактот дека тие треба да се подготвени, голем дел од функциите во раководењето, да ги вршат самостојно, заеднички, а едновремено ефикасно.

Функциите на раководење во малите и средни претпријатија во најголем случај се сублумирани во една личност, во личноста на сопственикот се слева функцијата на менаџерот, на производителот, на продавачот итн. за што е потребна подготвеност, висока стручност и постојана едукација, како услов за добро раководење, за навремено донесување на добри и правовремени одлуки. Бавноста во одлучувањето во 80% случаи придонесува за распаѓањето на претпријатијата во САД.

За таа цел, како нужност се наметнува потребата од конзистентна национална политика на поддршка на секторот на малите и средни претпријатија во земјата, која во себе ќе ги содржи сите релевантни компоненти за основање и развој на стопански субјекти, кои ќе може да бидат конкурентни на национални и светско ниво, компетентни во својата област.

2. Поддршката на создавањето и стекнувањето на иновации и знаења на малите и средни претпријатија претставува помош во развојот на нивната конкурентна способност. Иновациите во вид на методи, производи, процеси, опрема, услуги, се производ на бројни фактори како научноистражувачки институции, пронаоѓачи-индивидуалци, а нивниот успех во прв ред зависи од грижата и помошта на надлежните државни органи на иноваторството и технолошкиот развој во целина. Република Македонија не претставува иновационо општество од типот на САД, СР Германија и др., но со активна политика на поддршка на трансферот на технологија, прифаќањето на нови знаења и перманентното учење, може да се обезбеди претварање (конверзија) на туѓите технологии и знаења во сопствени изуми и решенија, надополнети и доизградени, според сопствени потреби.

Република Македонија поради долгогодишните стагнантни состојби во националното стопанство и пошироко, треба да се стреми кон помош на иноваторите, преку финансирање во регистрирањето на патентите, во испитувањето во лаборратории, финансирање на нивните иновации, односно внесување во производство итн. Постоењето на мрежа на институции за поддршка на иноваторите е повеќе од неоходна во земјата, како прв чекор во поддршка на технолошкиот развој на Република Македонија.

Едновремено, се неопходни соодветни проекти за обука, за да се добијат нови знаења и економско учење нужно за малите и средни претпријатија и нивната внатрешна организација и функционирање. При тоа, нужна е поддршка на соработката и кооперативните односи на малите и

средни претпријатија во разни форми во земјата и пошироко, како еден од методите на економско учење.

Со оглед на тоа што иновациите и знаењата се примарни во јакнењето на конкурентската способност на малите и средни претпријатија, битна е нивната поддршка на стратешко, институционално и нивото на претпријатијата.

Во таа насока е нужно со владина политика на поддршка да се обезбеди помош на иноваторите, на технолошкиот развој и на соодветното дистрибуирање на неопходното економско и техничко знаење, создавање на институции за помагање на технолошкиот развој.

3. Во услови на глобализација на светската економија која подразбира интеграција на меѓународниот капитал, засилена диверзификација на производството, на факторите на производство, на потрошувачката, јакнење на мултинационалните компании и јакнење на глобалната конкуренција, глобализацијата на технологијата станува растечки процес.

Во овие современи услови на стопанисување, во услови на економија која базира на знаења и врз постојани технолошки промени, технолошкиот менаџмент и маркетинг како дел од стратешкиот менаџмент, имаат особено место и значење во управувањето со претпријатијата. Новите претпријатија се принудени постојано и навреме да се прилагодуваат кон настанатите промени, да го стимулираат процесот на економско учење и да обезбедат интеграција на функциите на раководење и управување во интерес на јакнење на самостојноста и обезбедување на конкурентност и компетитивност. Економското учење во новите претпријатија, во најголем дел, се однесува за потребите кои се наметнати од технолошкиот развој.

Едновремената интенција за самостојност и интерактивен однос со другите субјекти во националната економија и пошироко поврзување и вклучување во одредени мрежи на институции и субјекти, наложува современи знаења и методи на работа.

Од друга страна пак, малите и средни претпријатија немаат лесен и едноставен пристап до нова технологија и know how, и тешко може да применуваат иновации, поради високи трошоци на истражувања, патентирање и производство, недоволна поврзаност со банкиите и други финансиски институции.

Во земјите во транзиција, како што е Македонија, мрежите на научно-истражувачки центри, институции за научни и развојни цели се неразвиени, а претпријатијата немаат финансиски средства за нивно развивање во своите рамки. Затоа, како многу важен и неразделен дел на стратешкиот

менаџмент е технолошкиот менаџмент и маркетинг, а нивна основна задача и цел е трансферот на технологија, комерцијален и некомерцијален.

Современиот менаџмент развива комплексен, целосен пристап кон испитување на пазарот. Зависно од потребите за одредени видови на производи на пазарот, се утврдува и деловната стратегија и политика на секое претпријатие.

Современиот технолошки менаџмент и маркетинг ги апсолвира најсовремените форми на трансфер на технологија, како предуслов за конкурентно способни економски субјекти и утврдува деловна политика која ги почитува потребите и можностите за одреден вид на трансфер на технологија.

Комерцијалниот трансфер на технологија опфаќа повеќе видови, како: увоз-извоз, странски директни инвестиции, заеднички вложувања, лиценци, фрашизи, договори за соработка (Sub contracting), соработка со коопeранти, договор клуч на рака и тн.

Некомерцијалниот трансфер на технологија, исто така, е многу битен за развојот на малите и средни претпријатија. Тој е поврзан со образовната компонента на поддршката на малите и средни претпријатија, бидејќи ги опфаќа конференциите за техничките науки, научната и техничката литература, обуката на странски универзитети, ангажирање на врвни странски инженери, обука во странски претпријатија, а секако тука спаѓаат и личните контакти и индустриската шпијунажа.

Поради тешкиот пристап до нова технологија и знаења, технолошкиот маркетинг и менаџмент во малите и средни претпријатија, има сериозни бариери. За таа цел, на тој план е потребно основање на мрежа на институции за техничко-технолошка поддршка и помош. При тоа, е од особена важност маркетинг испитувањата на конкурентите и нивните особености, а потоа и утврдување на соодветна деловна стратегија која означува зголемување на ефикасноста во работењето и зголемување на конкурентската способност.

4. Менаџментот во малите стопански субјекти, во голема мера е специфичен, со оглед на нивните посебни економски карактеристики. Тешкиот пристап до капитал, нова технологија и деловни информации наложува системска поддршка, преку соодветни институции и економски мерки.

Во услови на глобализација на светската економија, секторот на малите и средни претпријатија нужно се интернационализира па спрема тоа тие нужно треба да се подготви за тоа. На малите и средни претпријатија во Република Македонија им е потребна поволна деловна клима и опкру-

жување за непречен развој и нивно јакнење, што се обезбедува преку системските закони и нивното доследно спроведување.

Како императив се наметнува потребата од донесување на конзистентна и долгорочна национална политика за поддршка на малите и средни претпријатија, која во себе ќе ги содржи сите релевантни компоненти за создавање на стопански субјекти кои ќе може да бидат конкурентни на национални и светско ниво, компетентни во својата област.

Основните компоненти кои треба да ги содржи националната политика на помош и поддршка може да се класифицираат во :

- Финансиска: мали заеми, поволни кредити, гаранции, ивестициони фондови, фондови за ризичен капитал, субвенционирање, даночни и царински олеснувања и ослободувања;
- Информативна: добивање на потребни деловни информации кои малите и средни претпријатија не се во можност да ги добијат;
- Образовна: професионално образование, перманентно образование, преквалификации и доквалификации;
- Консултативна: во сите области од деловото работење, во менаџментот (кадровски, стратешки, финансиски, технолошки итн.) во маркетингот, во водењето на претпријатијата, во законската регулатива итн.
- Технолошка: во вид на информации, обука, трансфер на технологија и знаења, иновативни центри и други институции;
- Институционална: институции кои ќе даваат потребни услуги на малите и средни претпријатија во сите области и за сите нивни потреби: извозни активности, е- business испитување на квалитет на производите, сертификација на стоките и услугите, промоција на малите и средни претпријатија, поддршка на иновациите и трансферот на технологијата итн.

Технолошкиот менаџмент и маркетинг, долгорочното планирање, како составен дел на стартешкиот менаџмент, се неопходни компоненти за успешното водење на малите претпријатијата, и од тој аспект се неопходни системски и долгорочни поддршки и помош.

***Владимир Павлески***
***ЈП „Македонска пошта“ Скопје***

# ИЗВОРИ НА ФИНАСИРАЊЕ НА ТЕХНОЛОШКИОТ РАЗВОЈ И МЕСТОТО НА ТЕХНОЛОГИЈАТА

Досегашниот пристап кон решавањето на проблемите на „големите“ претпријатија, во основа со нивно чистење од долговите и нивна продажба, најчесто на странски инвеститор, би требало да се замени со пристап кај кој претпријатијата очистени од долговите, а дури и преттоа, времено ги презема државата. Таа во нив треба да поставува раководители, чии трошоци самата ги покрива, овие првенствено изготвуваат студија за економски оправдано активирање на претпријатието и начини на активирањето, по што следи инвестиција на државата во средувањето на состојбите на организационен, техничко-технолошки (особено во модернизирање на одделни делови на производствените процеси и отстранување на тесни грла, осовременување на општата состојба на претпријатието, стручно усовршување на постојните и новите кадри, воведување на e-commerce, односно продажба преку интернет како особено важна компонента на современото работење итн.) и комерцијален план, заживување на производството и пласманот, застанување на претпријатието на здрави основи, а дури потоа нивна јавна продажба („транспарентна“ е англиски израз за „јавна“).

Не е неоправдано при продажбата, претпријатијата да се понудат на позната странска фирма или на друго домашно претпријатие, со што заздравеното претпријатие или ќе постане дел од здрав меѓународен сис-

тем или пак со тоа ќе се придонесе за окрупнување на домашните стопански субјекти. Со тоа ќе се избегне влагување на шпекулативен капитал или да се „перат“ пари од светот. И овде еден најсвеж, наш, домашен пример: рудниците за олово и цинк да се здружат со Топилницата за олово и цинк, да се окрупни и да се консолидира новиот субјект (кој всушност функционирал заедно и порано), а дури потоа да се оцени дали воопшто треба да се продава или ќе функционира со домашен ум и сили.

Прашање е откаде државата треба да обезбеди средства за закрепнување на претпријатијата? Во развојни моменти, низ кои сега поминува нашата земја, не треба непотребно да се чуваат „мртви“ девизни резерви. Заради определување на оптималниот обем на девизни резерви и начинот на нивото создавање можат да послужат два елемента:

- во услови на наметната војна, од девизните резерви на земјата се искористени 270 милиони ДЕМ. Значи, тоа е минимум минимо-рум девизни резерви;
- д-р Верица Јанеска од Економскиот институт - Скопје има научно истражување, засновано на серии уште од седумдесеттите години, со кое докажува дека девизните дознаки од странство (дознаки на девизни средства по приватни канали) годишно достигнуваат и до 600 милиони долари. Ова покажува зошто, и во услови на висок трговски дефицит, државата навреме ги отплатува обврските кон странство и девизните резерви растат, дури и во услови на доста несредени односи во областа на менувачките работи. Понатаму, на собирот што во организација на Институтот „Отворено општество“, а по повод Самитот во Солун, се одржа во хотелот „Холидеј Ин“, главниот промотор укажа на средствата кои „од дијаспората“ приливаат во Босна и Херцеговина и поради кои во оваа држава, и покрај речиси замрената стопанска активност, тамошното население живее подобро отколку во Србија.

Понатаму, Буџетот на државата сепак нема развојна компонента, од која ќе се поттикнува развојот, вклучувајќи ги и „големите“ претпријатија, кои практично единствено придонесуваат за девизен прилив по основ на извоз, како и за масовни вработувања. Притоа, сепак треба да се има предвид големината на нашите „големи“ претпријатија, кои за развиениот свет всушност се средни претпријатија и за нив кај нас треба да се применат мерките што од странство нѝ ги предлагаат за малите и средните претпријатија. Меѓу другото, бројот на вработени во органите на управата (всушност, вработени-корисници на средства од централниот буџет) од околу 45.000 лица пред петнаесеттина години, сега е зголемен на над 90.000 лица. Голем дел од нив се „референти за семафори“ и „рефе-

ренти за детски додаток". Таму без многу размислување треба да се воведе оптимизација, бидејќи таквите „референти" всушност ги трошат средствата кои стопанството би ги вложило во развој, односно отворање на нови работни места за истите тие „референти", односно државата од централниот буџет средствата би ги насочила кон развој на стопанството. Не е далеку идејата од централнот буџет, наместо платите на „референтите", да се обезбедуваат барем платите на вработените во претпријатијата што треба да бидат закрепнати - до моментот на нивното закрепнување, како и дел од платите на специјалистите во различните проектни и развојни бироа, интелектуални центри, лаборатории, испитни центри итн., односно места во кои се развиваат нови производи или се усовршуваат постојните.

Државата мора да преземе мерки, со декрет генерално да се очистат обврските на претпријатијата постари од одреден број години, особено обврските создадени во времето на високите камати на девизни кредити, што се применуваа неколку години по осамостојувањето, да се отпишат очигледно ненаплатливите долгови и пласмани итн. Во ваква фаза сега е економијата (стопанството, банкарскиот и финансискиот систем и останатите субјекти) на Јапонија, особено банкарскиот и финансискиот систем. На тој начин, меѓу другото, ќе се намалат и трошоците на економијата на Република Македонија од бројни судски процеси, евидентирање на некорисно од неефектно администрирање, губење интелектуални капацитети на активности кои немаат ефект итн.

2. Акцијата „Да користиме домашни производи" на почетокот даде одредени резултати, што оправдува спроведување на вакви акции. За жал, ваква акција однапред е осудена на делумен успех, поради тоа што, како прво, нема доволен асортиман на домашни производи, а како второ, со сегашната организација на меѓупродажбата (продажба помеѓу производителите и потрошувачите) и малопродажбата, за домашните производи се воспоставени значителни пречки на нивниот пат до крајниот потрошувач. Имено, мора јасно да се утврди дека во земјата постои таканаречено увозничко лоби, кое не дозволува развој и пласман на домашни производи. Поради ова, бројни иницијативи за создавање на домашни производи, кои всушност би претставувале конкуренција на увозните, се сотрени уште во стартот. Ова се случува и во областа на земјоделското производство, каде особено не се дозволува создавање на организирано производство и пласман, развој на здрава храна, бидејќи на тој начин увозничкото лоби нема да биде во можност по ниски цени да го откупува домашното производство.

Значи, државата треба да преземе мерки за создавање на нови производи и усовршување на постојните. Тоа е акција, во почетокот далеку поскапа од акцијата „Да користиме домашни производи", бидејќи претпос-

тавува, пред сè утврдување на производите за кои на домашниот пазар има потреба, потоа преземање на мерки за развој на домашните производи, нивниот пласман и заштита од увоз и од увозничкото лоби барем за две години и поттикнување на нивниот извоз (имено, се смета дека Република Македонија всушност има малку што да извезува, освен основни земјоделски производи и суровини и полуфабрикати).

Заради утврдување на производите (нормално и услугите) што треба да се создаваат, пред сè треба да се појде од фактот дека за нив е отворен домашниот пазар од околу два милиони жители. Државата, преку сопствените евиденции за увозот, со висок степен на точност знае кои призводи се увезуваат и во кои количини на годишно и покусо ниво и тие податоци треба да ги понуди на потенцијалните инвеститори. Понатаму, се знае кои се компаративните предности на домашното стопанство, но кои производствени целини не се заокружени (на пример, на производството на вино и на конзервирани производи му е потребна домашна стаклена и друга амбалажа). Не е особен проблем државата, повикувајќи се и на патриотизмот, да спроведе анкета за потребите кои стопанските и нестопанските субјекти ги имаат за одделни делови, компоненти, хемикалии, технологии, суровини, услуги итн., евентуално со проценка на потребите на годишно ниво и тие да бидат вклучени во листата на производи чиј домашен развој ќе се поддржува. Исто така, државата, сама или преку приватниот сектор, треба да ги следи трендовите на производството и потрошувачката на одделни производи во светот и во земјите со кои има договори за слободна трговија, особено нови и перспективни, и таквите производи да ги вклучува во листата на производи и услуги за кои ќе обезбедува поддршка за нивниот развој и усовршување.

Заради поддршка на развојот на нови и усовршување на постојните производи, државата како и многу други особено развиени држави во светот, со сопствени средства треба да го субвенционира развојот и усовршувањето. Тоа подразбира пред сè приспособување на сопствената организација на органите на управата во насока на поддршка на развојот на домашното производство, обезбедување на наменски средства од централниот буџет и од буџетите на единиците на локалната самоуправа и јавните претпријатија, непосредна поддршка на развојот на новите производи со финансиски средства, со простор, опрема, инструменти, технички и технолошки информации, посета на изложби, повикување, на целосна или делумна сметка на државата, на странски специјалисти за дадена специфична област итн. Нормално, државата особено треба да помогне во борбата против увозничкото лоби. Уште поефикасно би било ако државата го наведе увозничкото лоби, наместо кон увоз, да се преориентира кон развој на домашни производи или производство дома на истите производи што ги увезува, но по странска лиценца, концесија, франшизинг и други

форми на домашно производство на странски производи. За потребите на развојот на домашни производи можат да се користат и средства од донации, странски кредитни линии, со субвенционирање на каматите или поделба на трошоците итн.

Особено треба да се нагласи дека во земјата постојат многу мали производствени капацитети што ги водат инженери, особено машински. Тие живуркаат, заради тоа што државата нема политика за поддршка на развој на опрема за домашни помали и поголеми линии во рамките на ваквите домашни капацитети. На пример, не е особен проблем, со поддршка на државата во финансирањето и однапред обезбедениот пласман во јавните претпријатија, да се проектира и да се произведе камион за изнесување на смет, со надградба над странско возило. Не е проблем да се проектираат и да се произведат, повторно со поддршка на државата, помали, па дури и поголеми производствени линии и слично.

Државата треба до одреден степен да биде вклучена и во создавањето на производствени капацитети за новите домашни производи. За таа цел треба да се користат и странските кредитни линии, со евентуално субвенционирање на каматите, со промоција на новите производи во странство заради изнаоѓање на странски инвеститори, но и дел од девизните резерви, нудење на сопствени изградени капацитети, како касарни, затворени капацитети итн, за започнување на производство и слично.

Особено е важно учеството на државата во промоцијата и заштитата на домашните производи. Нивната промоција на саемски манифестации не е ниту доволна ниту навремена. Јавните промоции на новите домашни производи во организација на државата ќе придонесат не само за нивното воведување кај потенцијалните корисници, туку и кај потенцијалните извозници, вклучувајќи го и увозничкото лоби кое, како што е речено, треба да се претвори во извозничко лоби. Ваквите јавни промоции населението може дури да ги смета за национална гордост. Промоцијата треба да вклучува и субвенционирање на рекламирањето во јавните медиуми. Дел од промоцијата може да биде и формирање на специјализирани продавници во кои ќе се продаваат само домашни производи, вклучувајќи ги и новите (вакви специјализирнаи продажни објекти сака во Република Македонија да отвори локалната власт на Москва).

Сите мерки за развој на домашни производи можат да бидат во функција и на развој на домашни капацитети кои потоа ќе се понудат на странски инвеститори. По спласнувањето на притисоците од странство за исполнување на некакви „човечки и малцински права“ како услов за влез на нашата земја во Европската унија, очигледно услов, можеби главен, ќе биде технолошкиот развој на земјата и нејзината технолошката усогласеност со Европската унија.

3. Би сакал, како дел од дискусијата, да го наведам овде текстот „за таканаречената „Алтернатива на главната улица", која се залага за сериозно преиспитување на поставката за економски растеж заснован на извоз. Извозот од една земја е увоз во друга, така што сите земји не можат да се потпираат на развој заснован на извоз. Обидот да се постигне ова доведува до таканаречената ситуација „питање од соседот", во која бројни извозно ориентирани земји се зависни од побарувачката во другите земји, со што се создава дефлациона спирала.

Излез од оваа неповолна ситуација е економски растеж заснован на зголемување на домашната побарувачка и потрошувачка, поддржана со зголемување на платите и подобра распределба на доходот помеѓу платите и профитот. Заради постигнување на вакви резултати треба да се постигне рамнотежа помеѓу капиталот и работната сила. Поради ова, од особена важност е примена на глобално ниво на основните стандарди за работа - во основа право на слободно здружување и колективно договарање.

Вакви стандарди се етички исправни и практично потребни заради развојна ориентираност на светската економија. Без заштита обезбедена преку основните стандарди за работа, индивидуалните работници ќе се соочуваат со постојани спротивставувања во однос на нивните барања за повисоки плати. И покрај очигледно огромните спротивни докази, Вашингтонскиот консензус постојано ги претставува синдикатите како начин за растројување на пазарот. „Алтернативата на главната улица" ги смета синдикатите за пазарно решение за огромниот дебаланс на моќта што произлегува од новосоздадената можност на капиталот да скита по светот во потрага по најевтини, најексплоатливи работници.

На крајот, постои и друга, исто така важна економска корист од наметнувањето на примена на основните стандарди за работа. При дијагностицирањето на колапсот во Источна Азија, Вашингтонскиот консензус го нагласува проблемот на економскиот грабеж и повторно смета дека решение е поголема либерализација на финансиските пазари. Но, тврдењето дека конкуренцијата на пазарот ќе го спречи грабежот е погрешно. Ваквите однесувања се политички поддржани и нивното менување бара политичка реформа и сили што ќе се спротивстават на ваквите однесувања и ќе ги блокираат.

4. Треба особено да се нагласи односот на нашето општество кон технологијата и технолошкиот развој. Нашата земја има 12 научноистражувачки организации, од кои седум се во областа на националните дисциплини. Економскиот институт не е вклучен во развојот на земјата и се бори за опстанок. Не постои технички институт. Не постои технички музеј. Техничкиот институт барем ќе развива програми и проекти за старту-

вање на земјата пред меѓународните финансиски институции за одделни проекти. Тој исто така треба да придонесе за развојот на домашните производи или усовршување на постојните. Електротехничкиот и Машинскиот факултет делат иста зграда, поради што Електротехничкиот факултет во прва година запишува 500 студенти, а во втора „пушта" само околу 90 затоа што нема просторни капацитети. Во истовреме, со најголемиот број конкурси за нови вработувања во земјата се бараат лица со завршен Електротехнички факултет. Дотогаш, Економскиот факултет има посебна зграда. Правниот факултет има посебна зграда. Опремата на техничките факултети е застарена, нема хемикалии и агенси, алати, компоненти. Помошта што овие факултети ја добиваат од странство се сведува на компјутери, а не и на останата опрема, хемикалии, реагенси, компоненти. Големи творечки потенцијали се криеја во проектините бироа при градежните претпријатија. Институтот за студии и проектирање при градежното претпријатие „Бетон" беше еклатантен пример. Овие потенцијали полека се разградуваат, а никој за тоа не е загрижен. Соросовиот институт „Отворено општество" финансира сѐ, само не проекти за развој на домашни производи, проекти за техничките факултети, изработка на магистратури и докторати од областа на техничките науки, студиски патувања од овие области, техничка култура. Замрен е Секторот за технолошки развој при Министерството за образование и наука.

***Проф. д-р Борис Анакиев***
***Здружение на агроекономистите на Република Македонија***

## ЗА ИНВЕСТИЦИИТЕ ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

Нема дилеми дека повисок и забрзан развој на стопанството вкупно и на секоја стопанска област одделно неможе да стане без инвестиции и вложувања на капитал.

Јас ги почитувам искажувањата што му даваат големо значење на странскиот капитал. Меѓутоа, длабоко сум уверен дека е поважно да се ангажира домашниот капитал, уште повеќе што се покажа дека во Македонија има релативно доста домашен капитал. Затоа, да се потсетиме дека по осамостојувањето на Репубклика Македонија, имаше прогнози од сериозни економисти за висината на пасивните средства кај граѓаните на Македонија, кои изнесувале околу една милијарда германски марки. По десеттина години со промена на европската валута оваа прогноза се покажа приближно точна. За жал се покажа и тоа дека во овој период од над 10 години тие средства не беа активирани. Очигледно е дека во земјата не се остварени услови за пласман на домашниот капитал.

Дали тој проблем не е пречка за вложување и на странски капитал? Неможе да се исклучи фактот дека странските инвеститори, водат сметка и за тоа дали и колку се вложува домашен капитал.

Нема инвестирање и развој со скапи кредити. За тој проблем деловните банки ги обвинуваат државата и Народна банка, кои не направиле ништо посериозно за да го намалат ризикот од пласманот и не изградиле систем за наплата на достасаните отплати. Меѓутоа, факт е дека деловните банки не сторија ништо за да ги намалат сопствените трошоци што ги оптоваруваат кредитите со зголемена камата. Уште еден фактор има вли-

јание на слабиот пласман на кредити, а тоа се каматите на благајничките записи. За жал сите компетентни фактори во земјата се свесни за овие проблеми, а со години ништо сериозно не се прави состојбата да се промени.

Како еклатантен пример зашто не се инвестира со кредитни линии е земјоделството, кое неколку години имаше на располагање релативно доволно средства од линијата „ИФАД 1", а дури 60% од тие средства не се пласирани, поради (покрај другите неповолности) висината на каматата која се движи помеѓу 10 и 14% (заедно со осигурувањето, манипулативните трошоци и сл).

Примарното земјоделско производство стана најнепривлечна стопанска област за кредитирање, а слично на него се котира и скоро целата прехранбена и тутунска индустрија. Кои се причините?

- висок ризик за враќање на средствата,
- ниско ниво на доход, поради депресирани цени,
- потенцијална можност за преливање на доход во трговските и прехранбените дејности.

Исто така, причина е непоклопувањето на интересите помеѓу земјоделците и комерцијалните банки, како и со другите потенцијални кредитори.

Што може да се направи во овие услови за да се инвестира во примарното земјоделско производство?

1. Државата да создаде фонд за гарантирање на кредитите за инвестиции кај комерцијалните банки. Така освен што ќе се зголеми инвестиционата активност, државата може да ги насочува инвестициите според стратешките интереси во земјоделството.
2. Каматната стапка на кредитирањето да се диференцира во зависност од:

- времето потребно за завршување на инвестицијата;
- степенот на ликвидноста на предложените за обезбедување средства;
- степенот од потреба на основни средства;
- атрактивноста на инвестиционите проекти и др.;
- инвестиционите кредити можат да бидат со пониска камата ако се во согласност со државните интереси за заштита на животната средина, за органско земјоделство, мелиорации и сл.

На пример: враќањето на средствата кај инвестиција за многугодишните насади настанува по 4-5 години. Во првите години по завршување на грејс периодот каматата може да биде пониска а да се компензира во наредниот период кога насадот е во полн род.

3. Продолжување на периодот за враќање на инвестициите. Кога се имат предвид сегашните неповолни економски услови за развој на земјоделството не е возможно, например кредитите за купена земјоделска техника, за племенити раси добиток и сл. да бидат вратени за две-три години. Исто така кус е периодот за враќање на кредит од 120 месеци со 60 месеци грејс период за долгогодишните насади.

Една од фазите за инвестирање во земјоделството е и лизинг системот, а особено за обезбедување на современа механизација, поради повеќе причини:

- нее потребно располагање со инвестициони средства за купување на механизацијата;
- ќе се зголеми нивото на опфатени во обртот активни средства и ќе се намали висината на долгорочни инвестиции;
- ќе се обнови застарената механизација;
- ризикот од морална застареност го презема давателот на лизингот, а не земјоделците и сл.

Кога се имат предвид ограничените финансиски ресурси на земјоделските стопанства и на државата, како и рестриктивните услови на банките за кредитирање, мислиме дека треба здруженијата на земјоделците да отпочнат да се занимаваат со суштинските проблеми на земјоделците. Доволно е да се здружат десеттина до петнаесеттина земјоделци за да можат да купат современа механизација. Покрај користењето на методот „прстен“, вака купената механизација да може да опслужува поголем обем на производство одколку што е тоа на здружителите. Првобитниот капитал на тие здружители (здружение) и ако незначителен може да послужи како гаранција пред деловните банки. Така можат да се изградат и да функционираат поголем број здруженија на земјоделците, на пример:

- специјализирани за механизирани услуги во земјоделството,
- здруженија (специјализирани) за реализација на земјоделското производство,
- здруженија специјализирани за некои растителни гранки (овоштари, лозари, градинари и сл.),
- здруженија специјализирани за добиточни гранки,
- здруженија специјализирани за обезбедување на земјоделството со репроматеријал итн.

***Борис Чаловски***
***Стопанска комора на Македонија***

## ОСВРТ НА СПРОВЕДЕНАТА АНКЕТА

Во рефератот на неколку места споменав анкета, врз основа на која можевте да воочите неколку констатации релевантни за темата директни странски инвестиции.

Наколку зборови повеќе, поблиску. Станува збор за анкета кај 25 субјекти мериторни за темата со сопствено искуство, кога станува збор за директни странски инвестиции.

Тие се од повеќе гранки на индустријата, земјоделието и услугите. Според фундаменталните истражувања резултатите од истата се маргинални, недоволно бројни, нерепрезентативни. Но сепак сумираните одговори во истата можат да бидат насочувачки, „репрезентативни" приближно точни и како такви мислам можат да се земат предвид.

Во прилог наведувам збирен примерок од анкетниот лист со поставени единаесет прашања на кои анкетираните фирми одговорија. Се разбира анкетата и резултатите се анонимни со цел да се заштити интегритетот на субјектите што се согласија да одговорат, како и личностите што ги дадоа одговорите.

Сепак, можат да речам дека на нашиов собир присутни се анкетирани фирми и лица кои веројатно ќе ги „препознаат" своите видувања и одговори. Главно одговорите се доближуваат до целосниот број на анкетираните со извесни разлики до комплетниот број. Најпосле, да речам дека анкетата ќе продолжи до задоволителен репрезентативен број на

одговори зад кои ќе може да се каже дека се релевантни и мериторни за извлекување заклучоци.

Малку поблиску. Првото прашање гласи: „Какви технолошки процеси се применуваат во производството и фирмата"? Како одговор добиен е динствен одговор - застарени. Овој единствен и недвосмислен одговор, јасно говори дека опремата, технолошките процеси се целосно застарени и незадоволителни, а следствено на тоа сертификацијата според ИСО стандарди одвај започнува, во споредба на пример во Словенија која по големина територијална, население и други параметри е споредлива со Македонија. Ова сериозно треба да не загрижи и час поскоро треба засилено да најдеме средства, инвестиции, стратешки партнери, состојбите да ги менуваме кон подобро.

На второто прашање дали технолошките процеси битно влијаат врз обемот и квалитетот на производството - еднодушниот одговор од сите анкетирани е: „Уште како влијаат". Овде не е потребен додатен коментар.

Третото прашање е дали производството е стандардизирано според меѓународни стандарди? Одвај 10 отсто од анкетираните одговорија потврдно. Навистина, како мал пазар над 90% од БДП мораме да го извезуваме за да опстоиме. Ако е така како можеме да се надеваме тоа да го оствариме без исполнување на стандардите за квалитет, заправо оние кои се применуваат во ЕУ, САД, СТО. Апсолутно, неопходно е забрзување на овој процес, со мерките за зголемување на производството и договорите за слободна трговија и пристапување на земјата кон Светската трговска организација.

Интересен е одговорот на прашањето дали планираат да ги унапредат технолошките процеси? Само 18 одговори велат задолжително, а има и одречни одговори.

Во следните одговори јасно е, искажано дека развојот го планираат со користење на кредити, пред се за увоз на опрема, при што очекуваат зголемување на производството, квалитетот, пласман на домашниот пазар и извоз.

Забележливо е дека одвај две фирми планираат развој со сопствени средства што е речиси исклучок во постојнава ситуација. Едната од нив е фирма од прехранбениот сектор, која се повеќе се ориентира кон странскиот пазар, кон сертификација на производите, како и кон целосно искористување на постојниот капацитет.

Интересни се одговорите за очекуваното зголемување на производството по инвестициите кое би изнесувало 15-30%.

## СИНТЕНИЗИРАНИ ОДГОВОРИ НА АНКЕТАТА КОЈА ЈА ПОПОЛНИЈА 25 СТОПАНСКИ СУБЈЕКТИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА НАУЧНИОТ СОБИР „СТРАНСКИОТ КАПИТАЛ ВО ФУНКЦИЈА НА ТЕХНОЛОШКИОТ РАЗВОЈ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“

| Прашање | Одговор | Одговор |
|---|---|---|
| Какви технолошки процеси се применуваат во производството во фирмата? | а) застарени<br>б) средни<br>в) нови | 25 застарени |
| Дали технолошките процеси битно влијаат врз обемот на производството? | а) да<br>б) неутрално<br>в) не | 25 да влијаат |
| Дали производството е стандизирано според меѓународните стандарди? | а) да<br>б) делимично<br>в) не | 3 да<br>22 не |
| Дали предвидувате да ги унапредите технолошките процеси? | а) да<br>б) делимично<br>в) не | 18 задолжително<br>Останатите се под а и б |
| Во која насока предвидувате да ги унапредите технолошките процеси? | а) освојување на меѓународни стандарди и зголемување на извозот<br>б) зголемување на производството и пласман на домашниот пазар | а) 12<br>б) 13 |
| Покрај сопствените средства на кој начин предвидувате да ги обезбедите потребните инвестиции? | а) со кродистење на странски кредити<br>б) со унапрдување на соработката со странски партнери<br>в) со домашни кредити<br>г) сопствено учество | а) 15<br>б) 5<br>в) 3<br>г) 2 |
| Странскиот капитал за кои намени го предвидувате? | а) за увоз на опрема<br>б) за набавка на домашна опрема<br>в) за градежни работи | а) 24<br>б) 4 |
| Со унапредување на технолошките процеси кои ефекти ги очекувате? | а) зголемување на производството и извозот<br>б) зголемување на производството и пласманот на домашниот пазар | а) 18<br>б) 7 |
| Ако ги унапредите технолошките процеси за колку би можеле да го зголемите годишното производство? | а) за 15%<br>б) за 30%<br>в) за 50% | а) 17<br>б) 5<br>в) 3 |
| Каква поддршка барате за унапредување на технолошките процеси? | а) поволни кредити од странство<br>б) повлни домашни кредити<br>в) поволни услови за странски директни инвестиции<br>г) други - директно задолжување кај странските банки | Сите опции |
| Кој се грижи за унапредувањето на технолошките процеси во фирмата | а) развојно одделение<br>б) користење на услуги од други фирми<br>в) менаџерскиот тим | 3 фирми сите опции<br>18 фирми услуги од други и менаџерски тим |

Ќе завршам со укажувањето дека со оваа дискусија и приложените одговори на спроведената анкета сакам да дообјаснам некои оценки презентирани во изготвениот реферат, а и во изложеното во претпладневната сесија на овој научен собир.

*Д-р Братислав Милошевиќ*
*АД „Е М О“ Охрид*

# СТРАНСКИТЕ ИНВЕСТИЦИИ - ПОВОЛЕН МЕХАНИЗАМ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕХНОЛОШКИОТ РАЗВОЈ

„Гума за спасување“ во денешни услови на стопанисување, при преминување од општествена сопственост во приватна, е токму трансфер на знаењето и новите технологии и нивното имплементирање во стопанството на Република Македонија. Очигледно, дека карактерот на општествено-производните односи, какви што денес Република Македонија ги изградува претставуваат мошне полезен терен за трансфер на научно-техничкиот прогрес, кој врши силно влијание врз динамиката на економскиот развој. Меѓутоа, можностите за трансфер на научно-техничкиот прогрес се во зависност од институционалната регулатива, монетарно кредитната политика особено фискалната политика и политиката на државата спрема трансферот на научно-техничкиот прогрес. Трансферот на научно-техничкиот прогрес во изминатиот период многу скромно се одвиваше, поради неповолните политички и безбедносни состојби во регионот, а подоцна и во земјата.

Во секој случај брзиот излез од технолошката заостанатост на земјите во развој единствено е можно по пат на трансфер на технологијата. Со оглед на извонредната комплексност на проблемот за избор на знаењето и новите технологии и посебно со оглед на долгорочните ефекти што правилниот или несоодветниот избор го има врз економскиот развој, земјата мора во оваа чувствителна и суптилна сфера на економскиот живот

да настапува со голема претпазливост и нагласена студиозност. Со други зборови, се наложува како објективна нужност и потребата од сестрано оценување на ефективноста на идните производствени капацитети, а во тој контекст и оценување на општествено-економската оправданост на избраното знаење и новата технологија. Актуелноста за проучување на трансферот на научно-техничкиот прогрес во земјите во развој произлегува и од потребата да се согледа вистинското место на техниката и воопшто на научно-техничката револуција во сегашните современи текови на општествениот развој. Времето во кое живееме е време на брз научен и технички прогрес во кое техниката се вовлече во сите клетки на општественото битие.

Во меѓународната деловна соработка, еден од специфичните механизми којшто е во функција на трансфер на знаењето и новите технологии е ***форфертингот***, како можност за финансирање на увоз на опрема или пак изведување на инвестициони работи со одложување на плаќање од една до неколку години. Основната намена на овој облик на финансирање на знаењето и новите технологии од страна на субјектот во деловните контакти - испорачателот, кога се работи за продажба на неговите производи, по основ на комерцијален - стоков кредит, но не располага со сопствени финансиски средства за финансирање на комерцијалниот кредит, се манифестира во составување на договор со банката за форфертирање.

Основната карактеристика на оваа деловна активност се согледува во тоа што банката (форфертер), го презема од својот комитент побарувањето што тој го има кон купувачот, врши цесија - цедира со преносот и инструментите за наплата на побарувањата со рокот на довтасување коешто е договорено со купувачот (меница, акредитив и др.). Банката ја презема цесијата на побарувања и ја исплатува номиналната вредност на продавачот - производител, како на свој комитент, со одбиток на есконтната камата, провизијата и издатоците произлезени од ова деловна активност, при што банката се обврзува дека го презема и ризикот за наплата на цедираните побарувања, впрочем нема да бара регресирање на ненаплатените побарувања од продавачот - производителот.

Од друга страна на купувачот му се укажува шансата за да се здобие со поволен облик на кредитирање на потребата од странска нова технологија. Во секој случај лиферантот на новата технологија ја составува понудата, формира цена со земање во предвид дека зделката е преку форфертинг аранжман, во цената неодминливо се вградуваат, есконтната камата, провизијата и останатите трошоци кои ѝ се признаваат на банката, но купувачот ја респектира понудената цена, знаејќи ги дополнителните трошоци, дека во неа се вградени дури и поволности од овој аранжман што ги добива.

Главни учесници во процесот на форфетирање бездруго се: извозник (производител-продавач), увозник и банката којашто го презема односното побарување. Меѓутоа, покрај претходно споменатите учесници во овој процес од деловната соработка редовно учествува и банка од земја на увозникот, со нејзина помош се изведува оваа финансиско-деловна трансакција.

Во текот на извршување на оваа финансиско-деловна трансакција, помеѓу погоре споменатите учесници се засновуваат повеќеструки правни и финансиско-банкарски односи, со тоа што секој од нив произведува сопствено правно дејствие само помеѓу непосредните учесници. Така на пример, извозникот е во непосреден правен однос со купувачот по основ на купо-продажниот договор, односно по основ на договорот за изведба на инвестициони активности во странство или по основ на некој друг договор со трајно извршување на престацијата (обврските). Потоа, странскиот извозник е во правен однос со својата банка (форфетерот) врз основа на склучениот договор за форфетинг и, на крај, домашниот купувач е исто така во непосреден правен однос со банката која по негов налог ги извршува банкарските работи во врска со форфетирањето.

Странските инвестиции се еден од столбовите врз кои требаше да се потпира процесот на транзиција на македонската економија. Меѓутоа, споменатиот транзиционен период се испостави како недопустиво долг период. Денес може да се констатира дека основниот-технолошки капацитет е книговодствено отпишан преку 85%, располагаме со застарена производна технолошка опрема.

Мора да се констатира дека во Република Македонија на *форфетингот*, како **поволен** извор на финансирање на технолошкиот развој на претпријатијата, и на останатите потенцијални деловни креации во практиката (лизинг, франшизата, факторингот и др.) не им е посветено задоволително внимание.

***М-р Сеадин Џафери***
***Агенција за иселеништво***

# СТРАНСКИОТ КАПИТАЛ КАКО ФАКТОР ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПРОИЗВОДСТВОТО И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ТЕХНОЛОШКИОТ РАЗВОЈ

Брзите промени во светот ги менуваат и поттикнувачките сили за странски капитал. Додека главните традиционални фактори што влијаат на насочувањето на странскиот капитал по локации - големи пазари, располагање со природни ресурси и пристап до ниско платена неквалификувана или полуквалификувана работна сила - и понатаму се во важност, нивната важност се намалува, особено за најдинамичните индустриски гранки и функции. Со намалувањето на трговските бариери и проширувањето на регионалните врски, важноста (значајноста) на бројни национални пазари исто така се намалува. Учеството на примарните индустриски гранки се намалува во однос на индустриската активност, а и природните ресурси сами по себе во бројни земји имаат помала улога во привлекувањето на странски капитал. Улогата на евтина, работна сила е слична: дури и трудоинтензивните активности треба да бидат комбинирани со нови технологии и современи знаења и искуства. Всушност, на лоцирањето на средствата на транснационалните претпријатија (ТНП) поголемо влијание имаат три фактори: либерализацијата на економските политики, техничкиот напредок и правецот на развој на стратегиите на претпријатијата.

Промените во економските политики на различни земји имаат големо влијание врз изборот на локација за инвестициите. Либерализацијата на трговијата и инвестициите им овозможува на транснационалните ком-

пании поголема специјализација и потрага по конкурентни локации. ТНП имаат поголема слобода при изборот на локациите и на функциите што ги пренесуваат таму. Помеѓу 1991 и 2000 година, направени се вкупно 1.185 законски промени во националните режими во областа на СДИ, од кои 1.121 (односно 95%) се во насока на создавање на подобри услови за СДИ. Само во текот на 2000 година 69 земји имаат направено 150 измени во легислативата, а од нив 147 (или 98%) се поповолни за странските инвеститори.

Техничкиот напредок има повеќекратно влијание врз географскиот распоред на странскиот капитал. Брзите иновации обезбедуваат предности што ги поттикнуваат фирмите производството да го насочуваат во други земји. Така, индустриските гранки со висок степен на примена на иновации имаат тенденција да бидат се повеќе интернационални, а ТНП мораат да бидат поиновативни заради одржување на нивната конкурентност. Иновациите исто така водат кон промена во структурата на трговијата и производството, при што обемот на активности со поголем степен на примена на истражување и развој се зголемуваат побргу отколку активности со помало ниво на примена на нови технологии. Зголемениот технолошки интензитет на производите ја намалува важноста и привлечноста на примарниот сектор и неговите активности за странски капитал, како и на едноставните производствени активности со ниско ниво на технологија, а ја зголемува привлечноста на производствени активности што бараат повисоко ниво на знаења и искуства. Новите информатички и комуникациони технологии ја поттикнуваат и ја зголемуваат конкурентноста, а во истовреме на фирмите им овозможуваат поефикасно да ги управуваат широко дисперзираните активности на меѓународно ниво. Високо-технолошките активности, порано недостапни за земјите во развој, сега можат да бидат извршувани таму поради тоа што трудоинтензивните процеси во рамките на тие активности можат економски да бидат одвоени и да бидат управувани на големи растојанија.

Бројни активности во интегрираните производствени системи се технолошки интензивни и динамични. Нивната локација во земјите во разовој може бргу да го трансформира странскиот капитал и конкурентската околина. Покрај тоа, ширењето на техничките промени значи дека во сите активности на ТНП треба ефективно да се користат новите технологии. Изборот на локацијата треба да се засновува на способноста на земјата домаќин да обезбеди соодветни знаења и искуства, инфраструктура, снабдувачи и институции заради ефикасно функционирање на применетите технолошки решенија, како и потребната флексибилност. Значи, техничкиот напредок се повеќе ги тера фирмите вклучени во меѓународното производство, при опредлелбата за преземање на одредени ак-

тивности да прават разлика помеѓу земјите во кои се создаваат соодветни услови и земјите што истите не ги создаваат.

Управувачките и организационите фактори придонесуваат за додефинирање на условите при определбата на локациите за странски капитал. На локациите треба да има можност да се пренесат покомпетентни задачи и да се примени подобра управувачка хиерархија и поврзување на организационите делови. Поради овие елементи инвестициите се насочуваат кон локации со современи фактори и институции и, ако е тоа важно, кон познати индустриски кластери (гроздови - локации во кои се концентрираат претпријатија заради создадени одредени производствени, развојни, административни, финансиски и останати услови). Новите организациони методи (со едновремена примена на нови комуникациони технологии) овозможуваат поефикасно управување на глобалните операции, при едновремено поттикнување на поголемо пренесување на одделни функции. Интензивната конкуренција ги присилува претпријатијата да се специјализираат во нивните основни деловни активности, терајќи ги ТНП да создаваат надворешни врски (со претпријатија од околината на производствените процеси и погони) на различни места (за извршување на различни дополнителни активности) во синџирот на создавање на нови вредности (од проектирањето и развојот на нови иновативни решенија до маркетингот и одржувањето на опремата и услугите), со што им овозможува на пратечките претпријатија (вклучувајќи и ТНП) да преземат на себе различни функции.

Оттука, промените во географскиот распоред на производствените погони во светот се знак за динамичката интеракција (меѓусебно дејство) на бројни економски и организациони фактори и на фактори под влијание на деловната и економската политика. Со оглед на фактот што многу од овие фактори подолго време имаат своја важност и тежина, нивната комбинација денес ги создава новите елементи што влијаат на определбата за насочување на странски капитал кон одредени земји и локации. Заради успешно носење со глобализацијата и правилно користење на странскиот капитал во корист на земјата домаќин, земјите во развој мораат пред сè да ги осознаат и да ги проучат тие елементи. Со нив се определуваат параметрите, во рамките на кои креаторите на политиките треба да дејствуваат заради привлекување на странски капитал и да извлечат поголема корист на полето на технологијата, новите знаења и квалификации и пристапот до пазарите, поттикнувајќи го воспоставувањето на деловни врски помеѓу претпријатијата и користејќи ги странските средства за добивање на поповолна конкурентска позиција на светските пазари.

*Живко Поповски*
*ЈП „АГРОБЕРЗА" Скопје*

# ТЕХНИЧКО - ТЕХНОЛОШКИОТ РАЗВОЈ ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО - ШАНСА ЗА ПЛАСМАН НА МАКЕДОНСКИТЕ ПРОИЗВОДИ НА СВЕТСКИОТ ПАЗАР

Постојаното унапредување на технологијата и знаењето во производството и пласманот на аграрните производи мора да стане инператив на развојот на агроиндустрискиот комплекс во Република Македонија.

Во стратегијата на развојот на агрокомплексот технологијата треба да биде нејзин конститутивен дел и да се темели врз знаење и со целосно владеење на информатичките технологии што е основа во конкурентската борба на светскиот пазар. Во оваа насока треба што побрзо да се шират сопствените иновации, знаењето и увозните напредни технологии кои ќе придонесат за поголемо, поквалитетно и здраствено исправно производство на земјоделско - прехрамбени производи, при тоа конкуретни и на странските пазари.

Техничко технолошкиот развој на земјоделството е од особено значење за пробивање на овие производи на пазарите во светот. Светските искуства говорат дека најбарани производи на западноевропските и светските пазари се оние производите кои се одликуваат со висок квалитет, производи кои се создадени во еколошки здрава средина, добиени со контролирана употреба на хемиски препарати - ѓубрива и средства за заштита на растенијата, но големо значење има изгледот на производот, дизајнот на пакувањето и можноста да се обезбедат поголеми количини на истиот производ со соодветен квалитет. Производителите и трговците со зем-

јоделски производи мора постојано да ги следат целните пазари, за да можат да одговорат на барањата на купувачите по цена, количина, квалитет и редовност на испорака.

Имајќи го во предвид ова ЈП „Агроберза" во изминатиов период во соработка со Земјоделскиот факултет изработи пилот програми за 13 производи, меѓу кои и за јаболкото, свежото грозје за јадење, јајцата, оризот, печурките, компирот, како и градинарските култури (домати, краставици и пиперки во затворен простор). Во согледувањата за производството и пласманот на овие производи, особено внимание е посветено на технологијата на производството, почнувајќи од изборот на сортите, подготовките на почвата за сеидба и сеидбата, како и за примената на агро-техничките мерки (окопување, заштита од болести и штетници, ѓубрење, наводнување, берба, чување, транспорт и сл.). Во оваа смисла барањата на купувачот, особено кога производот се декларира како еколошки здрав се многу големи. Овде посебно сакам да го нагласам фактот дека купувачот што претендира на еколошки здраво производство, сака да го следи целокупниот процес на создавање на производот во сите фази на неговото одгледување, берба, пакување, транспорт и слично. Со оглед на овие барања нужно се поставува прашањето за обезбедување на поголеми количини на вакви производи со високи стандарди, што ја наметнува потребата од здружување на земјоделските производители и користење на посовремена технологија во производството, преработката и пласманот на земјоделските производи и создавање на собирно – дистрибутивни центри во кои ќе се прифаќа и подготвува производот за пласман на домашниот, европските и светските пазари.

Во оваа смисла ќе ги изнесеме искуствата во технологијата производството и пласманот на компир. Во Република Македонија постојат поволни услови за производство на ран компир, при што во една година можат да се добијат дури и две реколти. За производство на компир постојат поволни почвено климатски услови, особено во гевгелиско, струмичко и валандовско каде според оценките на стручњаците, постојат и услови за производство на меркантилен компир, а во планинските предели има можности и за производство на семенски компир.

Во европската кујна познати се повеќе од 200 јадења со компир во преработена или непреработена форма. Ќе споменеме само некои од преработките од компир (чипс, помфрит, пире, компирово брашно и други). Со оглед на мноштвото производи од компир треба да се направи избор на сорта која ќе одговара на одредено производство. За оваа цел треба да се изберат сорти кои ќе одговараат по квалитетот и големината за соодветното производство. Така, на пример, за чипс компирот во пречник треба да има 40 мм, со содржина на суви материи од 20 – 25 %, со специфична тежина од 1 – 1,1 и со содржина на редуциран шеќер од 0,25 %. За другите

производи од компир овие содржини и параметри се разллични. Според тоа за секој производ треба да се одбере соодветна сорта. Нема универзална сорта која може да биде употребена за сите овие производи.

За да се произведе квалитетен компир потребно е да се направи соодветна подготовка на почвата, да се употреби квалитетен семенски компир, според потребите, да се изврши правилно садење на потребната длабочина.

За негување на посевот потребно е да се врши редовно окопување, нагрнување, прихранување, заштита, сузбивање на плевели и наводнување. Во одгледувањето на компирот посебно внимание треба да се обрне на заштитата од болести и штетници и ѓубрењето со вештачки ѓубрива, што е од посебно значење за да не се дозволи предозирање на пестицидите над дозволените граници, како и да се внимава на каренцата.

По бербата на компирот истиот треба да се доработи по големина и фракции. Постојат три класи: екстра, прва и втора класа. Во екстра класа се распоредуваат клубени кои се физиолошки здрави, изедначени по големина и боја, неоштетени, покожица без набори и без ркулци. Дозволено е до 1 % страни примеси (земја, ркулци) и до 6 % оштетени клубени. Во едно пакување (вреќа) дозволено е до 3 % дијаметар на клубени, поголеми или помали од 5 мм од дозволените. Во прва класа спаѓаат клубени, како и за екстра класа, меѓутоа се дозволува до 8 % оштетени клубени, 2% примеси од други сорти и до 4 %, поголеми клубени од 5 мм од дозволените.

Во зависност од намената и начинот на користење компирот се пакува во посебни опаковки: млад компир во плитки, пластични и картонски кутии со тежина на пакување од: 2,5 кгр, 5 кг ни 10 кг за консумација; за семе се користат паковки од 5, 10, 25 и 50 кг; или римфус за транспорт со посебни средства за таа намена. на секоја вреќа треба да има атест со декларација за квалитетот на семето: сорта, репродукција, големина на семе, производител, година на производство, тежина на секоја опаковка, и друго. Уверението и декларацијата ги издава само овластена институција во земјата.

Во надворешно трговската размена на производи постојат меѓународни норми за контрола на квалитетот на компирот, кои имаат огромно значење и примена, особено во земјите на ЕУ. Во секој случај и нашето производство и стандарди треба и во овој домен да се усогласат со европските стандарди, како и со условите во другите земји каде што се врши пласман на компирот.

И од посочениов, како и од согледувањата за другите производи од аграрниот сектор, произлегува дека технолошкиот развој има пресудно значење.

***Бладимир Блажевски***
***Издавачка кука „Влабор“ Скопје***

# СТРАНСКИ ДИРЕКТНИ ИНВЕСТИЦИИ И НИВНОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ТЕХНОШКИОТ РАЗВОЈ ВО ЗЕМЈИТЕ ВО ТРАНЗИЦИЈА

Странските директни инвестиции преставуваат значаен фактор во процесот на трансформација на земјите во транзиција. Со нив се овозможува зголемено користење на материјалните ресурси, активирање на работната сила и се создаваат услови за растеж на БДП.

СДИ не обезбедуваат само средста за финансирање за нова фабрики и опрема туку и трансфер на технологија и организациони форми од развиените технолошки земји. Носители на технологијата се големите компании кои ги развиваат истражувањата и играат значајна улога во унапредувањето на технологијата.

Директни ефекти можат да бидат во промена на продуктивноста , индустриската структура и др. Трансферот на технологија овозможува подобрување на технологијата во филијалата .

Треба да се прави разлика помеѓу продуктивно и технолошко прелевање. Технолошкото прелевање се случува кога транснационалните компании ја подобруваат технологијата во нивните филијали и на тој начин се распределува на други фирми во домашната економија. Спротивно од ова продуктивното прелевање се случува без трансфер на технологија. Транснационалните компании можат да затворат неефикасни фирми и така се зголемува просечната продуктивност во целата домашна економија.

Доколку земјите во транзиција сакаат да го зголемат приливот на СДИ мора да имаат политичка и макроекономска стабилност, долгорочни развојни перспективи, пазарни и структурни реформи, пристап на пазарот, располагање со квалификувана работна сила, погодна инфраструктура и др.

Во изминатиот период мал дел од земјите во транзиција постигнаа макроекономска стабилност и извршија структурна трансформација. Големата корупција, етничките тензии во земјите во транзиција ги задушуваат економските реформи и приливот на СДИ. Негативно влијание има и географската непогодност: големото растојание од главните светски пазари, непристапноста на морските пристаништа, слабата инфраструктура, лимитирачки можности на пазарен растеж и др.

*Табела 1*

**ПРИЛИВ НА СДИ ВО ЗЕМЈИТЕ ВО ТРАНЗИЦИЈА**

*- милиони долари*

| | 1995 | 1996 | 1997 | 1998 | 1999 | 2000 | 2001 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Албанија | 70 | 90 | 48 | 45 | 41 | 143 | 207 |
| БиХ | 0 | 0 | 0 | 100 | 90 | 150 | 130 |
| Бугарија | 90 | 109 | 505 | 537 | 819 | 1.002 | 694 |
| Хрватска | 114 | 511 | 533 | 932 | 1.479 | 1.115 | 1.447 |
| Чешка | 2.562 | 1.428 | 1.300 | 3.718 | 6.324 | 4.986 | 4.916 |
| Унгарија | 4.454 | 2.275 | 2.173 | 2.036 | 1.970 | 1.649 | 2.443 |
| Полска | 1.132 | 2768 | 3.077 | 5.130 | 6.474 | 8.293 | 6.995 |
| Романија | 419 | 263 | 1.215 | 2.031 | 1.041 | 1.037 | 1.157 |
| Словачка | 308 | 353 | 220 | 684 | 390 | 1.925 | 1.475 |
| Словенија | 151 | 174 | 334 | 216 | 107 | 136 | 503 |
| Македонија | 9 | 11 | 16 | 118 | 32 | 176 | 443 |
| С Р Југославија | | 0 | 740 | 113 | 112 | 25 | 165 |

*Извор: Economic Survey of Europe 2002 No.2 стр.177*

СДИ генерално беа забранети во периодот на централно планирање. Само Унгарија, Полска и Романија дозволија влез на СДИ и тоа преку заеднички вложувања иако износите беа мали. Поранешната СФРЈ која имаше комбинирана економија прими скромни СДИ.

Земјите кои привлекуваат поголем износ на СДИ генерално имаат подобра економска основа со макроекономската и политичката стабилност и имаат погодни развојни перспективи. Тие земји имаат добра инфраструктура, квалитетна работна сила, добра локација, природни богатства. Овие неколку земји се избрани за кандидати за ЕУ (Чешка, Унгарија,

Полска, Словенија и Естонија ) Над 60 % од СДИ се насочени во овие земји[1)].

Земјите во транзиција во Централна Европа ( Чешка, Унгарија, Полска и Словачка) во изминатиот период постигнаа значајни резултати во технолошкото преструктуирање на економијата со зголемено домашно штедење и користење на значаен обем на странски капитал кој се формира по основ на СДИ. Како резултат на ова овие земји во изминатиот период од транзиција ги подигнаа технолошките процеси на повисоко ниво, го прилагодија производството според барањата на странските пазари и за 2 до 3 пати го зголемија извозот.

*Графикон 1*




*Извор: Economic survey of Europe 2002 No.2 стр.177*

За разлика од земјите од Централна Европа, земјите од Југоисточна Европа во изминатиот период не успеаја да привлечат поголем обем на СДИ, поради забавените реформи, неадекватната инфраструктура, нестабилноста на регионот и ризичноста за вложувањата. Во вакви услови овие земји, не успеаја да ги унапредат технолошките процеси поради што извозот многу бавно се зголемува и како последица на тоа остварија низок БДП.

1) Види: *Economic survey of Europe 2002 No.2 стр.188*

*Графикон 2*

**СДИ ВО НЕКОИ ЗЕМЈИ ОД ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА**




*Иввор: Economic survey of Europe 2002 No.2 стр.177*

За разлика од напредните земји во транзиција Република Македонија доста заостанува во поглед на застапеноста на СДИ во економијата. Поради ниското ниво на домашно штедење Република Македонија мора да користи дополнителна акумулација од странство. Ова акумулација од странство треба да има развојна компонента преку СДИ.Со тоа не се зголемува задолженоста на земјата, а ќе се забрза развојот преку кориСтење на современа технологија.

*Графикон 3*

**СДИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**




*Иввор: Economic survey of Europe 2002 No.2 стр.177*

Во 2001 година се оствари значаен обем на СДИ преку продажбата на Телеком. Меѓутоа според сознанијата овие средства не се употребени за унапредување на технолошките процеси.

СДИ се насочени во примарното производство и во трговијата што не допринесува за унапредување на технолошките процеси и остварување на финални производи согласно меѓународните стандарди. Според ова се оценува дека очекуваните ефектите од СДИ врз подигање на технолошките процеси во економијата на Република Македонија изостанаа.

***Проф. д-р Кики Мангова Пoњавиќ***
***Здружение за одржлив развој Скопје***

# СОЗДАВАЊЕ НА УСЛОВИ ЗА ВГРАДУВАЊЕ НА СТАДАРДИТЕ ЗА КВАЛИТЕТ

Во врска со темите и нивното презентирање на денешниов научен собир ни се наметнуваат низа прашања за размислување и за дискусија. Ќе се задржаме накусо на неколку проблеми -прашања и тоа:

Се ми се чини дека постојано го апострофираме и актуализираме прашањето на странскиот капитал (без разлика на тоа во кој облик и да е) во функција на технолошкиот и воопшто на економскиот развој на Р. Македонија. И до кога така? Дали не е крајно време наместо странски капитал (не го исклучуваме туку сакаме да ја актуализираме и потенцираме потребата за активирање на домашниот финансиски потенцијал) и задолжување на сегашните и идните генерации, да се запрашаат компетентните и да создадат општ комплетен амбиент за активирање на домашниот финансиски потенцијал во интерес на идните генерции-наместо во велелепни недвижности и во странски банки -во домашните институции во регуларните финансиски токови. Не само проекти за стратегии (од секоја влада или пак владини или невладини а и странски асоцијации) туку нивно доградување и преземање на конкретни мерки со рокови за извршување, а и санкционирање на неодговорно и противправно дејствување и одземање на противправно стекната имотна корист.

Дали продажба по секоја цена на сè и сешто имајќи на ум дека странскиот капитал не доаѓа од алтруизам, туку само и исклучиво за висок профит и преку тоа за остварување на „повисоки“ цели. Какви парадок-

си. Од една страна Р. Македонија на листата на високо ризични земји, а од друга странски капитал главно влезе во високо профитни сектори.

Какви се ефектите од досегашните странски инвестиции? Едноставен пример Телеком-продажба не на златна, туку на платинеста кокошка. Колку, што доби државата од странскиот кпитал во Телеком? Какви се благодетите за населението што влезе странски капитал во Телеком? Дали при продажбата се цени она што најтешко се проценува, а во Р. Македонија можеби најмалку се цени -goodvill.? Какви се ефектите од продажбата на Стопанска банка а.д. Скопје за македонското стопанство и за населението воопшто. Кој е во добивка од сето тоа?

Владата е должна пред граѓаните да даде извештај каде, колку и за каква намена се искористени средствата од продажбата на Телеком, а и други средства од странско потекло. Но не само извештај, туку и иницијатива со предлог за санкционирање на злоупотребите за докрај да се расчистат работите. Посебно и заради одредените привилегии што странскиот капитал ги има во РМ. Од друга страна пак неминовно е потребно да им се пружи заштита на оние кои со години работеле и заработиле во странство и сакаат или пак отпочнале одредени (компликувани)процедури за пласирање на тие средства во Македонија за да не се случи спротивното, наместо во развојни цели, во родниот крај да ги користат само парите за џепарлак.

Во односите со странство постојано се наметнува прашањето за зголемување на извозот, за девизен прилив и за подобрување на покриеноста на увозот со извозот. Во врска со тоа мора да се потсетиме дека на пазарите во земјите на ЕУ по 1992 г. може да се пласира стока која задоволува одредени услови -критериуми по системот на квалитет по стандардите ISO 9000. Во суштина новиот концепт на квалитет на ЕУ содржи три основни димензии и тоа: пазарна, деловна (ефикасно работење со минимум трошоци) и квалитет на живот (заштита на здравјато и околината, безбедност на лугето и штедење на природните ресурси).Тоа е во рамки на тенденцијата за вршење на интензивна интеграција на квалитетот во системот на управување на компаниите. Зошто го спомнавме извозот и ISO стандард 9000. Затоа што еден од референтите даде некои споредбени податоци за Р. Македонија и Р. Словенија. Овие две држави навистина имаат нешто по што може да се споредуваат (пр. големина на територија и население), но она што е тема на нашиот собир-технолошкиот и економскиот развој и се што оди со нив ги става овие две држави на две различни нивоа. Помеѓу останатото Р. Македонија има висок дефицит во односите со Р. Словенија. Денес Р. Македонија има 50-60 фирми со цертификат ISO 9000, а Р. Словенија преку 800 фирми со таков цертификат. Во таа смисла само да споменеме дека кон крајот на 1996 г. премиерот д-р Јанез Дрновшек

ја промовира политиката за квалитет на органите на управата на Р. Словенија, а во 1997 г. веќе беа стекнати околу 300 цертификати за квалитет од страна на фирми од различни дејности.

Дали и кога во РМ акедонија ќе отпочне процедура за ISO стандард 9000 во државната управа и не само таму, туку и во други нестопански дејности (образование, култура, наука, социјална заштита и др.)? Се чини дека намерните пропусти ни се секојдневие затоа што сите ќе треба да не стави во рамката на правилата за однесување што постојано треба да се трудиме да ја подобруваме. Со оглед на тоа што утврдувањето на стандардите како пишани правила е врзано со факторот време и исполнување на низа претпоставки, најмалку што може да се стори во таа насока е почитувањето на вообичаените правила -правилата на еснафот во сите сфери на дејности.

Извозот и девизниот прилив ни се постојано приоритет (барем декларативно). Во врска со тоа се наметнува прашањето што е со извозот без девизен прилив на една долгорочна инвестиција која не може да оди во стечај и ликвидација - се извезува без комплицирана процедура (со уреден пасош и виза и евентуална апликација) за која нема статистички податоци, а има долгорочни ефекти и резултати за развој на странски економии. Тоа е извозот на нашите умови. Ова посебно со оглед на изменетиот редослед на производните фактори наместо труд, капитал и знаење, сега знаење, капитал и труд-високостручното и специјализирано знаење претставува основен ресурс за брз прием и примена на нови технолошки иновации. За разлика од тоа при продажба на некој спортист (главно фудбалери -ова само како позитивен пример) од еден во друг клуб од една во друга земја клубот наплатува висока цена.

Дали не е крајно време да се свртиме и кон она што е компаративна предност на РМакедонија (културно историско наследство) извоз и девизен прилив без преминување на државните граници услуги во туризмот. Каква ни е финансиската и другата инфраструктура за остварување на таков извоз во прилог на технолошкиот и економскиот развој на Р. Македонија? Каде сме со туристичката понуда и се она што ја следи?

На крајот, само преку горенаведените неколку напомени, се како да се сведува на создавање услови за вградување на стандардите за квалитет во сите сфери на дејности. Со оглед на тоа што не постои горен праг (ова посебно со континуираниот техничко-технолошки развој), тоа значи континуиран стремеж за вградување и почитување на трите горенаведени основни димензии и тоа: пазарна, деловна и квалитет на живот во сите сфери на дејности и односи.

*Ѓуро Лака*
*ПП „Лик“ – Скопје*

# ПОДДРШКА НА ПРИВАТНИТЕ ФИРМИ

Од уводното излагање на претставникот на Министерството за економија и од презентираните реферати може да се заклучи дека целта на советувањето е учеството на странскиот капитал во економското заживување и побрзиот развој на Република Македонија. Се сложувам дека е нужно да се почне со понова технологија во индустриски капацитети затоа што постојната која сега ја имаме е застарена, а со тоа и не економична. Но, во овој транзиционен период многу индустриски капацитети или се затворија целосно или делумно, а вработените ги прогласија за технолошки вишок па така имаме ситуација многу инженери, техничари, мајстори и останати оспособени и остручени за извршување сложени работи да бидат дел од сивата економија, односно нивната стручност да се девалвира и обезвредни. И тука настанува проблемот. Ако се сложиме дека ни е потребна нова технологија во индустријата тогаш прво треба да почнеме со обука на луѓето кои ќе работат со таа нова технологија.

Во однос на странскиот капитал мислам дека тој треба да е со поволни банкарски камати односно максимум 8% на годишно ниво со вклучено банкарско осигурување и профит и со подолг грејс период и се разбира сигурно ефектуирање во реализацијата. Исто така би се сложил со некои дискутанти дека во Република Македонија има приватен капитал во форма на штедни влогови и средства што се чуваат за жал дома, а кои не се ставени во функција на економскиот развој. За менување на оваа реалност државата треба да помогне во пласманот на производството.

Во врска со донесување на законите за либерализација и влегувањето во СТО, внимателно ги следев дискусиите на претставниците на ОХИС-Скопје и Индустријата за млеко од Битола при што кажаа за позитивните резултати од нивното работење, но исто така искажаа и страв дека со оваа либерализација тие нема да бидат конкурентни со цените на домашниот и надворешниот пазар. Сакам да кажам дека тие како успешни фирми досега требало повеќе да ги следат светските процеси на глобализација и да издвојуваат повеќе средства за развој и репродукција. На пример Млекарницата требаше да ги помага кооперантите со дел од опрема, а со цел добивање поевтин и поквалитетен производ, а не да се однесува монополистички како што се однесуваше досега. Но исто така и државата треба да се вклучи со субвенции при откупот, поседно кај млекопроизводителите од руралните подрачја.

На крај да кажам дека е добро што и во оваа прилика е даден осврт на улогата на малите и средни претпријатија кои треба да се потикнат и помогнат и кои исто така би можеле да ангажираат во моментот повеќе работници од категоријата технолошки вишок. Моето мислење е дека државата би требало да ги помогне овие претпријатија со по 5000 евра за нивен старт, бидејќи неоспорно е дека тие се нашиот развој и опстанок. Значи нужно е да им се даде шанса на млади и образовани кадри со овој гратис од државата да отпочнат со производство, особено кога станува збор за рурални подрачја. Во овој контекс беше и излагањето на д-р Зарезанкова-Потевска во врска со добиените резултати по одделни проекти од областа на туризмот и екологијата во Општина Делчево.

***Андон Чобанов***
***АД „ Млекара“ Битола***

# КРАТОК ОСВРТ НА ТЕХНОЛОШКИОТ РАЗВОЈ НА АД „ МЛЕКАРА“ БИТОЛА

Млекарата од Битола до 1994 година беше една од повеќето комунални млекари кои егзистираа во Република Македонија. Со скромната производствена програма од неколку производи (пастеризирано млеко, јогурт, кисело млеко, бело сирење и кашкавал) ги задоволуваше потребите на регионот. Инсталираниот капацитет од 50 илјди литри дневно преработка на малеко не се користеше целосно. Со депресираните цени на сточарските производи не постоеше интерес за развој на млеко производството. Напротив, фармите во општествениот сектор како носители на големи загуби се одржуваааа како нужно зло во комбинатите.

Со отпочнувањето на транзицијата во деведесеттите години Млекарата се одвои од Комбинатот „Пелагонија“ и се регистерира како акционерско друштво во мешовита сопственост. Сите 84 вработени станаа акционери со сразмерно учеството во капиталот спрема издвојувањата и уплатените придонеси од платите. Целосната приватизација е завршена со докуп на капиталот од страна на менаџерскиот тим многу брзо по усвојувањето на Законот за приватизација.

По преземањето на управувањето предложенена е оптимистичка, но реална развојна програма. Во неа се предвидени значајни инвестиции во проширување на производството, нова технолошка постапка и најсовремени технички решенија. Посебно внимание е посветено на зголему-

вањето на млекопроизводството и подобрувањето на квалитетот на готовите производи.

Предвидено е секоја година да се инвестира по 3 милиони германски марки за поддршка на приоритетни развојни програми. Основна заложба на сите беше „секој ден барем по една прачка да се става во фабруката."

Тоа беше период кога во државата не постоеше клима за инвестирање и економската криза се продлабочуваше. Во Битола и Републиката беа присутни голем број на стечајни постапки. Во вакви услови менаџерскиот тим на Млекарата наметна агресивна развојна политика со радикални зафати и квалитативни промени во структурата на производството.

Во тоа време во Македониа се чуствуваше голем недостаток на млеко. Пред распаѓање на поранешна СФР Југославија потребите од млеко во најголем дел се покриваа од СР Србија и другите републики. Се увезуваше само стеризирано млеко годишно дури 15 милиони литри од кои 11 милиони литри од СР Словенија.

Со инсталирањето на линии за производство на ултракратко стеризирано млеко се овозможи производство на трајни производи. Тоа беше прва и единствена линија во Македонија со која се овозможи целосна супституција на ваков вид производи кои дотогаш исклучиво се увезуваа. Само за една година од пуштањето во работа на новата линија за околу 90% се намали увозот на ваков вид на млеко. Квалитетот на домашното млеко беше подобар, а цените беа значајно пониски од увозните цени на млекото. Зголемената преработка на млеко создаде услови за брз развој на млекопроизводството, се појави голем интерес за увоз на крави. Многу стечајчи и отпуштени работници почнаа да одгледуваат крави. Производството на млеко од година на година се зголемуваше. До 1994 година беа откупени 16 милиони литри кравјо млеко, а во 1997 година 27 милиони литри. Се пристапи кон целосна промена на пакувањето на свежите производи. Се купија две линии за пакување на пастеризирано млеко и јогурт во картонска амбалажа. Полиетиленската амбалажа постепено се исфрли од употреба. Со ова се создаваа многу подобри хигиенски услови, а пакувањето е попрактични и порационално. Производите добија поголема трајност. Асортиманот на млечните производи значајно се зголеми. Линијата за производство на стеризирани производи дава можност и за производство на производи од овошен сок. Се купи уште еден блок на машини за пакување со капацитет од 5000 литри на час и се отпочна со производство на сокови во комплексна картонска амбалажа.

Во почетокот на деведесеттите години во Република Македонија се трошеше околу 2 литри по жител природни овошни сокови кои во главно се увезуваа од Словенија, како и од Србија.

Со отпочнувањето на домашното производство на почетокот со џус од портокал, а потоа со постепено зголемување на асортиманот од девет видови природни сокови потрошувачката на сокови во Македонија се зголеми. Во 2000 година производството на АД „Млекара" Битола изнесуваше 12 милиони литри.

Квалитетот како на млечните производи така и на соковите постојано се потврдува, се добиваат домашни и меѓународни награди. Се воведува системот ИСО 9001.

Согледувањата покажуваат дека во изминатиот период се оствари брз и динамичен технолошки развој. Преработката на млеко во 2000 година достигна 43 милиони литри, во 2001 година 46 милиони литри, а во 2002 година 50 милиони литри. Зголемувањето на производството веќе не може да го апсорбира домашниот пазар. Се јавуваат и вишоци на млеко. На ова покрај зголеменото сопственото домашно производство влијае неконтролираниот увоз на млечни производи. При вакви состојби се актуелизираа повеќе проблеми. Се чуствува отсуство на точни билансни можности и потреби за производство на млеко и млечни производи.

Во 2001 година залихите на готови производи значително се зголемени. Немањето на долгорочна стратегија за развој на сточарското производство, односно на млекопроизводството и млекопреработката создава клима на безперпективност. Решавањето на залихите со палијативни решенија со делење на К15 за буџетарите само момнетално ги одложува комплексните проблеми продолжувајќи ја агонијата на состојбите со вишокот на млеко.

Сето оваа силно се рефлектира на натамошниот развој на Млеката-та.

Млекатницата од Битоал откупува преку 70% од вкупните пазарни вишоци во Република Македонија. Практично целокупната проблематика со производството и преработката на млеко во Македонија единствено е врзано со оваа млекара.

Се поставува прашањето што понатаму?

Оваа година отпочна изградба на нова голема сирењара, инвестиција вредна околу од 5 до 6 милиони ЕУР со инсталиран капацитет за преработка на 150 тони млеко дневно. Овој капацитет се очекува да ги ублажи проблемите со вишокот на млеко, а со линијата за полутврди сирења ќе се супституира дел од увозот на овој вид на сирење.

Друга можност за надминување на проблемот со вишокот на млеко е изградба на фабрика за сушење на млеко. Со ова би се решил проблемот од сезонските вишоци на млеко. Покрај ова преработувајќи 10-15 милиони литри млеко целосно би се супституирал увоз од 1.200-1.500 тони

годишно млеко во прав, колку се увезува годишно во Македонија. Меѓутоа, производството на млеко во прав нема економско оправдјување. Тоа би било како нужна потреба за прифакање на вишоците на млеко. Таквото производство мора да биде поддржано финансиски од државата со цел да се овозможи опстанок на говедарството.

Според наште истражувања извозот е голем предизвик, а и единствено право решение за обезбедување на натамошен развој на Млекарата. Ние сме единствена млекара од сите млекари во поранешна Југославија која има извозен број за сите земји и посебно за земјите од Европсакта унија. Единствен проблем кој не создадава простор за поголем изоз на млечни производи е ценовната неконкурентност. Високата цена на суровото млеко е единствената пречка за рамноправна борба со странската конкуренција. Меѓутоа, тоа е посебна приказан која не враќа на сложенирте и неповолни состојби во сточарството. Затоа е неопходно да се изготви и реализира национална долгорочна стратегија. Нема земја во соседството, па и пошироко во Европската унија која на одреден начин не го субвенционира сопственото млекопроизводство со што се придонесува за намлување на трошоците на работењето и постигнување на поповолна цена на млекото и на преработките од млеко.

Во вакви состојби се наметнува прашањето како понатаму со технолошкиот развој. За разлика од многу други компании, каде првенствено проблемите во развојот се од финансиска природа, Млекарата во најголема мера своите развојни програми ги реализира со сопствени средства. Таа досега успено работи.

Нашите согледувања покажуваат дека можно решение за натамошен развој на Млекарата е изнаоѓање на странски стратешки партнер. Со ова покрај подигањето на технолошките процеси би се решиле проблемите на пазарот. Сврзно со овие размислувања постојат повеќе отворени прашања за кои треба да се бараат решенија. За овие отворени прашања треба да се бараат одговори и да се создаваат услови да се утврдат правците на натамошниот развој на Млекарата во колку се сака досегашниот позитивен тренд во развојот не само да се задржи туку и да се интензивира.

*Д-р Борис Блажевски*
*Министерство за финансии*

# ПРЕДЛОЗИ ЗА ЗАКЛУЧНИТЕ СОГЛЕДУВАЊА ВРЗ ОСНОВА НА ДИСКУСИЈАТА

Според мојата евиденција листата на пријавени дискутанти е исцрпена. Како што може да видам дополнително никој не се јавува за дискусија. Можам да констатирам дека денешната тема на расправа предизвика интерес и голем број на дискутанти. Во дискусијата учествуваа петнаесетина дискутанти, а одреден број на колеги најавија дека своите дискусии ќе ги приложат. Јас нема да ја резимирам дискусијата туку во оваа прилика сакам да коментирам некои укажувања кое ги нагласија повеќе дискутанти и сврзано со тоа ќе предложам текст за заклучните согледување и препораки кои ќе ги усвоиме на крајот од работата на научниов собир.

Неколку дискутанти укажаа дека домашниот капитал трба да има доминатно место во инвестициите и технолошкиот развој на националната економија. При ова беше укажано на можните извори на домашни заштеди и потребните механизми за нивно активитање.

Ова укажување целосно го подржувам. Меѓутоа, со оглед на ниското ниво на развиеност и сепак, ограничените средства од домашни извори, како и непходноста од поинтензивен економски развој ја наметнуваат потребата Република Македонија да користи странски капитал како по основ на кредити и заеми, така и преку други форми, пред сè СДИ.

При ова странскиот капитал треба да има дополнителен карактер и да биде насочен за подршка на технолошкиот развој и динамизирање на извозот. Во спротивно странскиот капитал може да има неповоно вли-

јание врз развојот што впрочем покажа и нашето искуство во седумдесетите, односно осумдесеттите години.

Поради ова целта на овој научен собир е да укаже на потребата од користење на странски капитал како дополнителна акумулација во развојот и тој да биде во фунција на унапредување на технолошките процеси и за преструктуирање на производството согласно барањата на надворешните пазари. Ова се нагласува затоа што во изминатиот транзиционен период Република Македонија користеше странски акпитал по сите основи, но тој беше насочен за надминување на проблемите во платниот биланс, спроведување на реформите, за изградба на инфраструктурни објекти и слично, а во многу мал дел за поддршка на технолошкиот развој и преструктуирање на производството со цел зголемување на извозот.

Врз основа на дискусиите предлагам во заклучните согледувања и препораки да се нагласи дека за развојот на Република Македонија покрај искористувањето на сите рсположиви домашни извори на средства за развој треба да се прават напори за влез на странски капитал и тој, врз програмски основи, првенствено да биде насочен за поддршка на технолошките процеси и преструктуирање на производството наменето за извоз. Овој текст го напишам, и во интерес на времето, ќе го прочитам.

Имајќи ги предвид сите ограничувања но, и потенцијали на развојот, технолошката политика на Република Македонија мора да се остварува како комбинација на:

- странските инвестиции и домашната акумулација;
- увозот на технологија и јакнењето на домашната инвестициона, производствена и иновативна способност на индустријата;
- увозот на знаење и развојот на способностите на домашните претпријатија и институции.

При ова во политиката на технолошки развој приоритет треба да се даде на технолошката ревитализација-ефикасно користење на расположивите потенцијали, потоа на технолошката модернизација-коплексно прилагодување на нови технолошки промени и на технолошката интензификација- глобално реструктуирање и интеграција во современи технолошки процеси.

Согледувањата укажуваат дека Република Македонија, објективно гледано, оваа деценија нема можности да го потпира развојот врз високи технологии. Отаму се смета дека прифатлива стратегија е комбинација на:

- Остварување и развој на такви технологии кои ќе овозможат брзо прилагодување на производството спрема критериумите на стандардите кои се применуваат во развиените економии. Тоа се тех-

нологии од современ тип, но од пониско и средно ниво кои заедно со способноста и умешноста на технолошките тимови ќе го подигнат техничко-технолошкото ниво на технолошките процеси.

- Следење на напредни технологии на специјални подрачја. Тоа се технологии со високо ниво, кои се генерираат во развиените земји, а кај нас нивното следење се обезбедува со подршка на селектирани проекти.

Се сметаат дека за Република Македонија е најприфатлива стратегија која е комбинација на увозно и сопствено знаење на технологијата. Тоа со други зборови е мешана стратегија со елементи на стратегија на овладување на напредни технологии и на стратегија на технолошки следбеник. Реализација на оваа стратегија треба да создаде услови за перспективен премин кон стратегија на технолошки динамизам.

# ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

**од научниот собир „Странскиот капитал во функција на технонолошкиот развој на Република Македонија“**

1.Учесниците на научниот собир оценуваат дека технолошкото назадување кое се остварува во Република Македонија во последниве две децении е основен лимитирачки фактор за создавање на услови за растеж на извозот и бруто домашниот производ. Причина за ова се сложените состојби и проблеми во еконоијата, забавеното заокружување и операционализирање на реформите, а особено малиот обем на инвестициите и нивната неповолна структура, односно дезинвестирањето во оделни сектори.

Поради ниското ниво на развиеност и малото домашно штедење, Република Македонија е упатена да користи странски капитал за поддршка на инвестициите и развојот. Сранскиот капитал во најголем дел се користи за надминување на проблемите во платниот биланс, за спроведување на реформите, за инфраструктурни инвестиции, а во помал дел за поддршка на технолошкиот развој, односно на извозно ориентирано производство.

Во вакви услови над 80% од производството се остварува со примена на застарени технолошки процеси, мала е застапеноста на производите стандардизирани според барањата на странските пазари, ниска е конкурентската способност на националната економија. Поради ова и во услови кога пазарот заначајно е проширен со склучување на договори за слободна трговија со земјите во регионот и пошироко извозот од Репуб-

лика Македонија стагнита и се намалува. Покрај ова високата застапеност на лон работите, како и на суровините и репроматеријалита извозната структура ја прават анемична и непропулзивна.

Учеството на извозот во БДП во изминатиот транзиционен период се одржува на околу една третина што илустриура ниско ниво и не претставува, како што се очекува, моторна сила за растеж на БДП. Во вакви услови кога домашниот пазар е мал и на него е присутна се поголема конкуренција, фирмите се принудени да го намалуваат и напуштаат производството.

Поради ова БДП кој денес го остварува македонската економија е за околу 20% помал во однос на 1989 година, последна релативно стабилна година пред отпочнувањето на процесот на транцицијата. Индустриското проиозводство во овој период е преполовено.

Учесниите на научниот собир оценуваат дека технолошкиот равој претставува најефикасен инструмент за мобилизација на материјалните ресурси, работната сила и знаењето за зголемување на производството и подобрување на животниот стандард на населението на трајни основи. Поради ова постојаното унапредување на технологијата и знаењето мора да стане основен императив на развојот на Република Македонија.

Услови за технолошки развој ќе се создаваат со ефикасно функционирање на економскиот систем, а пред се со растеж на инвестициите. Истражувањата сврзани со развојот на Република Македонија на среден и долг рок укажуваат дека е неопходно да се создаваат услови и претпоставки за остварување на стапка на инвестирање од 23 до 24%. (Учество на инвестициите во основни фондови во БДП). За остварување на потребната стапка на инвестициите, покрај домашните извори на средства, се позначајно место треба да има странскиот капитал. Истражувањата покажуваат дека Република Македонија би можела просечно годишно да користи, под одредени претпоставки, 200 до 300 милиони долари странски кредити и 100 до 150 милиони долари директни инвестиции. При ова странскиот капитал треба да се остварува врз програмски пристап, односно во најголем дел да биде во фунција на нови структурни промени врз основа на развој на информатички интензивни и технолошко интензивни производи.

Учесниците на научниот собир сметаат дека од тоа колку, и како, државата ќе го поддржува унапредувањето на технологијата и колку, и како, микросубјектите ќе ги практицираат технолошките избори во рамките на нивните пазарни стратегии, ќе зависи остварувањето на целите на економскиот и општествениот развој.

Имајќи ги предвид сите ограничувања но, и потенцијали на развојот, технолошката политика на Република Македонија мора да се остварува како комбинација на :

- странските инвестиции и домашната акумулација;
- увозот на технологија и јакнењето на домашната инвестициона, производствена и иновативна способност на индустријата;
- увозот на знаење и развојот на способностите на домашните претпријатија и институции.

Учесниците на научниот собир оценуваат дека во политиката на технолошки развој приоритет треба да се даде на технолошката ревитализација-ефикасно користење на расположивите потенцијали, потоа на технолошката модернизација-коплексно прилагодување на нови технолошки промени и на технолошката интензификација- глобално реструктуирање и интеграција во современи технолошки процеси.

Согледувањата укажуваат дека Република Македонија, објективно гледано, оваа деценија нема можности да го потпира развојот врз високи технологии. Отаму се смета дека прифатлива стратегија е комбинација на:

- Остварување и развој на такви технологии кои ќе овозможат брзо прилагодување на производството спрема критериумите на стандардите кои се применуваат во развиените економии. Тоа се технологии од современ тип, но од пониско и средно ниво кои заедно со способноста и умешноста на технолошките тимови ќе го подигнат техничко-технолошкото ниво на технолошките процеси.
- Следење на напредни технологии на специјални подрачја. Тоа се технологии со високо ниво, кои се генерираат во развиените земји, а кај нас нивното следење се обезбедува со подршка на селектирани проекти.

Учесниците на научниот собир сметаат дека за Република Македонија е најприфатлива стратегија која е комбинација на увозно и сопствено знаење на технологијата. Тоа со други зборови е мешана стратегија со елементи на стратегија на овладување на напредни технологии и на стратегија на технолошки следбеник. Реализација на оваа стратегија треба да создаде услови за перспективен премин кон стратегија на технолошки динамизам.

Се цени дека основни правци на технолошко структурните промени треба да бидат насочени кон технолошка интензивност, извозна ориентираност, поголема финализација на производството, намалување на високата суровинска и енергетска интензивност, дизерфикација на стопанската

структура, развој на нови сектори во иновативните сектори, освојување на меѓународните стандарди и слично.

Техничко структурните промени ќе се остваруваа врз повеќе критеријални обележја во пазарни услови на стопанисување.

Учесниците на научниот собир сметаат дека треба да се создаваат поволни инфраструктурни услови и други претпоставки за успешен трансфер и развој на технологијата во земјата. Во овие рамки значајно место имаат центрите за трансфер на технологија, развојот на форми на партнерство на малите и средните претпријатија со користење на лиценци, франшизинг договори, лизинги, унапредување на истражувачко-развојната дејност како носители на технолошкиот развој и слично.

2. За унапредување на технолошките процеси учесниците на научниот собир сметаат дека се неопходни синхронизирани активности на носителите на макроекономсакта и на развојната политика, како и на деловните субјекти.

Меките на макроеконмската и на развојнат политика треба да бидат насочени кон фунционирањето на пазарната економија, намалување на давачките на економските субјекти кон државата, поттикнување на процесот на преструктуирање на производството, унапредување на соработката со странство и слично.

Напорите на деловните субјекти теба да бидат насочени кои реализација на програми со кои се воведуваа нови технолошки линии, зголемува конкурентската, унапредува соработката со странски фирми и слично.

Со оглед на коплексноста на прашањата поврзани со унапредувањето на технолошкиот равој учесниците на научниот собир отценуваат дека треба да се интензивираат напорите за што побрзо изготвување и донесување на национална стратегија за технолошки развој и нејзина опрезциоализација со мерките на макроекономската политика и други мерки и програми на владата и надлежните министерства. Ова е неопходно бидејќи само со синхронизирана активности ќе се создаваат услови за поголемо користење на странски капитал во функција на унапредување на технолошките процизи и врз таа основа создавање на услови за растеж на БДП и за успешна транформација на Република Македонија од земја во транзиција во држава со модерна економија интегрирана во светските финансиски и трговски текови.

# ЛИТЕРАТУРА

1 Андонова д-р Соња, Технолошкиот развој-императив за зголемување на извозот и производството, труд содржан во зборникот „Извозните можности на Република Македонија во услови на членство во Светската трговска организација“, ЗОР, Скопје, 2002

2 Блажевски д-р Борис, Странскиот капитал во развојот на Република Македонија, „Марида“ Куманово, Скопје,1999 година

3 Блажевски д-р Борис, Погледи кон производственото преструктуирање на економијата на Република Македонија , „Влабор“, Скопје, 2002 год.

4 Поповска проф. д-р Златка, Политика на технолошкиот развој, Економски факултет Скопје, 2000

5 Зарезанкова-Потевска д-р Марија, Перспективите на малото стопанство,“Неол“ , Скопје, 2000

6 Група автори: Малите претпријатија во развојот на стопанството на Република Македонија, Универзитет „Св.Кирил и Методиј“-Скопје, Економски институт-Скопје, 2002

7 Европска банка за обнова и развој, Профил на Македонија за инвестиции

8 Michael J. Lennon, Патоказ за трансфер на технологија

9 John Bessant, Технолошкиот трансфер во Европа

10 Gary W. Matkin, Технолошкиот трансфер и универзитетите

11 Frederick M. Abbott, David J. Gerber, Јавните принципи и глобална технолошка интеграција

12 ГТЗ-Проект за трансфер на технологија, Основи на политиката на технолошки развој на Република Македонија (нацрт верзија), Скопје 2002 год.

13 Здружение за одржлив развој-Скопје, Производственото преструктуирање на економијата на Република Македонија , збирка на реферати и дискусии од научен собир, Скопје, 2002 год.

14 Здружение за одржлив развој - Скопје, Извозните можности на Република Македонија во услови на членство во Светската трговска организација, збирка на реферати и дискусии од советување, Скопје, 2002 год.

15 Народна банка на Република Македонија , Извештаи за странски инвестиции во Република Македонија

16 МАНУ-Национална стратегија за економскиот развој на Република Македонија, Скопје,1997 година

17 МАНУ, Стратегија за извоз на Република Македонија , Скопје, 1999 год.

18 Меѓународен монетарен фонд, Извештаи за странските директни инвестиции во Република Македонија

19 Манев Михајло, Извозното преструктуирање на производството е од императивно значење, труд содржан во зборникот „Извозните можности на Република Македонија во услови на членство во Светската трговска организација", ЗОР, Скопје, 2002

20 Michael Fairbanks & Stace Lindsay, Plowing the Sea,Nurturing the Hidden Sources of Growth in the Developing World, forefword by Michael E. Porter, Harvard Business School Press, Boston,1997

21 European Commission: An industrial competitivness policy for the European Union, Bulletin of the EU,supplement 3//94

22 Конзорциум за Европски и применети општествени студии-Скопје, Стратегија на Република Македонија за вклучување во Европските интеграциони процеси (економски и социјален дел)-претходни резултати-,Скопје, април 2000,

23 Center for Economic Development,Tehnology Development Policy in Bulgaria,2001

24 United Nations Conference on Trade and Development, World Invesment Report 2002, New York and Geneva, 2002

25 Универзитет „Св. Кирил и Методиј"-Економски факултет Скопје, Економски аспекти на управување со квалитетот, зборник на трудови од меѓународна конференција, Скопје, 2000 год.

26 Economic Commission for Europe, Economic Survey of Europe, 2002, United Nations, New York and Geneva, 2002

27 International Monetary Fund, World Economic Outlook, Washington, May 1998,

28 Шукарев д-р Мирољуб, Знаењето во фунција на капиталот, Скопје, 1991

29 Несторовски проф. д-р Методија, Економика на инвестициите, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Економски факултет Скопје, 2000 год.

30 Несторовски проф. д-р Методија, Одразот на воведувањето на ДДВ врз инвестициите, Економски институт, Скопје, 1999

31 Фити проф. д-р Таки, Технолошкиот неокапитализам, НИО „Студенски збор", Скопје, 1984 год.

32 Фити проф. д-р Таки, Транснационалните компании и извозот на капитал, „Комунист", Скопје, 1989 год.

33 Ekonomska politika Beograd, Madjarska i strane investicije, br. 2649, 27 januar 2003

Веб страни :

34 www.oecd.org

35 www.cordis.lu

36 http://www.agit.de/English/index.html

37 http://www.dtic.mil/techtransit/business/int.html

38 http://ttc.stankin.ru/TTCeng.html

39 http://www.ctt.hr/

40 http://www.httc.gr/

## КРАТЕНКИ

**БДП** .................. Бруто домашен производ
**НБРМ** ................ Народна банка на Република Македонија
**СДИ** .................. Странски директни инвестиции
**МАНУ** ............... Македонска академија на науките и уметностите
**ГАТТ** ................. Општ договор за царини и трговија
**ГАТС** ................. Општа спогодба за трговија  со услуги
**СТО** ................... Светска трговска организација
**ИР** ...................... Истражувања и развој
**НИР** ................... Научни истражувања и развој
**ИТТ** .................... Институција за трансфер на технологија
**МСП** .................. Мали и средни претпријатија
**ИТ** ...................... Институција за трансфер
**ЦТТ** .................... Центар за трансфер на технологија
**СГ/РМ** ................ Статистички годишник на Република Македонија
**ОЕЦД** ................ Организација за економса соработка и развој
**ЕУ** ...................... Европска унија
**УНКТАД** .......... Конференција на Обединетите нации за трговија и равој
**АД** ...................... Акционерско друштво
**ЈИЕ** .................... Југоисточна Европа
**ИФАД** ............... Програма за развој на земјоделството

**ММФ** .................. Меѓународен монетарен фонд
**ТНТ** .................... Транснационални компании
**ЈП** ....................... Јавно претпријатие
**ЗОР** .................... Здружение за одржлив развој
**СМТК** ................ Стандарди на меѓународната трговска класификација

# ИНФОРМАЦИИ ОД ЗОР

**Здружение за одржлив развој**
**Скопје, 20 март 2003 год.**

## ИЗВЕШТАЈ ОД ВТОРАТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА ЗОР

Втората редовна седница на Собранието на Здружението за одржлив развој се одржа во Скопје, во салата на Министерството за економија, на ден 20 март 2003 година, со следниов дневен ред:

1. Избор на тричлено работно претседателство, записничар и двајца заверувачи на записникот;
2. Извештај за работата на ЗОР во 2002 година;
3. Извештај за материјално-финансиското работење на ЗОР во 2002 година;
4. Програма за работа на ЗОР во 2003 година;
5. Разно.

Во работното претседателство беа избрани проф. д-р Александар Петроски, д-р Борис Блажевски и м-р Љерка Тот-Наумовска, за записничар Милица Блажевска, а за заверувачи на записникот д-р Марија Зарезанкова- Потевска и проф. д-р Шабан Шеху.

По втората точка од дневниот ред д-р Борис Блажевски, секретар на ЗОР, даде образложение на Извештај за работата на ЗОР во 2002 година, кој предходно беше доставен заедно со поканата за седницата.

Во оваа прилика д-р Блажевски укажа дека ЗОР во 2002 година оствари значајни активности од кои ги издвои одржувањето на пет научни собири на кои се разменети мислења за актуелни и значајни прашања од развојот на македонската економија.

Покај ова ЗОР во 2002 година објави два зборника на реферати и дискусии од одржаните научни собири, изготви проект финсиран од СЕЕД, оствари соработка со владини, како и невладини домашни и меѓународни организации, учествување на саемот на невладини организации.

Во дискусијата зедоа учество тројца членови на ЗОР кои целосно го поддржаа извештајот за активностите на ЗОР во 2002 година и укажаа дека тие се обврска и реална претпоставка за поинтензивно ангажирање во 2003 година.

По дискусијата Извештајот беше едногласно усвоен.

2. По третата точка од дневниот ред образложение за финасискотоработење на ЗОР во 2002 година даде проф д-р Александар Петроски, претседател на ЗОР.

Во оваа прилика беше нагласено дека за матријално-финскиското работење на ЗОР, Комисијата на ЗОР надлежна за овие прашања, изготви посебен извештај кој е позитивен. Проф д-р Петроски предложи да се поддржи предлогот на Комисијата која предлага вишокот од приходите над расходите да се намени за покривање на трошоците за изготвување на завршната сметка.Овој предлог беше поддржан.

Извештајот за материјално - финасиско работење на ЗОР во 2002 година беше едногласно усвоен.

3. По четвртата точка од дневниот ред образложение даде Владимир Блажевски, член на Извршниот одбор. При ова тој укажа дека во 2003 година ЗОР ќе биде ангажиран во одржувањето на повеќе научни собири, потоа во унапредувањето на соработката со домашни и меѓународни организации, ќе конкурира за изработка на одделни проекти и ќе се остварува други активности согласнио барањата на спонзорите и конкурсните услови.

Во дискусијата беше побарано да се вклучат две теми за научните собири и тоа: Локалниот економски развој во Република Македонија и Големите системи во Република Македонија. Исто така во дискусијата беше побарано за активностите да се предвиди роковник.

Во врска со овие предлози д-р Борис Блажевски укажа дека предложените теми се прифатливи и дека треба да се вклучат во програмата. При ова тој нагласи дека независно од ова, во Програмата е содржана определба дека во 2003 година ќе се одржуваат научни собири или други форми на активност на кои ќе се разменат мислења за прашања сврзани со одржливиот развој согласно барањата на спонзорите. Според тоа, иако некои теми не се содржани во програмата, тие може да се реализираат доколку се изнајде спонзор.

Што се однесува за роковникот д-р Блажевски рече дека во оваа фаза е многу тешко тоа да се направи бидејќи предвидените активности содржани во програмата за работа во 2003 година се условени од изнаоѓање на спонзори.

Со ова укажувања програмата за работа на ЗОР за 2003 година беше прифатена.

Под точка разно немаше дискусија. Со ова дневниот ред беше исцрпен и втората седница на Собранието на ЗОР заврши.

**Здружение за одржлив развој**
**Скопје, 20 март 2002 година**

## ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ЗДРУЖЕНИЕТО ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ ЗА 2002 ГОДИНА

## I. ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА ЗДРУЖЕНИЕТО ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ

1. Здружението за одржлив развој е формирано во средината на 2001 година. Основачи се: проф. д-р Александар Петроски, проф. д-р Благоја Наневски, д-р Борис Блажевски, проф. д-р Весна Стојанова, проф. д-р Дејан Пендев, проф. д-р Јорде Јакимовски, проф. д-р Агис Шајноски и проф. д-р Благоја Брајановски. Активностите во 2001 година беа дадени на регистрирање, формирање на телата на Здружението, зголемување на членството и воспоставување на соработка со невладини и владини организации.

Здружението има Собрание кое брои 50 члена.

Извршниот одбор го сочинуваат:

(1.) Проф. д-р Александар Петроски, претседател

(2.) Д-р Борис Блажевски, секретар

(3.) Проф. д-р Благоја Наневски, член

(4.) Проф. д-р Весна Стојанова, член

(5.) Проф. д-р Дејан Пендев, член

(6.) Проф. д-р Јорде Јакимовски, член

(7.) Проф. д-р Агис Шајноски, член

(8.) Проф. д-р Благоја Брајановски, член

(9.) Владимир Блажевски, благајник

Здружението има надзорен одбор кој го сочинуваат:

(1.) Проф. д-р Благоја Наневски, претседател

(2.) Проф. д-р Благоја Брајановски, член

(3.) Проф. д-р Дејан Пендев, член

Адресата на Здружението е Скопје
„Владимир Комаров“ 18 А1 -22, тел. 463 119, 460-920,
E-mail: vlabor@unet.com.mk,
а жиро сметка 300000000730931 Комерцијална банка Скопје,
ЕДБ 4030001415973.

## II ОСТВАРЕНИ АКТИВНОСТИ ВО 2002 ГОДИНА

Здружението за одржлив развој во 2002 година оствари пет научни собири, ја прошири соработката со владини и невладини институции, издаде две книги, изготви еден проект, учествување на саемот на невладини организации и реализира други активности.

1. Здружението организира четири научни собири и едно советување и тоа:

(1) Производственото преструктуирање на економијата на Република Македонија (научен собир).

Координатор: д-р Борис Блажевски

Соорганизатори: Фондација „Фридрих Еберт„ Канцеларија Скопје и Министерството за економија

На научниот собир беа презентирани осум реферати изготвени од универзитетски професори, експерти од надлежните министерства, како и од деловните субјекти, учествуваа дваесетина дискутанти и беа усвоени заклучоци и препораки.

ЗОР рефератите и дискусиите ги издаде во посебен зборник.

(2.) Здружувањето како форма на самовработување и намалување на сиромаштијата ( научен собир).

Координатор: проф д-р Благоја Наневски

Соорганизатори: Здружение на занаетчиите и на други организации на Скопје и Фондација „Фридрих Еберт“ Канцеларија Скопје

На научниот собир беа презентирани пет реферати, оствари дискусија во која учествуваа десетина дискутанти и усвоија заклучни согледувања и препораки за натамошни активности.

Рефератите и дискусиите се очекува да ги издаде Фондација „Фридрих Еберт„ Канцеларија Скопје.

(3) Надминување на социоекономската ексклузија на граѓаните на Република Македонија (научен собир).

Координатор: проф. д-р Јорде Јакимовски

Соорганизатор: Фондација „Фридрих Еберт„ Канцеларија Скопје

На собирот беа презентирани пет реферати, учествуваа десетина дикусии и на крајот се усвоја заклучоци и препораки.

Рефератите и дискусиите се очекува да ги издаде Фондација „Фридрих Еберт„ Канцеларија Скопје.

(4) Перспективите на стопанскиот развој на Република Македонија (научен собир).

Координатор: проф. д-р Александар Петроски

Соорганизатор: Фондација „Фридрих Еберт„ Канцеларија Скопје

На собирот се презентираа пет реферати изготвени од експерти од науката, оствари богата дискусија и донесоа заклучоци и препораки за осварување на одржлив развој на економијата на Република Македонија во наредниот период.

Рефератите и дискусиите се очекува да ги издаде Фондација „Фридрих Еберт„ Канцеларија Скопје.

(5) Извозните можности на Република Македонија во услови на членство во Светската трговска организација ( советување).

Координатор: д-р Борис Блажевски

Соорганизатори: Министерство за економија и

ГТЗ-Проект за трансфер на технологија

На советувањето беа презентирани девет реферати изготвени од универзитетски професори, експерти од належните министерства, домашни и меѓународни институции, како и од бизнис заедницата. По презентацијата на рефератите се оствари дискусија во која учествуваа дваесетмина дискутати, а на крајот се усвоија заклучоци и препораки за натамошни активности со цел поуспешно прилагодување на националната економија во услови на членство во СТО.

ЗОР рефератите и дискусиите од советувањето ги издаде во посебен зборник.

2. За остварување на активностите во 2002 година ЗОР оствари плодна соработка со невладини домашни и странски институции, со министерства и други организации.

Во овие рамки за одбележување е корисната соработката со Фондацијата „Фридрих Еберт" Канцеларија Скопје, ГТЗ-Проект за трансфер за технологија и Министерството за економија.

Во 2002 година се остварени контакти за соработка и со други владини и невладини институции чии ефекти треба да се очекуваат во наредниот период.

3. Во 2002 година Здружението ги издаде следниве книги:

(1) „Производственото преструктуирање на економијата на Република Македонија"

(Зборник на реферати и дискусии од научен собир)

(2) „Извозните можности на Република Македонија во услови на членство во Светската трговска организација"

(Зборник на реферати и дискусии од советување)

4. Здружението беше ангажиран во изготвување на проектот „Сондажа за состојбите на претприемаштвото во Република Македонија„ финсиран од SEED (Southeast Europe Enterprise Development).

Координатор на проектот е проф. д-р Дејан Пендев.

Во врска со изготвувањето на проектот беше спроведена анкета, извршени интервјуа со успешни бизнисмени, применета посебна методологија за обработка на анкетата и интервјуата, согледано преструктуирање на економијата на малите бизниси во Република Македонија. Врз овие основи е подготвен финалниот извештај на проектот. Тој е прифатен од SEED.

Извештајот укажува дека претприемаштвото во Република Македонија се наоѓа во почетна фаза на развој. Поради ова се предлагаат мерки и активности во насока да се влијае на свеста на секој граѓанин дека се повеќе треба да учествува во преземање на бизнис активности и дека треба да се превзема и ризици со оглед на ситуацијата во земјата.

5. ЗОР учествување и на саемот на невладини организазии кој се одржа во Скопје во октомври 2002 година. За саемот беа изготвени плакати и флаери кои се делеа на поситеелите. Исто така на саемот беа презентирани нашите изданија од научните собири, како и програмата за работа во 2003 година.

Претседателот и секретарот на ЗОР за време на саемот остварија контакти со преставници на повеќе невладини организации со цел размена на искуства и унапредување на соработката, а учествуваа во одделни работилници, кои се одржуваа за време на саемските денови, во врска со оделни прашања од активностите на невладините организации.

## III МАТРЕИЈАЛНО-ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ ВО 2002 ГОДИНА

За активностите во 2002 година ЗОР оствари вкупни расходи од 955.744 денари. Овие средства се обезбедени од спонзори. Финансиското работење е без профит што е во согласност со статутарните опредлби на Здружението како граѓанска организација. (За финасиското работење изготвен е посебен извештај од Комисијата за материјално финансиско работење кој е составен дел на Извештајот за работа на ЗОР во 2002 година).

## ЗДРУЖЕНИЕТО ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ СКОПЈЕ

# ИЗВЕШТАЈ

## ЗА МАТЕРИЈАЛНО- ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ -СКОПЈЕ ЗА 2002 ГОДИНА

1. Комисијата за материјално-финансиско работење (во состав: проф. д-р Благоја Наневски, претседател и проф. д-р Дејан Пендев и проф. д-р Благоја Брајановски, членови) на ден 06.02.2003 година ја разгледа документацијата за материјално финансиското работење на ЗОР за 2002 година. Врз основа на остварениот увид и расположливата документација комисијата констатира:

(1) ЗОР во 2002 година оствари вкупен приход од **955.744,00** денари.

Овој приход е остварен за 3 научни собири и за проект.

*Табела 1*

**ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ВО 2002 ГОДИНА**

| | спонзор | износ |
|---|---|---|
| | ВКУПНО | 955.744,00 |
| 1. | Производствено преструктуирање на економијата на Република Македонија (научен собир) | 165.000,00 |
| | - Министерство за економија | 110.000,00 |
| | - Усје- Скопје | 15.000,00 |
| | - Охридска банка | 10.000,00 |
| | - Фонд за животна средина | 30.000,00 |
| 2. | Претприемништво во Република Македонија(проект) | 316.532,00 |
| | - СЕЕД | 316.532,00 |
| 3. | Извозните можности на Република Македонија во услови на членство во СТО (советување) | 345.000,00 |
| | - Министерство за економија | 295.000,00 |
| | - ГТЗ – проект за трансфер на технологија | 50.000,00 |
| 4. | Странскиот капитал во функција на технолошкиот развој на Република Македонија (научен собир) | 125.500,00 |
| | - Министерство за економија | 125.500,00 |
| 5. | Комерцијална банка- камата | 3.712,00 |

(2) ЗОР во 2002 година оствари вкупен расход од **952.456,00** денари.

Овие расходи се направени за остварување на 3 научни собири и проект.

(3) Салдото од вкупните приходи и расходи е **3.288, 00** денари.

*Табела 2*

**ОСТВАРЕНИ РАСХОДИ ВО 2002 ГОДИНА**

| | | |
|---|---|---|
| | ВКУПНО | 952.456,00 |
| 1. | Производствено преструктуирање на економијата на Република Македонија ( научен собир) | 156.852,00 |
| | - надоместок по договор за дело | 13.600,00 |
| | - авторски хонорари | 36.075,00 |
| | - печатење на книга | 100.000,00 |
| | - персонален данок | 5.325,00 |
| | - данок на финансиски трансакции и провизии | 1.852,00 |
| 2. | Претприемништво во Република Македонија(проект) | 300.745,00 |
| | - авторски хонорари | 275.145,00 |
| | - персонален данок | 22.311,00 |
| | - данок на финансиски трансакции и провизии | 3.289,00 |
| 3. | Извозните можности на Република Македонија во услови на членство во СТО ( советување) | 294.215,00 |
| | - авторски хонорари | 110.000,00 |
| | - персонален данок | 8.910,00 |
| | - материјални трошоци | 22.000,00 |
| | - компјутерска обработка на рефератите | 15.000,00 |
| | -печатење на книга | 135.000,00 |
| | - данок на финансиски трансакции и провизии | 3.305,00 |
| 4. | Странскиот капитал во функција на технолошкиот развој на Република Македонија (научен собир) | 124.765,00 |
| | - авторски хонорари | 100.000,00 |
| | - персонален данок | 8.100,00 |
| | - материјални трошоци | 15.000,00 |
| | - данок на финансиски трансакции и провизии | 1.665,00 |
| 5. | ЗОР | 75.879,00 |
| | - надоместоци за дежурство на саем | 6.000,00 |
| | - персонален данок | 1.060,00 |

Комисијата предлага овие средства да се наменат за изработка на завршната сметка.

(4) За сите приходи и расходи комисијата констатирала дека се располага со аналитички прегледи и соодветна документација.

(5) Комисијата констатирала дека сите промени во жиро сметката книговодствено се обработени и навремено е направена завршената сметка и истата во предвидениот термин е доставен до надлежните институции.

2. Собранието на ЗОР на седницата одржана на 20 март 2003 година го усвои извештајот на Комисијата за материјано-финансиското работење во 2002 година. При ова беше поддржан предлогот на Комисиајта вишокот на приходите над расходите да се намени за покривање на трошоците поврзани со изготвување на завршната сметка на Здружението за 2002 година.

**Здружение за одржлив развој**
**Скопје, 20 март 2003 год.**

## ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЗДРУЖЕНИЕТО ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ ЗА 2003 ГОДИНА

**I. Научни собири, односно советувања:**

1. Странскиот капитал во фунција на технолошкиот развој на Република Македонија;
2. Конкурентската способност на економијата на Република Македонија;
3. Големите претпријатија во индустријата на Република Македонија
4. Локалниот економски развој на Република Македонија
5. Развојните перспективи на индустријата на Република Македонија;
6. Макроекономската и развојната политика во транзициониот период на Република Македонија;
7. Други теми од одржливиот развој согласно барањата на спонзорите.

**II. Изготвување на проекти:**

Проекти од одржливиот развој согласно барањата на спонзорите и одобрените по основ на конкурси.

**III. Издавачка дејност:**

Објавување на зборници од научните собири, односно советувања како и други публикации по прашања од одржливиот развој согласно барањата на спонзорите.

**IV. Унапредувања на соработката**

ЗОР ќе се ангажира за унапредување на соработката со невладини и владини организации за прашања од доменот на одржливиот развој и остварувањае на други активности согласно програмските определби на Здружението.

**Здружение за одржлив развој**
**Скопје, мај 2003 год.**

## ОСТВАРЕНИ АКТИВНОСТИ ВО ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ - МАЈ 2003 ГОДИНА

**I. Одржани научни собири:**

1. Странскиот капитал во функција на технолошкиот развој на Република Македонија

   Координатор: д-р Борис Блажевски

   Соорганизатори: Министерството за економија, Фондацијата „Фридрих Еберт„- Канцеларија Скопје, ГТЗ -Проект за трансфер на технологија и Македонско-германско стопанско здружение

2. Конкурентноста на економијата на Република Македонија

   Координатор: д-р Борис Блажевски

   Соорганизатори: Министерството за економија и Фондацијата „Фридрих Еберт„- Канцеларија Скопје

**II. Издавачка дејност**

1. Странскиот капитал во функција на технолошкиот развој на Република Македонија (зборник на реферати и дискусии од научен собир).

## ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ СКОПЈЕ

невладина и непрофитна организација

„Владимир Комаров“ 18 А1 -22, тел. 463 119, 460-920,
E-mail: vlabor@unet.com.mk

**Основни цели:**

Придонес за одржлив развој кој е економски ефикасен, социјално праведен и прифатлив за животната средина.

**Форми на дејствување:**

Одржување на научни собири, изготвување на проекти, унапредување на сораборка со домашни и странски организации, издавачка дејност и дуги активности.

**Членови:**

Граѓани на Република Македонија кои ги прифаќаат основните цели на Здружението и сакаат да дадт придонес во нивното остварување.